СНЕЖАНА ВЕЛКОВА СОЊА ЈОВАНОВСКА

# МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК

## ЗА VII ОДДЕЛЕНИЕ

**за основно образование**

СКОПЈЕ, 2020

**Издавач**: МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И
НАУКА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ул. Св. Кирил и Методиј бр. 54

**Рецензенти:** Благица Петковска - претседател
Славица Мирчевска - член
Стојка Даскаловска - член

Со Решение на Министерот за образование и наука на Република Македонија број 10-1590/1 од 19. 06. 2009 година, се одобрува употребата на овој учебник.

## *Почитувани ученици,*

*Пред вас е Учебник кој е изработен според новата Наставна програма и според современите педагошки барања.Ова е работен учебник кој ќе ви овозможи самостојно и творечко учење, индивидуални и групни истражувања, учење во парови и групи, работа по нивоа и по сопствен избор, проблемски задачи, барања во кои ќе кажувате ваши мислења и заклучоци. Текстовите, јазичните и литературните катчиња, задачите, разговорите, дополнувањата на знаењата, како и сè она што ќе го откривате, повторувате и согледувате, ќе ви овозможи да ги применувате знаењата и самостојно да творите. Учебникот го замисливме како едно од наставните средства кое ќе ви овозможи полесно совладување на содржините предвидени да ги совладате во ова одделение.*

*Во Учебникот се застапени содржини од четири наставни подрачја: Литература, Јазик, Изразување и творење и Медиумска култура.*

*Ве уверуваме дека учењето на јазикот не е тешко и може да ви биде интересно. Првичните знаења за јазикот сте ги научиле дома, но знаењата треба постојано да ги збогатувате. За тоа ви се потребни волја, интерес, желба и многу, многу ЉУБОВ за јазикот. И тогаш ќе ви биде полесно да го освоите светот на јазикот и литературата.*

*Потрудете се Учебникот да ви биде другар и пријател кој ќе ви помогне да нурнете подлабоко во освојувањето на новите знаења.*

*Посакуваме Учебникот да ви помогне во постигнувањето успех во новата учебна година.*

***Од авторите***

***„Македонскиот јазик треба да биде строен и изразит, да биде вистински белег на македонската нација, зашто преку литературниот јазик се закрепнува најздраво свеста за припадност кон нацијата. Македонскиот литературен јазик треба***
***да биде навистина м а к е д о н с к и."***

*(Блаже Конески)*

# ЛИТЕРАТУРА

*„Во нашите народни говори  и во усната литература ќе се најдат не само зборови врзани за конкретни предмети , туку и зборови што можат многу арно да се издигнат до значењето на научни термини.“*

*(Блаже Конески)*

- БЕЛЕЗИ НА АВТОРСКАТА И НА НАРОДНАТА ПОЕЗИЈА
- КЛАСИФИКАЦИЈА НА ЛИРСКИТЕ ПЕСНИ СПОРЕД МОТИВИТЕ
  - *ПОИМ ЗА МОТИВ*
- ВИЗУЕЛНИ И АУДИТИВНИ ЕЛЕМЕНТИ ВО ПЕСНИТЕ
- КОМПОЗИЦИЈА НА ПЕСНА
  - *ВИДОВИ СТРОФИ*
  - *РИМА*
  - *ВИДОВИ РИМИ СПОРЕД АКЦЕНТОТ*
- СТИЛСКИ ФИГУРИ
  - *ОНОМАТОПЕЈА*
  - *КОМПАРАЦИЈА* (споредба)
  - *МЕТАФОРА*
- ЕЛЕМЕНТИ НА ПРОЗЕН ТЕКСТ
  - *ФАБУЛА*
  - *ТЕМА*
  - *ИДЕЈА*
- ФОРМИ НА РАСКАЖУВАЊЕ
  - *РАСКАЖУВАЧ (НАРАТОР)*
- НАРОДНА ПРОЗА
  - *МИТ*
  - *ЛЕГЕНДИ И ПРЕДАНИЈА*
- ОСНОВНИ ДРАМСКИ ВИДОВИ
  - *КОМЕДИЈА*
  - *ТРАГЕДИЈА*
  - *СОВРЕМЕНА ДРАМА*
- РАДИОДРАМА
  - *РАДИОДРАМА ЗА ДЕЦА*

# БЕЛЕЗИ НА АВТОРСКАТА И НА НАРОДНАТА ПОЕЗИЈА

## ❐ *Размислете!*

● Прочитајте ги песните и обрнете внимание кој ги напишал и во кое лице се употребени глаголите.

### *НА ТАТКОВИНАТА*

*Миле АНГЕЛОВСКИ*

Овие реки и планини, овие житородни полиња мои
– го носат името на земјата што од срце ја љубам.
Ова сино небо, ова сонце бело со преливи на бои
– би сакал вечно да ги имам и денот ќе е убав.

Нема стебло, нема лисја, нема ветер, нема лоза бела
– твоето име, татковино, во нежност да не спие.
Сите луѓе чинам што ги има братска љубов делат,
а секое срце нивно мислам нежен копнеж крие...

Ја допирам ракава на оваа грутка, земја црна,
нека и вените мирисаат оти и тревите дишат.
На оваа земја растат каранфили и ситен прнар,
и афион, и сончогледи, и јасики, и борови се вишат...

Овие реки и планини, овие житородни полиња мои,
– го носат името на земјата што од срце ја љубам.
Ова сино небо, ова сонце бело со преливи на бои
– би сакал вечно да ги имам и денот ќе е убав.





*Знамето на*
*Република Македонија*

## *МАКЕДОНИЈА*

*Анте ПОПОВСКИ*

Стиснете ги тревките
Неа ќе ја исцедите.

Наслонете се врз каменот
Името ќе ѝ го чуете.

Симнете се во реките
Денот со неа ќе ве почести.

Легнете да починете
и ноќта со неа ќе ве покрие.



## *БИЛЈАНА ПЛАТНО БЕЛЕШЕ*

Билјана платно белеше
на Охридските извори!
Озгора идат винари,
винари белограѓани!
Кротко терајте карвано
да не ми платно згазите!
Платното го имам даровско,
за свекор и свек'рва,
свекор, свек'рва кошула,
за деверите фанели!
– Билјана градска, кад'но,
ако ти платно ст'пнеме,
со вино ќе ти го платиме!
Винари, белограѓани,
не ви го сакам виното,
тук ви го сакам лудото,
то што м'и т'ргат најнапред,
што имат фесте над око,
што пули мене под око!
– Билјано градска кад'но,
то си го имаме св'ршено,
в недела ќе си го жениме!

## ❐ Да разговараме за песните

● Кој ги напишал првите две песни?

● Објаснете зошто песната „Билјана платно белеше“ нема автор!

● Во првата песна, поетот ги искажал своите силни чувства кон татковината (кон житородните полиња, реките, планините, небото). Продолжете со откривањето на чувствата во наредните стихови од истата песна.

● Во кое лице се употребени глаголите: би сакал, чинам, мислам, допирам?

● Со употреба на **првото лице** авторот ги опејал своите чувства. Тоа во поезијата се нарекува **лирско Јас**.

● Побарајте го лирското Јас во песните кои следат.

● Потоа разговарајте за чувствата опеани во нив.

## Литературно катче

● **Авторската поезија** се разликува од **народната** според **јазикот** и **композицијата** на песните.

● **Основни елементи** на поетскиот јазик се: **сликовитоста**, **музикалноста** и **емоционалноста**.

● **Авторот** на народната поезија **е непознат** за читателот, а **авторската** поезија **има свој автор** и читателот го знае нејзиниот вистински создавач. **Текстот** на авторската песна е **непроменлив**, а **содржината на народната песна била променлива,** па затоа една иста творба може да се прочита во повеќе **варијанти**.

● **Објаснете го зборот варијанти!**

**Помош:** На илустрацијата, навидум, двата елементи **се исти.** Разгледајте внимателно и ќе воочите **разлики**. Ако и сега не го објасниве зборот, побарајте помош во Толковен речник или пак од наставникот.



**Задача**

● Прочитајте ги песните и разговарајте за разликите меѓу авторската и народната поезија кои ќе ги воочите во нив.

## ИЗВОРОТ НА ЖЕЛБИТЕ

*Стојан ТАРАПУЗА*

Изворот на желбите е око отворено,
од клокот занесено,
од смеа зазорено.

Од него шурките ко лава се шират,
во скришните длапки на крвта се вират,
во тајните места на срцето горат
и сè така гласно, жуборно зборат.

Изворот на желбите е око струјно,
до бескрај гласовито,
до небеса чујно.

Од него во вените рој реки се збираат,
во бунарот на душата
дали некогаш ќе се смират?

## СИЛАТА НА МАРКО КРАЛЕ

***(Извадок од песната)***

Шетба шетат Марко Прилепчанец,
шетба шетат земја покраина...
Ми пријавнал коња шареного;
шареного коња, дебелого,
дебелого коња, кршигоро;
ми наложил самура калпака,
на калпакот до три огледала,
а над ними перја паунови;
ми засукал мрка мустачина,
еден мустак до три руна црни;
ми намуртил очи соколови
и над ними вежди пијавици,
како црни крилја ластовички;
ми опасал сабја дипленица,
што се диплит дванаесет пати
што се носит коњу во гривата,
и ми ечит дрвја и камења,
а на седло, богме, ми приврзал
што приврзал тешка боздугана,
што е тешка шестотини ока.
В рака држит она бојно копје,
ко јасика тенка извишено;
се наметнал с гуна кабаница
ми црнеет како т’мен облак.
Кај да стапит Шарец добра коња,
било спилје ил станоит камен,
ми потонват коња до колена.
От што ми е сила у јунака,
је притежа мајке црна земја
од тежина грда носеештем,
та ми јачит кутра црна земја
ем ми јачит ко лист се тресит.

### *Групна работа*

● Поделете се во групи и секоја група нека одбере по една задача. Секоја група нека пронајде песна за Крале Марко. Едната група ја анализира содржината на песната, другата го анализира ликот на Крале Марко, а третата група јазикот и формата на песната (со објаснување на зборовите од народниот говор).

## ❒ Сoгледајте!

● За подобро да ја разберете разликата меѓу авторската и народната поезија, разгледајте ја шемата. Потоа дискутирајте за поделбата.

**Поделба на поезијата според создавачот**

| Народна (анонимна, усна) | Уметничка (авторска, пишувана) |
| --- | --- |
| – создавана е усно | – се создава писмено |
| – колективна творба | – индивидуална творба |
| – авторот е анонимен | – авторот е познат |
| – променлива содржина | – непроменлива содржина |







*(Од македонската народна ризница)*

# КЛАСИФИКАЦИЈА НА ЛИРСКИТЕ ПЕСНИ СПОРЕД МОТИВИТЕ

## ПОИМ ЗА МОТИВ

### ❐ Размислете!

● Прочитејте ги песните и размислете за чувствата кои ги инспирирале авторите да ги напишат овие творби.

### РОДИНО МИЛА

*Ванчо НИКОЛЕСКИ*

Родино моја, ти земјо мила,
најмила земјо на овој свет,
во тебе растам, развивам крила,
ко крилен орел во вишен свет!

Во твоите ниви житата зреат,
дрочи и шуми житен клас,
илјади срца за тебе греат, –
за тебе песна ти пеам јас!!

Се шири в бескрај, во глед далечен,
те капе сонце во светол сјај,
в моите жили крв твоја тече, –
поубав нигде не видов крај!

В падини пасат небројни стада,
забраздил во шир тракторски плуг,
в среќа ми пее душата млада, –
посреќен нема од мене друг!

Во радост мене ми врват дните,
те краси Малеш, Пирин и Шар,
твојата душа нѐ грее сите,
ни гори в срце љубов ко жар.



*Природно планинско езеро на Шар Планина*

## ДОЦНА ЕСЕН

*Јован СТРЕЗОВСКИ*



Гаснат полека последните шареникави бои
што толку убаво и лично им стоеја на брезите
бели.
Сивилото провиснало и како црна стреа
над просторот стои,
а есента некаде далеку во бескрајот се сели.

Поминува и над тополите построени крај патот
им остава во гранките по неколку копја голи.
Сонцето со мака низ облаците го истегнува вратот
и како презреана тиква се распаѓа
зад планинските поли.

Одминува есента и низ клунот на чавките грачи,
а по неа ветерот го кине и последното ливче
златно,
само езерцето во паркот како добар сликар
се мачи
што подолго да ја задржи на своето платно.

## БИСЕРА

*Константин МИЛАДИНОВ*
*(Од Зборникот на Миладиновци)*

Бисеро моме, Бисеро,
шчо носиш бисер на грло?
Твоето грло хубаво
и от дробнаго бисера
хилјада п'ти побело.

Бисеро моме, Бисеро,
зашчо со бисер покриваш
твоето грло хубаво?
Ја нејќу бисер да баца
тук сака твоето грло.

Бисеро моме, Бисеро,
за кого низиш бисер'т?
За кого готвиш дарои?
Ја дарои бисер не сака
тук сака мома Бисера.

„Бисеро, моме Бисеро!
Даљ си у бахчи растена,
даљ си од бога дадена?“
„Не сум од бога падната,
тук сум од мајка родена.“

## НЕВЕСТА МОМЧЕ ФАЛЕШЕ

*Народна песна*

Невеста момче фалеше:
– Имам си момче работно,
на ден бразда ораше,
во недела леичка,
и во месецот погонче,
а в годината нивичка!“
Там’ дека момче ораше,
пуста го дремка нападна,
закачи рало сред нива;
пустото рало крушово,
родило круши зреани!
Кога се момче разбуди,
зрели се круши најаде.



## Да разговараме за песните

- За секоја песна определете што ги поттикнало авторите да ги испеат.
- Определете го лирското Јас во песната „Родино мила“. Потоа нагласете ги чувствата кои поетот ги опејал.
- Што го поттикнало авторот да ја испее песната „Доцна есен“?
- Откријте ги поетските слики во неа.
- Кое е основното чувство кое го опејал авторот во песната „Бисера“? Нагласи го лирското Јас.
- Продолжете да ги откривате другите чувства опеани во песната.
- Откриј го лирското Јас во песната „Невеста момче фалеше“. Посочи ги зборовите (стиховите) од кои откриваш една карактерна особина на момчето. Која е таа?
- На кој начин народниот создавач го опејува момчето?

## Литературно катче

Основната мисла-водилка, поттикот на авторот да ја создаде творбата, се нарекува **мотив**. **Во лириката** мотив е **сознанието** на поетот за нешто што **поттикнало чувства** кои тој ги опејал (радост, тага, болка, љубов и сл.). Зборот мотив доаѓа од латинскиот збор **motus** што значи поттикнувачка причина. Тој е најмала тематска единица (најмал дел) од литературна творба. **Според мотивот**, песните може да бидат: **родољубиви, пејзажни, љубовни, хумористични** и сл. Определете во кои видови песни спаѓаат тие што ги анализиравте.

## *Истражувајте!*

● Пронајдете повеќе наслови на песни напишани од Константин Миладинов.

● Со која песна од овој автор започнува манифестацијата **Струшки вечери на поезијата?**

● Пронајдете и презентирајте податоци за споменатата манифестација, позната во целиот свет. Потоа изработете ѕиден весник на кој ќе застапите и илустративен дел (фотографии, ваши цртежи, шеми и сл.). Побарајте помош и од наставникот.

## *Задача за наредниот час*

● Поделете се во групи. Договорете се секоја група да напише поетска творба со различен мотив. Потоа анализирајте ги поетските слики и изразните средства кои сте ги употребиле.







Од Струшките вечери на поезијата





# ВИЗУЕЛНИ И АУДИТИВНИ ЕЛЕМЕНТИ ВО ПЕСНИТЕ

❒ *Размислете!*

● Читајќи ја песната, размислете за описите на природата опеани во неа.

● Пронајдете ги зборовите со кои се опеани некакви звуци.

● Одберете стих (стихови или строфа) од чии зборови си создавате слика и презентирајте ја.

## *ЗАР НЕ Е*

*Васил КУНОСКИ*

Зар не е горага лична
штом жолтне првиот дрен?
Зар не е душата полна
штом мугра поздрави ден?

Зар не е реката мила
штом пени в бисери рои?
Зар не е росата красна
штом седум исткае бои?

Зар не е славејот гален
штом спокој раскине тих?
Зар не е срцето волно
штом топол осети стих?

Зар не е човекот срeќен
штом гледа класје в бран,
бескрајно поле без меѓи
и трудот распеан, збран?



*„Пејзаж со виножито“ – П. П. Рубенс*

## ❒ Разговараме за песната

● Кое е основното чувство кое го обзело поетот за да ја создаде оваа песна?

● Кои прашања лирското Јас (овде поетот) ни ги упатува?

● Во првата строфа откривате **слика** на „гора лична“ која е пожолтена од цутот на дренот (во првите два стиха). Во наредните два стиха како да го **слушате** поздравот на муграта упатен до новиот ден што се раѓа. Откривајте ги сликите и звуците во наредните стихови.

● Издвојте ги зборовите кои ве упатуваат на звуци!

## Литературно катче

● Во песните честопати сретнуваме стихови кои нè поттикнуваат кон **создавање слики** за она што е опејано. Тогаш велиме дека поетот употребил **визуелни елементи**. (На пример, сликата на гората во која жолтее расцутен дрен.)

● Исто така, во песните наидуваме на зборови кои нè упатуваат на некакви **звуци.** За таа цел, поетите применуваат **аудитивни елементи.** (На пример, гласот на муграта која го поздравува новиот ден.)

● Овие елементи ја збогатуваат **сликовитоста** на поетските творби.

## ❒ Вежба

● Пронајдете ги аудитивните и визуелните елементи во следниве стихови:

„Над Вруток извира–бисер,
во предел – волшебен сон.
Еј, шуми во срцата наши
ко сладок разигран ѕвон... “

*Перо Миленковски*
*(„Песна за Вардар“)*

„ ... Наеднаш – немоќ и загинување.
Врз едно невидливо катче од езерото,
како непозната трпка врз телото,
помина бледо, лесно разбранување.
Водата сосема бавно се премрежи
и пак сè потона во камено смирување...“

*Ацо Шопов*
*(„На езеро“)*



*Изворите на Вардар*

„ ... А со неа и птичките појни
пораниле во небото ширно;
распеани, со гласенца бројни
утринскиот концерт пак го свират.

Гледам... Слушам... Чувствувам од радост
Блика крвта во секоја жила...
И несетно, со занес, од гради
Слушам извик: Здраво, Бистро мила!... “

*Генади Болиновски*

## Задачи:

- Секој ученик нека запише во тетратката пет збора кои би можеле да претставуваат аудитивни елементи во создавањето поетска творба.
- Исто така, секој ученик нека напише најмалку два стиха кои би претставувале слика (визуелен елемент) во песна.
- Напишете поетска творба со наслов „Есенски слики“ во која ќе користите визуелни и аудитивни елементи. (Песната да биде составена најмалку од две строфи со по четири стиха. Илустрациите можат да те насочат кон мотивот) Наредниот час читајте ги творбите и анализирајте ги токму тие елементи. (Предлог: Од најуспешните творби направете ѕиден весник. Талентираните за сликање, нека го илустрираат весникот.)



## КОМПОЗИЦИЈА НА ПЕСНА

### *ВИДОВИ СТРОФИ*

**❐ Задачи:**

- Прочитајте ги изразно песните кои следат.
- Пребројте ги стиховите во строфите.
- Согледајте ја различноста на бројот на стиховите во песните.

### *ЗИМСКО УТРО*

*Блаже КОНЕСКИ*
*(Скопје, 29 ноември, 1993)*

Молчи зимското утро
Се стуткало во соба како куче.
Уште не му се излегува надвор.
Студи.

Под мојот прозорец
И денеска цвркоти и си рипка
Шалава сипка:
Сип, сип, сип!
И тоа како порив за живот
Во мене пак да буди!





## ДЕТСКИОТ СВЕТ

*Адем ГАЈТАНИ*

Тој е најчудесен свет на Светот
Со милион изненадувања,
Петпати повеќе желби
И цело море соништа.
Насекаде барав клуч
За да го отклучам таејќи
Детскиот чудесен свет.
Се претворив во ружа
Раснев во маѓесна градина;
Се претворив во птица
Летав по небото чисто,
Спуштајќи се на гранките
Да слушам волшебни песни
Што никогаш не сум ги чул;
Се претворив во пчела
Откривав чудесни цветови
Со раскошно убави бои
Што никогаш не сум ги видел.






## РОДНА ЗЕМЈА

*Лазо КАРОВСКИ*

Ој, разиграј, песно моја мила,
ој, разиграј силно бранoј диви,
та нека да пламне бујна сила –
од секоја буква искри живи,
та нека твојте снежни крила
го понесат мојто срце младо
над планини и над мили градој,
над родната земја, кај што ита
неуморлив бран низ млади жита,
кај одерки–лози мрежи плетат,
кај афион бел и розов цвета
кај езерски брегој бранoј галат
и вечери лични месец палат...
Ој, убава земјо моја родна!

Та има ли срце во светот широк
во себеси цела да те збери?
Та има ли мерка в светот голем
убавина чудна да ти мери?
Та малку ли убавини крие
езерото Охрид штом се мрежи
и забрзан бран след бран
в брег бие?

## ЖЕЛБА

*Стојан ТАРАПУЗА*

Мојата желба – нека се знае:
земјата сакам градина да е.

Ветрот низ поле луд да не мине,
цвеќиња, лисја сам да не кине.

Невидлив облак млеко да роси,
за сите жедни, гладни и боси.

Патишта нови сегде да водат,
Војни да нема, песни да бродат.

Ноќите бели – дните да раснат,
желбите – ѕвезди да не се гаснат.

Над полја цветни волно да шета
погледот – птица додека лета.

Додека мисла може да води,
животот радост нека го плоди!



### ❐ Размислете и разговарајте

● Кои чувства ги изразува **лирското Јас** во песната **„Зимско утро“**? Од колку стихови се составени строфите?

● Кој го претставува лирското Јас во песната **„Детскиот свет“**? Кој е „најчудесниот свет на Светот“? Какви чувства го обземаат поетот кога се сеќава на детството? Преброј ги стиховите во песната. Има ли строфи?

● Кое е основното чувство кое го поттикнало поетот да ја создаде песната **„Родна земја“**? Кои убавини и богатства ги опејува? Нагласи ги и објасни ги онака **како што ги разбираш** прашањата кои ги поставува поетот. Посочи го бројот на стиховите во строфите.

● Лирското Јас во песната **„Желба“** го претставува поетот. Кои се желбите на поетот? Колку строфи има песната и од колку стихови се составени?

● **Строфата може да има пет, шест, седум, осум и повеќе стиха.** (Сите овие сознанија можете да ги проверите ако уште еднаш ги анализирате и ги согледате композициите на песните за кои претходно разговаравте.)

● Веќе забележавте дека композицијата на песната **не мора да биде составена од строфи.** (Погледајте ја песната **„Детскиот свет“**!)

## Литературно катче

● Стиховите во песните **се распоредени во целини** од по еден, два, три, четири и повеќе стиха. **Ваквите целини од стихови се викаат строфи.**

● Еден стих може да стои и сам, да не е во целина. Тогаш тој е **моностих**. Строфата составена од два стиха е **дистих,** од три – **тристих,** а од четири - **четиристих или катрен.**

## ❒ Задачи:

● **Групна задача:** Поделете се на пет групи. Едната нека пронајде песна која не е поделена на строфи; другата група нека пронајде песна во која ќе има и моностих; третата група, песна во која ќе има и дистих, четвртата група нека најде песна со тристих, а петтата група песна со катрени, **но и со строфи составени од повеќе стихови**. Презентирајте ги на час. (Изразно читајте ги, истакнете го **лирското Јас** и **анализирајте** ги содржините.)

● **За дома:** Секој ученик нека напише лична поетска творба со мотив и наслов кои самиот ќе ги одбере. (Можеби некоја од илустрациите ќе те мотивира да твориш.) Бројот на стиховите, односно видот на строфите, исто така го избираш сам. На наредниот час презентирајте ги и од најуспешните направете ѕиден весник.










# РИМА

## ВИДОВИ РИМИ СПОРЕД АКЦЕНТОТ

### Размислете!

● Прочитајте ја песната неколкупати изразно и доживеано. При тоа, вниманието насочете го кон крајните **зборови во стиховите**.

● Читајте ги само крајните зборови. Од колку слога се составени? Каде паѓа акцентот на тие зборови? По што се совпаѓаат при нивниот изговор?

● Размислете за мотивот на песната.



### *СЛОБОДА*

*Стојан ТАРАПУЗА*

Таа птица сонцекрила
в срце гнездо што ти свила,
што желбите ти ги плоди,
низ животот што те води,
во битките што те сили,
со бајраци што те крили,
со песните што те гласи,
со убоста што те краси,
со ѕвездите што те јати,
со сонцето што те злати,
што извира, тече, блика,
– Слобода се, дете, вика.

Таа птица светло–бела
брош од цвеќе што ти сплела,
во мислите што те нурка,
кон победи што те турка,
што доаѓа како плима
и волшебна моќ што има,
во сништата што ти лета,
низ игрите што те шета,
ко поплава што те носи,
со нежности што те роси,
што најлична има лика,
– Слобода се, драго, вика.

### Разговараме за песната

● Поразговарајте за мотивот во песната. (Нека учествуваат повеќе ученици.)

● Посочувајте ги поетските слики преку кои поетот ја претставил слободата.

● Истакнете ги зборовите кои укажуваат на аудитивните елементи во песната. Објаснете го зборот плима.

● Од колку слога се составени крајните зборови во стиховите? На кој слог во тие зборови паѓа акцентот?

● Чувствувате дека при читањето на **крајните зборови** во **песната, тие гласовно се совпаѓаат**. Тоа се нарекува **рима.**

## Литературно катче

● **Рима е гласовно совпаѓање по звучност на крајните зборови во стиховите.** (Примери: роди–води, горат–зборат, песна–бесна, зеде–преде.)

● Се прават поделби на видовите рими според некои елементи, а сега ќе се запознаете со видовите рими според акцентирањето на римуваните зборови.

„ ... Да летам на небото
дамнешен е сон мој
да го видам сиот **свет**
во еден долг **лет**... “

*(Ученичка творба)*

„ ... Оловното небо **тежи**
видот ни го **зеде**,
и снегот цел ден **снежи,**
бела преѓа **преде**... “

*(Михо Атанасовски)*



„ ... во него е – сета мудрост од **векови**
во него се – достоинствата **човекови**
и правдата и убавината... “

*(Шабан Роберт)*

### Запомнете!

Според **местото на акцентот** римата може да биде: **машка, женска** и **дактилска.**

Кога римуваните зборови имаат по **еден слог** (значи **акцентот** паѓа на тој единствен слог), велиме дека тоа е **машка рима.**

Ако римуваните зборови имаат по **два слога**, тогаш станува збор за **женска рима.** (**Акцентот**, според правилото, паѓа на првиот слог.)

За **дактилска рима** станува збор кога римуваните зборови имаат **по три или повеќе слога.** (Тогаш **акцентот** паѓа на третиот слог броејќи од крајот на зборот.)

### Задача

● Определете го видот на римите застапени во стиховите кои следат.

„ ... Стани си утре порано
дојди си вечер подоцна,
наутро радост понеси,
навечер тага донеси... “

*(Кочо Рацин)*

За мене ти си живот и среќа,
најголем, најмил дар,
во моево срце за тебе, земјо,
гори љубов ко жар...“

*(Ванчо Николески)*

„ ... Пролет дојде, деца мили,
расцветаа булки–вили,
насекаде птичји пој
и весели пчелки рој... “

*(Генади Болиновски)*

„ ... Но тогаш
бранчињата се озабуваат
па го заробуваат
и крилја нежни му строшуваат...“

*(Генади Болиновски)*

### *Индивидуална работа*

● До секој збор напиши друг збор (или зборови) со кој ќе можеш да го римуваш. (Потоа користи ги за втората вежба.)

твој ______________________ врв ______________________

вее ______________________ летаме ______________________

бел ______________________ мие ______________________

***На крилјата на поезијата*** (Задача за дома)

● Секој од вас нека напише по една песна на мотив кој заеднички ќе го определите. Користете различна организација на стихот (моностих, дистих, тристих, катрен) и различни видови рима според акцентот. На наредниот час презентирајте ги и дискутирајте за мотивите, за видовите строфи и за римите.



*Струшки вечери на поезијата*

# СТИЛСКИ ФИГУРИ

## *ОНОМАТОПЕЈА*

**Стилските фигури,** познати и како **изразни средства,** авторите ги употребуваат за да постигнат поголема **сликовитост, музикалност** и **емоционалност во творбата**. Со нив творбата **стилски** се обогатува и ја прави попривлечна за читателот.

### ❒ *Размислете!*

● Секој ученик во себе нека ги прочита стиховите насочувајќи го вниманието кон зборовите кои означуваат звуци, гласови или шумови.



*

„... Ѕвони...
Како силна далга во широко море
се разлева ѕвонот очекуван драг.
Пред школските врати ширум
во редици деца застанале пак! ...

*(Душко Аврамовски)*

*

„ ... Со железни обрачи го опашале
Да грми, земја да тресе
Да рикне низ него црна мака
Рајата што ја исплака... “

*(Трајан Петровски)*

* * *

„ ... – Крррр! Крррр! Кре–кре! Кре–кре!

Тогаш нешто падна во водата и се слушна само: Плас! И одеднаш ги снема големите очи. Од водата само се слушна глас: Кре–кре!...“

*(Ристо Давчевски)*

### ❒ *Со разговор до заклучок*

● Побарајте објаснување (меѓусебе или од наставникот) за зборовите кои не ги разбирате.

● Прочитајте ги гласно извадоците. При тоа нагласувајте ги зборовите кои укажуваат дека во текстовите има аудитивни елементи.

● Забележувате дека некои зборови означуваат звуци, а некои имитираат гласови. Посочете ги и едните и другите.

● Обидете се да имитирате звуци според објаснувањата: звук на ветер, лаење на куче, блеење на јагне, звук на кукавица, капки вода од чешма, крцкање на врата.

(На пример: Мјаукање на мачка: мјау–мјау!)

● Додека ги имитиравте звуците, вие го применувавте изразното средство **ономатопеја**.

## Литературно катче

● **Ономатопејата** е изразно средство (стилска фигура) со кое се имитираат звуци од природата, гласови на животни, разни шумови.

● Со ономатопејата се збогатуваат **музикалноста** и **сликовитоста** на јазикот на кој е создадена творбата.

● Оваа стилска фигура, освен во **поезијата** и **прозата**, ја употребуваме и во **секојдневниот говор**. (На пример: Бабата ги повикува кокошките за да ги нахрани и вели: „Пили, пили, пили!“)

## ❒ Проверете што научивте

● Пронајдете ги зборовите во текстовите кои укажуваат дека авторите го примениле изразното средство ономатопеја.

*

„ ... Петли пеат за денење,
цркви ѕвонат з'отварање.
Крсти трептет кревање,
чести крсти Јованови.“
*(Народна песна)*

*

„ ... Ја створи ме, Боже,
пиле кукавица,
да кукам, да кукам,
од дрво до дрво,
брата си да терам... “
*(Народна песна)*

*

„ ... Туп, туп, со ножиња,
еднаш напред, два назад
оро наше да играме.
Плес, плес со рачиња
еднаш бавно, еднаш брзо
песна наша да пееме... “
*(Народна творба)*

*

„ ... Од креветче се слуша:
Кив! Кив! – Тоше кива
носето му тече
баба топло чајче нуди
но и таа веќе кивка... “
*(Ученичка творба)*

## ❒ Истражувачка задача

● Пронајдете во учебникот текстови од кои ќе препишете зборови кои укажуваат на присуството на стилската фигура ономатопеја.

● Читајте ги примерите и протолкувајте ги.

***Задача за дома:*** Состави текст (во проза или поезија) во кој ќе биде застапена ономатопејата. Мотивот (темата, идејата) и насловот е твој избор.

## *КОМПАРАЦИЈА* (споредба)

***Размислете!***

● Додека секој од вас ја чита песната во себе, нека обрне внимание на поетските слики.

● Размислете и за поимите кои поетот ги споредува еден со друг.

### *БОЈАТА НА ПОТОКОТ*

*Глигор ВИТЕЗ*

До потокот в горада што тече
претпазливо пријде еден елен
и откога пивна вода, рече:
„Ко горада потокот е зелен".

Низ полето потокот се лее
под синото небо гордо оди,
ластовичка в летот песна пее:
„Ко небото потокот е модер".

И потокот молкома си тече
облаците бели пат му крилат,
пеперуга бела тихо рече:
„Глеј, потоков е бел како свила".

Штом ѕвезди ќе пламнат тивка вечер
и штом денот бои свои ќе згаси,
плашливата срна, пак, ќе рече:
„Глеј, потоков ѕвездите го красат!"



## Разговараме за песната

- Додека ја читате песната на глас обрнете внимание на поетските слики.
- Во песната **„Бојата на потокот“** поетот визуелно претставува неколку слики за убавините на еден поток. Поразговарајте за нив.
- Истакнете го мотивот во песната.
- Пронајдете ги изразните средства во песната што досега сте ги учеле.
- Анализирајте ја композицијата на песната (број на стихови, строфи) и видот на римите.
- Определете ги стиховите во кои се врши споредување. Објаснете кои поими се споредуваат.

## Литературно катче

- Изразното средство со кое се врши споредување меѓу некои предмети, суштества или појави, според некоја нивна заедничка или слична особина, се вика **компарација** или **споредба.**
- При употребата на ова изразно средство неопходи се **три дела: предмет кој се споредува, врска и предмет со кој се споредува.**

*На пример:*

| **Маминото лице е** | **како** | **златно сонце.** |
| --- | --- | --- |
| ↓ | ↓ | ↓ |
| предмет на споредување | врска | предмет со кој се споредува |

- Ова изразно средство многу често се користи и во секојдневниот говор.

  **На пример:**
  Кроток е како јагне.
  Вредна како мравка.
  Јаболката се слатки како мед.

- Со ова изразно средство се зголемува **емоционалноста** на песната, а уште повеќе и **сликовитоста** која авторот сака да ја постигне.
- Врската **како** во поезијата се употребува и како **ко** и **как** („убаво ко слика“, „девојче как јаболче“).

## ❒ Проверете ги знаењата

● Пронајдете ги компарациите во извадоците кои следат. Посочувајте ги со објаснување на истите (што споредуваат).

*

„Разиграло срце јунаково
како вино во сребрена чаша,
како риба во длабоко море,
како јагне во силното стадо.“

*(Народна песна)*

*

„ ... Тој ни е завет од дедовците
како тланикот на огништето.
Чувај го како црнка во очите–
без јазик си никој и ништо. “

*(Видое Подгорец)*

*

„ ... ми намуртил очи соколови
и над ними веѓи пијавици,
како црни крилја ластовички...“

*(Народна песна)*

*

„Море лудост–младост
бргу поминува!
Како роса
по зелена трева,
ко лисје
по дрвја пожолтени... “

*(Народна песна)*

***Индивидуална задача***
(За наредниот час)

● Вежбајте ја песната „**Детство**“ од Боро Ситниковски за изразно, доживеано рецитирање. На часот организирајте натпревар по рецитирање.

● Подгответе се за усно презентирање на композициската анализа на песната (стихови, строфи), за видовите рими, за откривање на поетските слики, визуелните и аудитивните елементи и за стилските фигури.

### ДЕТСТВО

*Боро СИНТИКОВСКИ*

Играј дете, колку можеш,
в поле, в гора, сегде шетај,
играј, зашто златно детство
како ветер мине, лета.

Смеј се гласно, смеј се силно,
потреба е, а не мода,
оти тоа драго детство
тече брзо како вода.

Ех, да можам, да сум силен,
во детството да се вратам,
само еднаш во играта
со децата да се фатам...

Ама летна тоа време,
летна силно како ветер
и што било јас да сторам,
не бидувам повтор дете.

## МЕТАФОРА

### ❐ Размислете и одговорете!

● Додека ја читате песната, размислувајте зошто авторот ја насловил токму така.

● Поразговарајте за значењето кое го има јазикот за секој народ.

● Зошто секој од нас треба да го негува и чува нашиот јазик, да настојува да ја почитува неговата норма? Искажувајте ваши размислувања.

### БЕЗ ЈАЗИК СИ НИКОЈ И НИШТО

*Видое ПОДГОРЕЦ*

Родниот јазик е бисерен ѓердан
од зборови – плодови сочни,
мислите тие ти ги редат
во слики јасни и точни.

Тој е вруток непресушен, вечен,
низ бистри капки – зборови тече.
Жубори, клокоти, ѕвони, се лее
ко јасна ѕвезда секој збор грее.

Тој ни е завет од дедовците
како тланикот на огништето.
Чувај го како црнка во очите –
без јазик си никој и ништо.

### ❐ Разговор за песната

● Рецитирајте ја песната изразно и доживеано за да ги воочите чувствата на лирското Јас.

● Кажете ги своите размислувања зошто песната е насловена токму така.

● Кои други зборови можеш да ги употребиш за зборот **вруток**?

● Посочете ги поетските слики во песната. Цитирајте ги зборовите кои укажуваат на аудитивни елементи во песната.

● Од што е составен **ѓерданот** за кој пее поетот во првата строфа?

● Во втората и во третата строфа авторот го употребил изразното средство компарација. (Зборот **тланик** значи вградено огниште.) Посочете го читајќи ги и објаснувајќи ги стиховите во кои го забележавте.

● Поетот нашол сличности меѓу зборовите и сочните плодови и меѓу бистрите капки од врутокот и зборовите. **Ги споредува** на тој начин што прави замена на збор **и не го употребува зборот како (ко)** како кај компарацијата. Тоа изразно средство се вика **метафора**.

## Литературно катче

● **Метафора** е стилска фигура со која еден збор или поим се заменува со друг со кој има некоја сличност.

● Уште ја нарекуваат и скратена компарација. Зошто? Тоа ќе го согледаш од шемата. А = Б **(метафора)** и А е **kako** Б **(компарација)**

● Метафората се употребува и **во прозата** и **во секојдневниот говор**.

**На пример:**

● „На милното лице веднаш забележав **две сини езера** кои немо ме гледаа. Мојот налутен поглед предизвика од нив да потече **ситна роса...**“. Објаснете ја метафората во примеров.

● За своето дете мајката може да рече **сонце мајкино;** за умното и послушно дете некој ќе рече **златно дете.**

## ❒ Проверете ги знаењата

● Во стиховите ќе сретнете метафори и компарации. Посочете ги и објаснете ги.

„... Сонцето седи на брегот како рибар,
сонцето–срећниот рибар, оди по патот.
некогаш е исто како дете ... “

*(Видое Подгорец)*

„Ја излези, јунакова мајко,
па погледни доле преко поле,
да си видиш какво добро иде,
добро иде, оште подобро води:
сокол иде – голубица воде.“

*(Народна песна)*

„ ... Момиче ми заплака,
ситна роса зароси;
момиче се насмеа,
летно с´нце угреа.“

*(Народна песна)*

„Се погледнуваме – пусти ниви,
Се насмевнуваме – свенати цветови.
Ќе се вратиме напролет со бели гриви,
ќе седламе коњи за нови сватови...“

*(Јован Котески)*

● Објаснете ја метафората во народната поговорка: „Куќниот праг е најголема планина.“

● Објаснете ја метафората од гатанката: „Од едно огниште цел свет се грее.“

## ❒ Задача за дома

**(Сам ја одбираш задачата за наредниот час.)**

● Пронајди пет примера (од проза и поезија, од гатанки и поговорки) во кои има метафора; запиши ги и објасни ги, а на часот презентирај го сработеното.

● Одбери песна која ќе ја рецитираш убаво, сними ја на ЦД (доколку си во можности ти, но и училиштето) и пушти ја снимката пред учениците.

● Напиши песна од 5–7 стихови (да не се поделени на строфи) во кои ќе употребиш компарации и метафори.

## ❒ Задача за на час

● Разгледајте ја фотографијата. Секој од вас, ќе напише состав со наслов и содржина како вистински наратор. Во кое лице ќе раскажувате (во прво или во трето) е ваш избор. При тоа употребувајте ги изразните средства за кои досега сте учеле.





# ЕЛЕМЕНТИ НА ПРОЗЕН ТЕКСТ

## ФАБУЛА

❒ *Согледајте!*

● Прочитајте го текстот секој во себе и обрнете внимание на **редоследот на настаните** кои се раскажани. (Дали се раскажани според редоследот како се случувале или не?)

● Читајте го текстот гласно, дел по дел, и секој нека внимава на описите (на утрото, на жетварите, на девојчето и на квечерината).

● Забележи ги зборовите кои не ти се јасни. **Побарај објаснување во Речникот на крајот од учебникот, во Речникот на македонски јазик или од наставникот.**

### *МАЛАТА ЖЕТВАРКА*

*Горјан ПЕТРЕВСКИ*

На исток сонцето вжештено се будеше. Од утринскиот пожар пламтеше парче небо над источните планини. Сè пливаше во боите на изгрејзората. Свежо и чисто како срнино око се раѓаше утрото.

Првите блесоци на новиот ден Иринка и дедо ѝ ги дочекаа на нивата. Утрото сами тргнаа на жетва. Мајка ѝ остана да меси леб и да направи ручек, а братчето Гоце спокојно спиеше во постелата. Татко ѝ, како и обично, рано замина на работа во рудникот. Уште еден жетварски ден од зазбивтаното лето започнуваше со песната за раѓањето на лебот. Жетварите пливнаа по нивјето да ги соберат златните класје од полето. Малата Иринка имаше само дванаесет години. Откако училишното ѕвонче ќе го испееше крајот на учебната година, таа вредно им помагаше на домашните. Токму тие тешкотии ја искалија во истрајно, здраво селско девојче. На руменото лице секогаш ѝ сјаеше насмевка. Нејзините очи со небесна боја бистро ѝ играа како немирни изворчиња. Русосјајната коса ѝ беше собрана во две плетенки, а нејзината боја потсетуваше на зрели жита. Девојчето личеше на вистинските жетварки од песните што се разбудуваа во грлата на жетварите.

Иринка вешто ракуваше со српот. Дедо ѝ, огреан од радост, се гордееше што дочека да жнее со внука.

– Дедо, да побрзаме... Кога ќе дојде мама, да се израдува, – велеше девојчето.

– Ти си највредната момичка од сите твои врснички. Наша берокуќница, – се смешкаше дедото.

Под вештите старечки и детски раце српoвите ја играа познатата игра со класјето. Зад нив останувaа полозите, а нивата парче по парче соголуваше. Кога сонцето се извиши над шумата, арен дел од нивата беше откинат...

Одеднаш од пред нозете на старецот нешто преплашено летна и се изгуби низ житата. Потполошка. Тоа е птицата на жетвата. Кога ќе се разбуди нејзиниот глас, започнува да зрее житото. Таа ги буди зрната. Пред неговите нозе лежеше птичјото гнездо со неколку јајца.

Работата продолжи како ништо да не се случило.

Кога сонцето навали кон запад, а сенките започнаа да се издолжуваат, уморните жетвари седнаа да ужинаат од остатокот од ручекот. Потоа арно одморени, повторно ги дофатија српoвите.

Пред зајдисонце времето е најпогодно за работа, зашто од некаде долетува одвај чујна свежина. Времето бавно течеше, а пожнеани претери се редеа на нивата. Над западните грбови на планината, заедно со пурпурните пожари уморно гаснеше и светлината на денот. Тивко и бесшумно одлетуваше уште едно парче од времето.

Мајката, Иринка и дедото, сè уште не ги испуштаа српoвите. Упорно продолжуваа со жнеењето. Како да сакаа одеднаш да ја завршат целата работа.

Настапуваше летна квечерина. Тишината уморно легнуваше над полето.

Нашите жетвари ја напуштија нивата. И другите жетвари изморени се враќаа од полето. По џебовите и опинците сигурно носеа зрели зрни и класје.

Светулките трепкаа над житата, чиниш ќе предизвикаат пожар. Малата жетварка уморно чекореше, а виолината на штурците продолжуваше со песната за испотеното жетварско лето.



## ❐ Размислете и разговарајте!

● Објаснете ги зборовите кои не ви се јасни.Што се тоа **полози** ?

● Разговарајте за описите во текстот и прочитајте ги речениците во кои ги согледавте.

● Прераскажувајте го текстот усмено, дел по дел, насочувајќи го вниманието на текот на настаните (онака како што се случувале и како што ги раскажал авторот).

● За секој дел запишете по една реченица. Тогаш вие правите план за прераскажување на **фабулата** на текстот.

## Литературно катче

● Низата настани кои авторот ги раскажал (подредил) според редоследот како што се случувале (природно, хорнолошки) се вика **фабула.**

● Значи, ако прераскажуваме фабула, тогаш за настаните зборуваме **по редослед**, онака како што им се случиле на ликовите.

● Во литературно дело настаните можат да се раскажуваат и поинаку, **без да се следи редоследот** на настаните, онака како што се случувале.

## ❐ Согледајте!

● Прочитајте го извадокот внимателно за да согледате дека во литературната творба **може и поинаку да се прераскажат настаните** (за разлика од фабулата).



„ ... Дедо Илија беше стар човек од моето соседство. Белата коса, избразденото лице и поднаведнатото тело, во мене предизвикуваа тага. Посебно што ја знаев неговата животна приказна.

Роден во сиромашно селско семејство. Пргаво, решително момче кое дошло во големиот град да се школува. А пари секогаш премалку. Дење работа, а ноќе книгата в рака. Војна, приклучување во партизанска чета. Крај на војната, вработување, семејство. Но, не минало сѐ без проблеми. Бил ранет во војната, а последиците му донеле непријатности и на работното место. Па, прераната смрт на првата жена... “

*(Снежана Велкова–Андовска)*

## ❒ Размислете и споредете!

● Досега изучивте дел од карактеристиките на двата литературни рода: **лириката** и **епиката.**

● Разгледајте ја шемата и споредете ги податоците за особините на овие литературни родови.

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Лирика** | ➚ нема фабула<br>➔ изразува чувства<br>➘ користи стилски фигури | **Епика** | ➚ има фабула<br>➔ раскажува и опишува<br>➘ користи стилски фигури |

### *Истражувачка работа*

● Во текстот „Малата жетварка“, пронајдете ги и прочитајте ги речениците во кои се користени стилски фигури. Така ќе согледате дека и во епските творби се користат некои стилски фигури.

## Литературно катче

● Веќе научи што претставува **фабула** на една творба.

● Епската творба има и своја **содржина. Поимот содржина има пошироко значење од поимот фабула.** Ако го прераскажеме сè она **што е раскажано во творбата од почеток до крај,** велиме дека тоа претставува **содржина** на творбата.

## ❒ Задача за наредниот час

● Поделете се на две групи. Учениците од едната група, писмено и индивидуално, нека ја прераскажат содржината на приказната „Девојчето и дванаесетте месеци“ (која следи), а другата група ученици нека ја прераскажат фабулата од истата приказна.

● На час читајте ги составите и дискутирајте за чуеното. Разговарајте и за пораката од приказната.

● За зборовите кои не ти се познати, побарај објаснување во Речникот на македонскиот јазик. (Поразговарајте и меѓусебе, можеби некој го знае објаснувањето.)

● Кои месеци се викаат Коложег и Сечко?

## *ДЕВОЈЧЕТО И ДВАНАЕСЕТТЕ МЕСЕЦИ*

*Народна приказна*

Една вечер, си седела во дворот една мајка, со ќерка си, убаво облечена, и со тажна пасторка, парталава и слабичка. Кога се стемнило, мајката ѝ рекла на пасторката:

– Оди, чумо, да донесеш од изворот вода, та да не се вратиш!

Девојчето послушно зело две стомни и тргнало во ноќта кон изворот. Кога стигнало до него, гледа чудо: околу изворот седеле единаесет мажи, едни високи, едни ниски, едни стари, други млади, со една баба, сите наредени во круг на едно тркало. Уплашено, сето трепетно, девојчето им пришло и тивко им рекло:

– Добровечер, добри луѓе!

А старата баба, намуртена, веднаш отворила уста и ја прашала:

– Ние сме, девојче, дванаесетте месеци. Ајде, кажи, кои месеци се убави, а кои лоши во годината!

– Златна бабо, – одговорило девојчето, сите месеци се од убави поубави, нема лош месец во годината!

– Ај, наполни вода и оди си благословено, златно девојче! – му рекла бабата – а на секој збор од устата да ти паѓа по еден златник.

Девојчето се вратило со вода кај маштеата, а нејзе јад ја фатило кога видела дека при секој збор од устата ѝ паѓа златна пара.

Утревечерта, кога се стемнило, мајката ѝ рекла на ќерката:

– Појди, чедо, сега ти за вода. Белки ќе се вратиш со златни усти.

Ќерката ги зела стомните и пошла во ноќта кон изворот. Кога стигнала, гледа чудо: пак околу изворот седат единаесет мажи со една баба, наредени сите во круг на едно тркало. Уплашена, ќерката се стаписала, па не рекла ни добровечер.

Тогаш отворила уста бабата, ја прашала:

– Ние сме, девојче, дванаесетте месеци. Ајде, кажи, кои месеци се убави, а кои лоши во годината?

– Па и малите деца знаат кои месеци се полоши – одговорило девојчето. – Еднаш Коложег и Сечко се најлоши, а Марта е најлуда со триста умишта.

– Ај, наполни вода и оди си благословено, злобно девојче, му рекла бабата. – И на секој збор од уста да ти излегуваат змијчиња!

Кога ќерката се вратила со вода, едно прозборување, од устата почнале да излегуваат змијчиња.

Мајката, бесна и избезумена, почнала да вика и да ја тепа својата ќерка. А златното девојче, од што ја молело да не ја тепа ќерката, се заобиколило со блесок на илјадници златници што му паѓале од устата.

## ТЕМА

### ❐ Размислете!

● Додека го читате текстот, потцртајте ги со молив зборовите и речениците во кои има опис на мајката.

● Размислете што е предмет на раскажување во текстот.

● Во кое лице говори раскажувачот на текстот? (Може да ти помогнат формите на глаголите.)

## ДЕТСТВО

*Лав Николаевич ТОЛСТОЈ*



Среќно, среќно неповратно детство! Како да не ги сакам, како да не ги лулеам спомените за него! Тие ми ја освежуваат, издигаат душата и се извор на моите најмили уживања.

Добро ќе се изнатрчаш, па ќе седнеш крај масичката за чај во својата висока фотелја: доцна е, одамна си го испил својот дел од слаткото млеко, дремката ти ги затвора очите, но не се помрднуваш од местото, туку само седиш и само слушаш. И, како да не слушаш? Мама разговара со некого и звуците на нејзиниот глас се толку, толку слатки, толку пријатни! А, тие звуци толку многу му зборуваат на моето срце! Со замаглени очи од дремка јас внимателно го гледам нејзиното лице и одеднаш таа станува сосема малечка: лицето не ѝ е поголемо од петлица: но, јас сепак ја гледам сосема јасно. Гледам дека ме погледнува и ми се насмевнува. Пријатно ми е да ја гледам толку малечка – како сликите од децата што се огледуваат во зениците на очите. Но, јас мрднав и убавината исчезна; ги подзатворам очите, се помрднувам, на секој начин се трудам да ги обновам тие убавини, но сѐ е залудно.

Станувам, ги собирам нозете и удобно се сместувам во фотелјата.

– Ти пак ќе заспиеш, Николенка! – ми вели мама, – подобро ќе биде да си одиш горе.

– Не ми се спие, мамичке, – ѝ одговарам и јасно, но слатко дремкање, ми ги склопува очите, за момент заборавам и спијам сѐ додека не ме разбудат. Чувствувам тогаш во полусонот како да ме допира нечија нежна рака; ја познаваш по самиот допир и во самиот полусон, без да сакаш, ја стегнуваш силно и уште посилно ја бакнуваш.

Сите веќе се разотишле; само свеќата гори во гостинската соба; мама ми рече дека таа самата ќе ме разбуди. Таа седнува на крајот од фотељата во која спијам и со својата нежна рака ме гали по косата, а над моето уво зазвучи милиот познат глас:

– Станувај, душичке, време е за спиење!

Таа не се обѕира на ничии рамнодушни погледи; не се плаши да ја излее над мене целата своја нежност и љубов. Јас не се помрднувам, туку уште посилно ѝ ја бакнувам раката.

– Станувај, ангелче мое!

Со другата рака таа ме фаќа околу вратот и нејзините прсти брзо се движат и ме скокоткаат. Во собата е тивко, полумрачно; нервите ми се возбудени од скокотот и будењето; мама седнува сосема до мене, ме допира – ѝ го чувствувам здивот и ѝ го слушам гласот. Сето тоа ме тера да ги свиткам рацете околу нејзиниот врат, да ја притиснам главата на нејзините гради и задишано да ѝ речам:

– Ах, мила мајчичке, толку те сакам!

Таа се насмевнува со својот тажен волшебен насмев, ме фаќа со двете раце за глава, ме бакнува во челото и ме зема во скутот.

– Значи, ти многу ме сакаш? – таа молчи само еден момент, а потоа продолжува: – Внимавај, секогаш сакај ме, немој никогаш да ме заборавиш! Ако еден ден ја снема твојата мајка – ти нема да ја заборавиш, нели? Нема да ја заборавиш, Николенка!

И уште понежно ме бакнува.

– Доста! Не зборувај така, гулабице, душичке моја! – извикнувам јас, бакнувајќи ѝ ги колената, а солзите течат како порои од моите очи; – солзи од љубов и восхит.

Дали некогаш ќе се врати таа свежина, таа безгрижност, потребата за љубов и силата на вербата што ја имаме во детството? Кое време од животот може да биде поубаво од она во кое двете најубави особини – невината веселост и бескрајната потреба од љубов – биле единствената побуда на животот?

* * *

## ❑ Разговарајте за текстот!

Детството треба да биде најубавиот, најбезгрижниот, најсовршениот период од животот на човекот. Детето е гладно и жедно за топлина, нежност и разбирање. Но, најмногу му е потребна **љубов** за да му се отворат широко портите за влез во светот на возрасните. Спомените на детскиот период остануваат во сеќавање за целиот живот.

Авторот на текстот „Детство“, рускиот писател Лав Николаевич Толстој, пишува токму за неговите сеќавања на детството. Поразговарајте за вашите впечатоци од начинот на кој тој ги пренел своите спомени.

● Во кое лице раскажува авторот? (Потврди го одговорот со набројување неколку глаголи од текстот.)

● Прочитајте ги речениците во текстот во кои има описи на мајката. (Со кои стилски фигури е опишана?)

● Разговарајте за односот меѓу мајката и детето. (Сознанијата потврдете ги со цитати од текстот.)

● На крајот од текстот авторот поставува две прашања, всушност негови размислувања. Поведете дискусија за овој дел од текстот: кому му ги поставува прашањата, на што се однесуваат тие, за чии и какви особини говори и сл.

## Литературно катче

● Што е предмет на обработка на овој текст? Одговорот на ова прашање всушност значи дека сте ја откриле **темата на текстот.**

● Што е тема во една творба?

**Предметот на обработка во епска творба се вика тема**. А темите во епската творба се: **настани, појави, ликови, различни проблеми.** Авторот на епската творба **набљудува, доживува, анализира** и сето тоа **го поврзува во уметничка целина** – т.е. во својата творба.

## ❐ Задача за дома

● Прочитајте по една народна приказна.

● Прераскажете ја писмено фабулата на приказната.

● На час читајте ги составите и откривајте ги темите на приказните.

## ❐ Предлог задача

● Напишете состав или организирајте дискусии на една од предложените теми: (Можете да се поделите на групи.)

1. Еден мој спомен од детството
2. Посакувам среќно детство за сите деца во светот
3. Некои деца имаат несреќно детство.

(Договорете се за часот кога ќе ја презентирате задачата.)

## ИДЕЈА

### ❐ Размислете!

● Откако ќе го прочитате текстот, размислете на кој вид творби ве потсетува според содржината. (Тоа можете да го откриете уште во почетокот на текстот.)

● Забележете што е раскажано во текстот, а не е возможно да се случува.

● Размислете која е пораката на авторката на текстот.

## НЕВА НЕВИЧИЦА

*Ивана Брлиќ МАЖУРАНИЌ*

Така си биле еден воденичар и една воденичарка, а и двајцата имале корaво и лошо срце. Кога ќе донесеа царевите слуги жито да го сомеле, воденичарот ќе го сомелеше житото, ништо не ќе земаше за мелењето и уште

ќе му пратеше на царот дарови, само да му се умили на силниот цар и неговата ќерка, гордата царевна. Кога ќе дојдеше сиромаштијата да сомеле жито, воденичарот земаше по еден шиник за себе за мелењето, а инаку не сакаше да меле.

Така еден ден, а беше токму пред Нова година и во студена зима, дојде до воденицата некоја баба, а на бабата крпи и партали. Се наоѓаше воденицата во корија на еден јаз и никој не можеше да знае од каде дошла бабата.

Тоа, пак, не беше баба како што се бабите, туку таа беше Мокош. А, Мокош знаеше во сè да се претвори: и во птица, и во змија, и во баба и во девојка. Мокош живееше зад тињата покрај мочуриштата каде што во есен сонцето зајдуваше. Кај неа сонцето сите зими ги ноќуваше.

– Добар ви ден, – им рече, бабата Мокош на воденичарот и воденичарката, – и да ми ја сомелете оваа торба жито: ја стави бабата торбата на земја, а воденичарот рече:

– Ќе ти ја сомелам: половина торба тебе за погача, а половина мене за мелењето.

– Немој така, синко! Не ќе ми достаса, бидејќи имам шест сина, а седмото внуче – Сонцето, денес ми се роди.

– Оди, не треси глупости, стара будала! – ѝ се искриви воденичарот. – Токму и личиш да бидеш Сончева баба!

Па ваму, таму, но воденичарот не сакаше никако да меле без половина роба, и бабата пак ја натовари на грб својата торба и си отиде по патеката од каде беше и дошла.

Воденичарот, пак, имаше ќерка, чудесно девојче, и ја викаа Нева Невичица. Штом се беше родила, ѝ претскажаа самовилите дека Сонцето ќе ѝ биде девер кога ќе се мажи. Затоа ја завикаа Нева Невичица, а таа беше многу убава и секогаш насмеана како ведар ден.

И се натажи Нева Невичица кога воденичарот онака ја истера бабата. Отиде таа, ја дочека бабата во коријата и рече:

– Врати се, бабо утре кога ќе бидам сама. Ќе ти го сомелам житото без пари.

Утредента воденичарот и воденичарката отидоа в шума да отсечат бадник за огништето, а Нева Невичица остана сама. Не помина долго време, еве ја бабата со торбата.

– Добра ти среќа, девојче, – рече бабата.

– И тебе нека ти е добра! – одговори Нева Невичица. – Чекај, бабо, да ја отвориме воденицата.

Тоа беше мала воденица лажичар; фаќаше вода во четири крстосани лажици, та се вртеше како вретено. Воденичарот, пак, беше ја закочил воденицата, на Нева Невичица мораше да гази до колена во ледениот јаз дури да го отпушти затворот.

Заклепета воденицата, се раздвижија камењата и Нева Невичица ѝ го сомле житото на бабата. Ѝ ја наполни торбата со брашно и ништо не ѝ зеде за мелењето.

– Е, ти благодарам, девојче! – рече бабата Мокош, – ќе ти бидам од помош каде што ќе минеш со нога, бидејќи не ги чуваше ножињата од ледената водичка, ниту рацете од неплатената мака. И уште ќе му кажам на својот внук Сонцето, кој го дарува со погача. – Тогаш го зеде бабата брашното и си отиде.

Од тој ден ништо во воденицата не можеше да биде без Нева Невичица. Дури таа не се фатеше за воденицата, не фаќаат лажиците вода, ако таа не погледнеше во сандакот, во него никогаш брашно. Макар колку во него да паѓаше од камењето, Сѐ како во земја да пропаѓаше: сандакот празен дури не насре во него Нева Невичица.

Па така беше со сѐ што се наоѓаше во воденицата.



## ❒ Разговарајте за текстот!

● На кој вид творба ве потсетува овој текст? (Какви видови творби почнуваат со: Си бил еднаш..., Некогаш многу одамна... , Некогаш порано... и сл.)?

● Кои елементи во текстот се неверојатни, невозможни? (Прочитај те ги!)

● Објаснете ги зборовите кои не ви се познати. (Побарајте објаснување во Учебникот насловен како Речник на непознати зборови, во Речникот на македонскиот јазик или од наставникот.)

● Определете кои од набројаните особини на кои ликови од текстот се однесуваат:

| | |
|---|---|
| грубост | алчност |
| добродушност | дарежливост |
| милозливост | дрскост |
| љубезност | нечовечност |

(Потврдете го тоа со свои дискусии и со цитати од текстот.)

● Која и чија постапка ви остави (добар или лош) впечаток и зошто?

● Дискутирајте за поракара од текстот. Така ќе разговарате за ставот на писателот, односно за **идејата во текстот.**

## Литературно катче

● **Идеја значи основна мисла присутна во творбата.**

● Всушност, идејата како елемент на творбата го претставува **ставот на писателот кон темата** која ја обработил во творбата.

● **Темата и идејата** се присутни во сите делови во творбите, **обединети во една целост** што се вика литературно дело.

## ❒ Задача за наредниот час

● Во тетратката одговорете на поставените прашања. На час читајте ги одговорите и согледајте ги разликите во толкувањата:

1. Препиши една реченица од текстот „Нева Невичица“ која кај тебе предизвика некое чувство.
2. Со една реченица објасни го тоа чувство.
3. Препиши пет епитета (заедно со именките) кои ќе ги пронајдеш во текстот.
4. Определи ги темата и идејата од текстот.
5. Накусо опиши една визуелна слика што е предизвикана кај тебе од некој дел од текстот.

### *Индивидуална работа за час*

- Секој ученик ја чита приказната во себе и при тоа размислува за темата и идејата во текстот.
- Со моливче ги потцртува непознатите зборови. Објаснување бара во делот од учебникот Речник на непознати зборови или од наставникот.
- Потоа читајте ја приказната на глас, дискутирајте за темата и идејата и прераскажувајте ја содржината.

## *ПЛАТА СПОРЕД РАБОТАТА*

*Македонска народна приказна*

Си бил еден човек многу умен. Тој имал три измеќари. Едниот земал двесте грошои на година, другиот петстотини, а третиот – илјада. Тие се карале помеѓу себе. – Зошто ти да земаш илјада грошои? И ти си човек и јас сум човек? – велел тој што земал петстотини грошои. – Ами,
јас зошто да земам двесте? Делми и јас сум човек како вас! – рекол тој што земал двесте грошои.

Еднаш мајсторот ги чул и ништо не им рекол, а сторил ниет да ги искуси и да им даде сами да разберат кој колку чини. Една вечер во зима тој имал гости. Тогај му вели на тој слуга што земал двесте грошои: „Донеси една пењушка!“ Тогај слугава донесува една пењушка и ја носи право на мајсторов. – Каде да ја кладам? – Арно, – му вели: „Остави ја сега таму и постој малу тука!“ После му вели на другиов, што земал петстотини грошои: „Ајде, му вели, донеси една пењушка!“ Тој оди, донесува пењушка и ја клава настрана. И нему му вели да постои малу. Тогај му вели и на третиов слуга што земал илјада грошои да донесе една пењушка. Тој ја зема пењушката, влегува во одајата каде што седеле гостиве, видел оти биле за секнување фитилите на свеќите (зашто понапред гореле свеќи, а не газија како сега), ги секнува со една брзина и после ја наместува пењушката право на огнот каде што требало.

– Е, – им вели, – вие сеедно се карате кој колку земал и зошто едниот земал повеќе, а другиот помалу. Видовте ли сега кој за колку чини? Ете зошто едниот зема повеќе, а другиот помалку! Уште еднаш да не ве чујам да се карате!...

Ете така умниот човек им дал да разберат кој колку пари чини.

# ФОРМИ НА РАСКАЖУВАЊЕ

## *РАСКАЖУВАЧ (НАРАТОР)*

### *Литературно катче*

● Зборот **нарација** е од латинско потекло (narratio) и значи **раскажување, изложување, прикажување.** Оттаму потекнува и зборот **наратор, односно раскажувач.**

● Авторот на една литературна творба не смее да се изедначи со раскажувачот на творбата. Авторот е оној кој ја создава творбата, но тој го создал и раскажувачот во неа. А раскажувач може да биде: човек, животно, предмет, растение и сл.

● **Раскажувачот (нараторот)** може да раскажува **во прво** и во **трето лице.**

● **Раскажувачот во прво лице** раскажува за настаните како нему да му се случиле.

● **Раскажувачот во трето лице, сезнаечкиот раскажувач,** има увид во настаните кои им се случуваат на ликовите.

### *Читајте и размислувајте!*

● Преку формата на глаголите ќе согледате во кое лице раскажува нараторот на текстот „Леб за тате“.

● Забележете ги зборовите и речениците во кои има описи (атмосферата во домот, во фурната, пчелите и сл.)

● Согледајте ги размислувањата и чувствата од кои е обземено детето. (Забележете ги тие делови во текстот.)

## *ЛЕБ ЗА ТАТЕ*

*Велко НЕДЕЛКОВСКИ*

Во нашата сиромашна соба заѕвони часовникот; рапаво, како да кашла. Пет
часот наутро. Шумови: мама тивко го буди татко ми. Тој сонливо прашува: „Зар е веќе време?“ ... Тате излегол надвор, цепи некое трупче. Мириса на запалена весникарска хартија, мама дува во шпоретот, ќе вари чај од липа... Ги познавам нејзините меки чекори до моето креветче. Мама шепоти: „Иле, синко, знаеш, треба да одиш по леб... “

Така е секое утро.

Излегов надвор. Студеникаво е. Ја покренав јаката од палтото. Фурната се наоѓаше на аголот. Ниска куќарка, а внатре се: испотениот фурнаџија и помошниците – боси и во поткошули. А лебовите, скоро извадени од фурната, миризливо се испаруваат, а нивната препечена кора е црвеникава... Во малата дланка ги стегам парите, точно до динар. Фурнаџијата имал обичај да поткрадува од мали деца, велеа домашните.

Изминав, можеби, половина пат. Од една кафеава порта се измолкна русо детенце. Геле! И него го пратиле по леб... Цупкаме кон фурната. Ќе купам топол леб, тате ќе ми рече: „Голем да пораснеш, Иле!“ И пак ќе се нурнам во креветчето, сонот ме очекува под перницата.

Но, што е тоа? Геле застанал. Повеќето луѓе се собрале среде улицата. Врева. Се крева чад; некој пали оганче... Разбравме: во едно ѕитче имало осарник, населен со стотици лути оси. Нешто ги вознемирило, само брмчат. Летаат во роеви, жолти и долгнавести, со остри пецкалки.

Го препознав гласот на тетка Мабела:

– Луѓе, да ги растераме некако. Не може да се помине ни наваму–ни натаму!

Еден мустаклија го остави својот стар велосипед и рече:

– Јас им го знам лекот! Ќе го разгорам ова оганче – па право под осарникот. Димот ќе ги уништи!

Така и направија. Осите како споулавени летаат горе–долу, паѓаат на земјата, но ги има уште, како жолт рој извираат од дупката на ѕидот. Луѓето се разбегаа. Јас и Геле се засолнавме во најблискиот двор... Борбата со овие налутени инсекти ќе потрае долго...

– Геле, да одиме ние! Ќе го разграбаат лебот.

– Будалче, ќе ни ги изгризат ушите!

– Одам сам!

– Чекај, доаѓам и јас.

Зачудени, луѓето викаа по нас:

– Стојте, немојте бре, деца, ама чии сте, вратете се назад!

Налутена завеса од боцкави оси. Чад. Едвај го гледам Геле, а до мене е.

– Со палтото преку глава! – Му викам; ме чул и послуша.

Трчаме низ осите, пет чекори, десет... Тогаш почнаа да нè касаат. Првиот убод ме здоболе до срце. Мислев дека ќе умрам од вториот. Следните веќе како да не ги чувствував. Геле заплака, ја спомна мајка си. Тој застана, потоа се врати. Јас грабам напред. Не толку од храброст – повеќе од инает! Шака ситни оси да ме спречат да купам топол леб за појадок на тате?!

... Стигнав пред фурната. Задишан и сиот потечен.

– Кутриот малечок! – рекоа насобраните луѓе и ме пуштија да купам леб преку ред.

– Оди си дома, веднаш трчај дома! – загрижено врескаше една баба.

Ќе одам, но сега одоколу. Подалеку е, брзам, ме печат тие убоди од острите шилци на осите, лебот жеже во рацете, речиси трчам...

Дома сум! Мама, кога ме здогледа таков, испушти метална чинија и вресна. Тато се бричел, дотрча насапунет, прашува што се случило.

Тешко зборував. Усните ми беа отечени. Одвај разбраа.

– Кал! Свика мама. Да му ставиме кал!

Ме намачкаа со кал. Студеникавото лепливо тесто ми ги ублажува болките. Сум бил каснат на седум–осум места...

Тато ми се внесе в лице:

– Зошто, будалче, зошто?!

Шепотам:

– Топол леб... ме пративте... еве... донесов...

– Мажот на тато! И така, ти низ осите, без страв!

Мама се смирила, вели:

– Ќе ти помине како кутре... Зошто не се врати?

Реков едноставно:

– Тато треба да појадува! ...

## ❒ *Задачи за дискусија*

● Набројте глаголи од текстот со кои ќе одредите во кое лице раскажувачот го раскажал настанот.

● Посочете ги зборовите (речениците) во кои е опишана утринската атмосфера во домот и во фурната.

● Опишете ја возбудата на луѓето од осите и борбата против нив.

● Која е целта на детето која упорно го води и низ опасноста од осите?

● Прочитајте го разговорот меѓу родителите и детето на глас. Дискутирајте за чувствата кои во вас ги предизвикува тој разговор.

● Поразговарајте за формите на зборовите во текстот: креветче, детенце, ѕитче, оганче, будалче. Со каква цел ги употребил раскажувачот? (Помош побарајте од наставникот.)

● Пронајдете во текстот стилски фигури: ономатопеи, епитети, компарации.

## ❒ Читајте, размислувајте, разговарајте!

● Во кое лице раскажувачот (нараторот) го раскажал текстот кој следи, „Илиевата мајка“? (Поткрепете го одговорот со посочување неколку глагола од текстот.)

● Опишете ја атмосферата во училницата. Го одобрувате таквото однесување?

● Поразговарајте за првичниот однос на учениците кон Иле и искажувајте ги вашите размислувања во врска со таквото однесување.

● Што ја предизвикало промената на однесувањето на учениците кон Иле? Како се чувствувале тогаш неговите другарчиња? (Прочитајте го тој дел на глас!)

● Поразговарајте за вашите чувства кои ги предизвика домашната задача на Иле.

## *ИЛИЕВАТА МАЈКА*

*Глигор ПОПОВСКИ*

Во целото одделение тоа беше најчудно, најтихо и најтаинствено дете. Никој не беше сигурен дали е тажен, дали е плашлив или е недружељубив. Не зборуваше со своите другарчиња, освен кога требаше нешто да побара, а ретко бараше, или кога веќе беше принуден да зборува.

Имаше место во последната клупа и, изгледа дека беше задоволен со тоа, зашто таму, во аголот, тој секогаш можеше да биде сам со себеси. Додека другите деца викаа, се префрлуваа преку клупите, се маваа со сунѓерот и изведуваа стотици други ѓаволштини, тој седеше стуткан во својот агол, отсутен, со мислите далеку од она што се случуваше околу него.

Тоа никој не го знаеше. Ни учителката. Се мачеше таа отпрво да разговара со него, како и со сите други деца, да разбере зошто е повлечен и молчалив, да дознае нешто за неговите дома, но не успеваше.

Го измачуваше со прашања:

– Да не те караат дома, Иле?

– Не, – гласеше одговорот.

– Да не си гладен?

– Не.

– Треба ли нешто да ти помогнам?

– Не.

– Можеби сакаш нешто да ми кажеш?

– Не.

И секогаш така. Иле одговараше само со „да“ или „не“.

* * *

На часови доаѓаше редовно и секогаш со тој чуден, по малку тажен израз на лицето. Ги слушаше предавањата, пишуваше, но никогаш не креваше рака да прашува или да одговара. И сите мислеа: ништо не го интересира и ништо не знае. Но за чудо, кога учителката ќе го прашаше, тој договараше секогаш точно. На другите прашања кои не беа во врска со учењето, тој знаеше еден одговор: „да“ и „не“. Почесто се слушаше „не“ и затоа по две–три недели Иле доби прекар „**НЕ**“.

Палавите, дрдоливи деца отпрво често го задеваа, но попусто. Тој не им одговараше на закачките. Одвреме-навреме му дофрлаа:

– Еј, НЕ, да не си го голтнал јазикот?

– Еј, НЕ, што имаш в уста?

– Еј, НЕ, ќе заборавиш да зборуваш.

* * *

Другпат учителката им зададе задача на тема: „Мојата мајка“ На другиот ден не им ги прегледа тетратките, туку рече:

– Ајде, Иле, прочитај ја твојата домашна!

Целото одделение се сврте на таа страна. Иле се исправи, држејќи ја тетратката во растреперените раце. Лицето му стана побледо од обично. Неколку пати ги оближа со јазикот исушените усни и не кревајќи го погледот почна:

„Мојата мајка многу работи. Жал ми е за неа. Многу, многу ми е жал. Навечер се враќа уморна. Рацете ѝ се помодрени и натечени од перење. Многу ја сакам, но никогаш не сум ѝ го рекол тоа. Од тоа таа ќе се нажали и ќе се насолзи, а мене ме болат солзите во нејзините очи. И таа мене многу ме сака. Секогаш купува за мене, а за неа ако остане... Секогаш е тажна. Се плашам да не се разболе...“

Тука Иле застана. Ја наведна главата. Очите му се насолзија.

– Читај понатаму, Иле! – благо го покани учителката.

„Мојата мајка, мојата мајка...“ – почна, но не продолжи. Гласот му се изгуби, солзи му ги наполнија очите. Во занеменото одделение се слуша само неговото испрекинато липање.

– Седни, Иле, – му рече учителката.

И додека тој седеше во својот агол, во последената клупа, сите погледи беа вперени кон него. Им се насолзија очите и на другите ученици и сите, низ оние три реченици кои ги прочита Иле, ја почувствуваа мајка му како своја.

### ❐ *Задача за наредниот час*

● Поделете се на четири групи. Секоја група нека се подготви според овие барања:

– првата група нека го извежба текстот „Леб за тате“ да го раскажува во трето лице;

– втората група го подготвува текстот „Илиевата мајка“ да го раскажува во прво лице;

– третата група го чита и го вежба текстот кој следи, „Двете ѕвезди“, за раскажување во трето лице;

– четвртата група се подготвува да го раскаже текстот кој следи, „Пејо со туѓи чизми на оро“, во прво лице.

## *ДВЕТЕ ЅВЕЗДИ*

*Петко ДОМАЗЕТОВСКИ*

Две ѕвезди, светкави точки на небото, ѕиркаа помеѓу зелените лисја на јаболкницата. Тие како да се чудеа на сиромаштијата во нашата малечка куќичка. Ги гледав замечтаено низ прозорецот и им мавтав со едната рака за да ги повикам во мојата соба и да ја продолжиме играта.

Едната ѕвезда, светло окце во темната ноќ, трепереше како да го везеше мојот сон среде белите цутови на јаболкницата, додека другата палаво ми намигнуваше, напомнувајќи ми да не мечтаам толку многу. Не можев да го откргнам погледот од нив, ги гледав мило и ги броев нивните треперења. Немаше поубави ѕвезди од нив.

Никогаш не сакав да легнам навреме, потскокнував на креветот со желба да ги примамам кај себе и често заборавав на својата вечера. А тие двете, насмеани се криеја зад лисјата и цутовите на високата јаболкница како да сакаа нешто потајно да си шепотат таму, но пак брзо се појавуваа од засолништето и ме занесуваа со своите игриви трепети.

Еднаш јаболкницата целата од корен се исуши. Лисјата ѝ светнаа и испопаѓаа како покосени. Ѕвездите повеќе не можеа да си играат криенка.

– Каде се ѕвездите? – често прашував, но не можев да добијам одговор од никого.

Кој знае каде отишле? Кој знае сега кое дете им се радува на тие ѕвезди од моето детство!?

## *ПЕЈО СО ТУЃИ ЧИЗМИ НА ОРО*

*Стале ПОПОВ*

На еден Велигден, Пејо немал чизми за на оро, та позајмил едни чизми од комшијата – чорбаџија. Дошол Пејо на сред село и се фатил на оро. Се разиграл Пејо, се разрипал, камења корни со чизмите.

Го видел чорбаџијата и му се сторило оти ќе му ги искине чизмите Пејо, па му рекол:

– Море Пејо, полека, ми ги искина чизмите! Што ќе обујам јас утре?

Слушнал Пејо, ама слушнале и сите на орото оти Пејо игра со туѓи чизми. Се навредил Пејо и веднаш ги собул и му ги фрлил на чорбаџијата.

Тоа го здогледал друг чорбаџија, го повикал Пеја настрана и му шепнал да отиде кај него дома и да ѝ рече на жена му да му ги даде неговите чизми.

Отишол Пејо кај чорбаџијата и за еден час пак се вратил со нови чизми. Се вратил и пак го повел танецот.

Кога поминал пред чорбаџијата, тој уште посилно од првиот почнал да вика:

– Рипај, Пејо, нарипај се, искини ги, стопанка им, јас не ги жалам. Ми дал господ, нови ќе си купам!

Кога Пејо го слушнал, веднаш застанал, ги собул и овие чизми и му ги фрлил и на овој чорбаџија како и на првиот, велејќи му:

– На ти ги, чорбаџи, твоите чизми! Јас ќе си играм со моите! – и го повел танецот бос.

# НАРОДНА ПРОЗА

## МИТ

### Литературно катче

Во дамнешни времиња, човекот не можел да ги објасни природните појави кои го опкружувале. Затоа **во својата фантазија измислувал натприродни сили** за кои верувал дека управувале со сѐ што се случувало. Така почнале да се создаваат приказни за: богови, самовили, крилести коњи, џинови, змејови и други необични ликови.

Всушност, настанувале **приказни исполнети со фантазија, односно митови**. Секој народ си има своја **митологија.** Народите кои имаат **заедничко потекло** имаат и **заедничка митологија**. На пример: словенска, индиска, скандинавска и сл.

### *За да ви е појасно*

Според грчката митологија, еден од седумминaта **титани бил Прометеј.** Бидејќи **ги научил луѓето да го користат огнот,** кој дотогаш го користеле боговите, го навлекол гневот на врховниот **бог Зевс**. Бил казнет на суров начин, односно бил врзан за една карпа **во Кавказ**. Секој ден **белоглав орел** му го клукал црниот дроб, но навечер раните повторно му зараснувале. Од маките го ослободил **Херакле.**

## *МИТОТ ЗА ПРОМЕТЕЈ*

**(извадоци)**

Кога бил создаден светот, со него владееле боговите, а Зевс им бил врховен бог. Тогаш земјата била исполнета со животни, морето со риби, а воздухот со птици. Забележал итриот Прометеј дека земјата нема суштество што би владеело со неа и го создал човекот. Набргу луѓето се размножиле по целата земја. Но, тогаш уште не знаеле да се служат со предметите, не знаеле зошто се сменуваат годишните времиња, не знаеле да градат куќи, туку живееле во темни и влажни пештери...

Видел Прометеј дека треба да им се помогне на луѓето и им покажал како да ги впрегнуваат воловите, како да го користат коњот, како од билките да прават лекови. Ги научил дека во земјата има благородни метали и други работи. Тој и кај боговите секогаш се залагал во корист на луѓето. Барал да не ги оптоваруваат со тешки работи...

Добриот Прометеј решил да го украде огнот од боговите и да им го подари на луѓето. Затоа, кога еднаш по небото се движела сончевата кочија, тој зел од небесниот оган и во голема трска им го пренел на луѓето...

За оваа постапка богот Зевс наредил Прометеј да биде казнет. Бил врзан со синџири за една карпа на планината Кавказ. Секојдневно еден белоглав орел му го колвел црниот дроб, кој преку ноќ му зараснувал. Овие маки ги трпел до доаѓањето на јунакот Херакле на Кавказ, кој го замолил богот Зевс да се смилува над Прометеј. Зевс се согласил под услов Прометеј да носи алка на прстот од синџирот со кој бил врзан и врз него да биде втиснато парче од карпата за која бил врзан. Така бил создаден првиот прстен со камен со кој луѓето до денес си ги украсуваат прстите...

* * * *

## ❒ Разговор за текстот

- Како настанале митовите?
- На што сè Прометеј ги научил луѓето?
- Кои елементи во текстот укажуваат дека тој претставува мит?
- Како митот го објаснува носењето прстен кај луѓето сè до денешни дни?

## ❒ Истражуваме - дознаваме

● Поделете се на три групи. Секоја група добива по една задача за своето истражување:

– Да пронајде податоци за: титаните, Херакле, Зевс и планината Кавказ.

– Да пронајде еден мит и да проучи според кои елементи се вбројува во мит.

– Да пронајде други настани и делови од митот за Прометеј.

● На наредниот час секоја групи ги презентира резултатите од истражувањето, со што ќе ги збогатите вашите знаења од митологијата.

***Упатство***: Во истражувањата можете да користите: енциклопедии, библиотека, интернет.

## ❐ Размислете и споредете!

● Прочитајте ги двата текста и правејќи споредба, согледајте ги разликите меѓу нив (во однос на ликовите, темата, содржината).

### ДЕДО НОЈО ЈА ИЗНАШОЛ ЛОЗАТА

Дедо Нојо кога ја изнашол лозата, пресекол прачки и насадил лозје. На прачките кога ги засадувал в земја им турил крв наместо вода и затоа виното било црвено. Крвта била од јагне, од арслан и од свиња. Кога ја турал крвта, вака благословил:

„Кој ќе пие од виното што ќе го роди лозјево, потоа да биде кроток и весел како рудо јагне; кој ќе пие повеќе, да биде како ѕвер (арслан), јунак и страшен; а кој ќе пие од мерата надвор, за да препие, да паѓа по земја и да се валка, како свиња во тиња, со него сиот свет да се шегува.“

* * * *

### КАКО НАСТАНАЛО СЕЛОТО ГАЛИЧНИК

На стрмните падини на планината Бистра се наоѓа селото Галичник. Во далечното минато, неговите жители живееле во Егејска Македонија, по течението на реката Галиќ. Се занимавале со сточарство и малку со земјоделство. Живееле мирен живот сè до наездата на Турците. Не можејќи да живеат ропски живот, ги напуштиле разурнатите домови, па овие Македонци тргнале на север, во неизвесност. До планината Бистра први стасале две семејства, а богатите пасишта на Бистра привлекле и сточари. Куќите се намножиле и се оформило селото. Во спомен на своето потекло од околината на реката Галиќ, новото село го нарекле Галичник.



*Галичник – панорама*

* * * *

## ❐ Прашања за дискусија и заклучоци

● Што пронашол дедо Нојо според народното толкување? Кои се фантастичните елементи во текстот за дедо Нојо?

● Која е темата во вториот текст? Постојат ли фантастични елементи во овој текст?

● Првиот текст е **легенда**. Легендите се творби кои **на фантастичен начин раскажуваат за појави од животот и од природата:** создавањето на светот, човекот, сонцето, ѕвездите, имињата и сл.

Во некои легенди се раскажува и за **натприродни суштества:** светци, самовили, вештици и сл.

Има и легенди кои раскажуваат за **историски личности**, чиј лик, живот и работа најчесто се преточуваат во легенди. (На пример: легенди за Марко Крале, за Александар Велики, за Кирил и Методиј и сл.)

● Вториот текст претставува **предание.** Во преданијата **се раскажува за настани и за личности од историјата** кои можат **да бидат вистинити, но има преданија и за исмислени настани и личности.**

Многу често во нив се објаснува настанувањето на некое место или објект, или пак како го добиле името (село, град, река, езеро, планина, мост и сл.).

Треба да се знае дека честопати во овие текстови **се испреплетуваат елементи и на предание и на легенда.** Прочитајте ги следниве текстови и согледајте го испреплетувањето на елементи од легенда и од предание. Потоа дискутирајте кои се тие елементи.

### *ПРЕДАНИЕ ЗА АЛЕКСАНДАР ВЕЛИКИ*

*(Од Зборникот на Кузман Шапкарев)*

*Панорама од Преспанско*

Простите луѓе велат и веруваат дека војните најпрво биле изнајдени од Александар Велики Македонски. Кога тој шетал по море, одејќи во некој друг непознат свет, за да најде и нацрпе „смртна“ вода, за да се напие та да не умира никогаш, кога видел во морето рибите да се бијат помеѓу себе, како во војна, намислил и тој да го направи истото, та кога дошол во царството свое, на овој свет, ја извадил прв војната.

## ЛЕГЕНДА ЗА ПРЕСПАНСКОТО ЕЗЕРО

Преспанското Езеро е едно од најубавите и најживописни езера во овој дел од Европа. Ова езеро се споменува уште од дамнешниот деветти век. Една од легендите за неговото име е и следната. Македонскиот цар Самоил бил моќен владетел кој изградил силна власт. Но, неговите непријатели, во немоќ да го совладаат, ја заробиле и ја ослепеле неговата ќерка Преспана. Потоа суровоста продолжила и тие ја фрлиле во езерото. Народот во чест на сеќавањата за овој настан, своето езеро го нарекол според неа, односно Преспанско Езеро.

### ❒ Задача за наредниот час

● Пронајдете легенди и преданија. Читајте ги на часот на тој начин што оној кој ги чита, нема да го кажува видот на текстот.

● За секој прочитан текст разговарајте кои елементи ги содржи за да одредите дали е тоа легенда, предание, или пак содржи особини од двата вида.

**Упатство:** Користете книги со легенди и преданија, енциклопедии, интернет; можете да прашате повозрасен член од семејството кој ќе ви прераскаже вакви видови творби.

### ❒ Истражувачка работа

● Поделете се на пет групи и секоја група нека добие една задача која ќе ја презентира на час:

– да пронајде три македонски народни песни (родољубива, љубовна и хумористична) и нека ги забележи мотивите, аудитивните и визуелните елементи;

– да пронајде две македонски народни приказни; нека ги забележи темите и нека ги прераскаже фабулите;

– да пронајде мит од словенската митологија и нека ги објасни елементите кои го вбројуваат во овој вид творби;

– да пронајде две македонски легенди и да ги забележи елементите кои ги вбројуваат во легенди;

– да пронајде две преданија и да ги наброи елементите од содржината кои укажуваат дека тоа се преданија.

● Од собраните творби и обработените содржини направете ѕиден весник.

**Сугестија:** Во весникот е пожелно да имате и илустративни делови кои сами ќе ги нацртате.

# ОСНОВНИ ДРАМСКИ ВИДОВИ
## (комедија, трагедија и современа драма)

## КОМЕДИЈА

**❒ Споредете и согледајте!**

● Додека го читате текстот, согледајте ги деловите кои предизвикуваат смеа и размислете што се постигнува со тие хумористични елементи.

### ЧОРБАЏИ ТЕОДОС

*Васил ИЉОСКИ*

**Да ви биде појасно**

Чорбаџи Теодос е богат човек со многу лош карактер, од кого сите се плашат, но и му се потсмеваат. Смета дека а најумен и поитар од другите, но сепак е надмудруван во најбитните моменти од животот, особено кога неговиот син Томче ќе сака да се ожени за сиромашна девојка. Највпечатлив е неговиот однос кон семејството и кон слугите во домот.

**Седумнаесетта појава**

***Теодос***

ТЕОДОС *(Влегува во ноќна долга кошула, со мазно од вечерта, избричено лице, а мрачно лице, на кое никогаш, ни за миг, не светнува насмевка и ведрина, со густи накуштравени веѓи кои го потцртуваат намуртеното чело и го засенуваат, правејќи го уште постуден студениот поглед; со остар, отсечен говор, кој скоро никогаш не е разговор со луѓето, ниту со најблиските, туку карање, викање на нив, на најблиските најмногу со потценување, дури и презирање, преку волја, како и да не заслужуваат со нив да се разговара. Веќе разлутен што не го разбудиле, видувајќи дека нема никој, како што редовно бива при станување-то, да го пречекаат и да го служат, избувнува):* Што е ова? Никој жив нема! Тоа ли е ред? Сите се успале! А јас... (*Погледнува на саатот*) Не работи. Тоа ли е ред? Ако сум задремал. Оној шерет Арсен може пак да ми измрда со лозјето... (*Вика*.) Параскево, Параскево! Параскево, парчиња да се столиш! Параскево!

## Осумнаесетта појава
### *Теодос и Кева*

КЕВА (*Однадвор*): Слушам, Теодосе! Еве идам веднаш! (*Влегува*)
ТЕОДОС: Што е тоа денес?
КЕВА: Па... па...
ТЕОДОС: Паднала, па не станала! Зошто не ме разбудивте?
КЕВА: Па.. па... ова... (*Погледнува на саатот.*) Сатот запрел, па...
ТЕОДОС: Зошто да запре? Тоа ли е ред? Ако сум задоцнил? Ако оној Арсен...
ДЕВА: Тој... ки... кинисал...
ТЕОДОС: Кинисал? Уф, сум задоцнил! Уф, бегај ми од пред очи ти, кукумјавко, зашто ќе те здробам како сува пиперка!
КЕВА: (*Тргнува*): Леле, леле, леле!
ТЕОДОС: Чекај, стој, лелекало! Кажи од каде знаеш дека Арсен кинисал?
КЕВА: Беше Спиро кај него.
ТЕОДОС: Каде е тој? Дај ми го ваму! Спиридоне, Спиридоне!

## Дваесетта појава
### *Теодос и Кева*

ТЕОДОС: Сè ќутуци околу мене, глуви, глупави! Да ме остават да се успијам, да задоцнам! А ти, Параскево, ти баре да бидеш посвесна и поакикатна... ама ништо и од тебе... јазак!
КЕВА: Па... јас...
ТЕОДОС: Нејќе овде па, па, туку треба ум и очи отворени!

## Дваесетта појава
### *Теодос, Кева и Наца*

НАЦА (*Влегува*): Проштевај, чорбаџи, сатот е крив...
ТЕОДОС: Ќе ве искривам јас сите, туку сега немам време! Бргу да ми ги исчистиш чевлите!
НАЦА: Сум ги исчистила, чорбаџи, еве ги.
ТЕОДОС: Дај да видам. Си ги исчистила, красно си ги исчистила! Како мачка со опашка да мавнала преку нив! Види види, овие запци, полни со кал, види!
НАЦА: Па, чорбаџи, само два–три.
ТЕОДОС: Два–три! Море би нашол јас и дваесет–триесет, туку немам време. Ајде исчисти ги уште еднаш!
НАЦА (*Ги зема чевлите.*): Арно, чорбаџи!
ТЕОДОС: Запците арно да ги истребиш со тресчиче!
НАЦА: Разбрав, чорбаџи!
ТЕОДОС: Арно да ги истриеш со кадифе, да светнат како ѕифт!
НАЦА: Арно (Поаѓа.)

## ❒ Да поразговараме

● Во извадокот авторот ве запозна со главниот лик чорбаџи Теодос. Што дознавте за него читајќи го текстот во заградите?

● Како се однесува тој со своите најблиски, со сопругата Кева и со слугите во својот дом?

● Каков е неговиот речник? Илустрирајте со читање делови од извадокот.

● Какво чувство побудува кај вас неговиот однос, но и држењето на останатите ликови во извадокот?

● Однесувањето и говорот на ликовите кои авторот ги изложил на потсмевање предизвикуваат смеа кај читателот (гледачот).

## Литературно катче

**Комедија** е драмски вид во кој се прикажани **негативните страни на животот**. Содржината се изнесува **на хумористичен начин** при што драмските ликови се изложуваат на **потсмев** и **критика**. Со тоа комедијата **повикува на отстранување** на недостатоците кај поединците.

### *Бидете креативни*

(За наредниот час)

● Напишете комична случка во дијалошка форма и интерпретирајте ја на часот. (Потрудете се да внесете повеќе хумор во однесувањето и во говорот на ликовите.)



# ТРАГЕДИЈА

## ❒ Споредете и согледајте!

● Прочитајте го драмскиот извадок, размислувајќи за судбината на главните ликови, но и за текот (развојот) на драмското дејство. Споредете го со дејство во расказ.

● Објаснете ги меѓусебе помалку познатите зборови. (Помош побарајте од наставникот или побарајте во Речникот на македонскиот јазик.)

## ПЕЧАЛБАРИ

*Антон ПАНОВ*

***Да ви биде појасно***

Костадин и Симка се вљубуваат и сакаат да се венчаат. На таа одлука се противи таткото на Симка, Фидан, познат богаташ, кој смета дека ќерката треба да се мажи во богата куќа, а не со сиромав како што е Костадин. Но, љубовта победува, двајцата млади се венчаваат со заемот што им го дава Јордан, но под услов веднаш по свадбата да оди на печалба и да го врати заемот. Симка останува сама, се раѓа малиот Коле. За тоа време Костадин на печалба смртно се разболува. По пет години Симка дознава дека печалбарите се враќаат и ги исчекува заедно со синот Коле.

**Четврти чин**

(слика втора)

*Во куќата на Костадин. Симка е сама, везе. До неа, нејзиниот петгодишен син Коле си игра. Симка поминува часови во нестрплива возбуда, мислејќи на Костадиновото враќање.*

СИМКА (*Замислено елегично.*): Сите жени на светот се радуваат кога малечки ластовици им јавуваат за рана пролет. Само печалбарката е жална и мисли кога ќе дојде есен... Сите жени на светот со добра среќа ги поздравуваат првите штркови, зашто им носат љубов и среќа! Само печалбарката чека да ги остават своите сиви гнезда, чека дали ќе го види уште еднаш милото лице... А тоа е далеку, далеку...
КОЛЕ: Што зборуваш, мамо?
СИМКА: Велам, татко ти ќе дојде...
КОЛЕ: Скоро ли ќе дојде, мамо?
СИМКА (*Го прегрнува.*): Скоро, сине, скоро...

КОЛЕ: И лани така зборуваше, мамо.
СИМКА (*Возбудено.*): Ќе дојде! ... Годинава ќе дојде! (*Го наместува Колета на прозорецот.*) Еве, гледај тука на прозорец! Ќе видиш кога ќе дојде! (*Стоејќи над детето и галејќи го по главата.*) Ох, ти гугувче малечко! Што си згрешило ти пред господа да береш грижа уште од пет години? Кого го удриле, кого за гуша го фатиле овие бели рачиња, та да тргаш маки за татко ти во туѓина? Ох, ти врапче невесело! Што грев ти на душа носиш, та дури срцето да ти плаче, прашајќи за невиден татко? (*Се одделува од детето.*) Ако има господ, треба да ни се врати татко, домаќин, маж... (*Резигнирано.*) Маж!.. Маж!.. И слатко и горко е да помислиш дека го имаш! ... (*Лирично настроена, опфатена од чувство на притаен копнеж.*) Кога напролет благиот југ запее и јас со него заедно гласот си го задржувам: белки Костадин ќе чуе, скоро да ми дојде... Сè на ветар! Есен поминува, зима дојдува! Од север ветар на прозорец ми свири! Костадин не ќе дојде! Така пет години!... Дали јас не сум жена? Дали во градиве камен носам? Дали во жиливе вода ми тече, не млада крв? Оф, Костадина го сакам! Да му го видам окото! Да му го чујам гласот! Да го сетам до срцето свое!... (*Се тргнува, исплашена од овие мисли.*) Ах, што зборувам јас, што зборувам? Света Пречисто, прости ми... Ама, душата ме боли за Костадина... Маж ми е... (*Одеднаш ја обзе-ма страшно претчувство.*) Ако не дојде? Ако сосем не си дојде? (*Паѓа плачејќи скршена од болка.*)
БОЖАНА (*Влегува викајќи радосно.*): Симке! Симке!.. Стани! Што плачеш? Денес ќе дојдат!.. Дојде глас дека ќе стигнат!
СИМКА (*Радосно, низ солзи.*): О, господи! Што не помислив... Сите ли се враќаат?
БОЖАНА: Стигна човек што ги видел! Вели, многу ги има... (*Со благ укор.*) И ти, Симке, ем знаеш што вели во писмото што го добивме. Таму стои: „Пред Митровден ќе дојдам“!
СИМКА: Ах, господи, го сметнав од ум... Треба да приготвиме...
БОЖАНА: Најди кошула, чорапи... Чиста постела да најде, да си почине...
СИМКА (*Бргу го отвора ковчегот и вади нужни долни алишта.*) Може испотен ќе дојде... (*Трепетно.*) Ох, со колку надеж и темни мисли се готвиме за овој светол ден, ден со солзи радосни и трепетни оросен, наместо со цветчиња бели... И цветчињата овенаа, како што и самата венеам, мили домаќине! (*Оддалеку се слуша песната: „Сите момчиња дојдоа... Радосно.*) Тие се!
БОЖАНА: Тие се!
СИМКА: Ох, боже! Не толку радост одеднаш... Срцево ќе ми пукне... (*Песната се засилува.*)
КОЛЕ: (*На прозорецот.*): Мамо! Иде татко! Иде! Иде!
БОЖАНА (*Го гали.*): Иде, чедо! Ќе ти донесе бакшиш!

СИМКА: Дојди, Костадине, поскоро! (*Песната пресекнува.*) (*Пауза.*) Зошто не пеат? Што значи тоа?
БОЖАНА: (*Со трпки, претчувствувајќи го лошото.*): Некој умрел на туѓина...
СИМКА: (*Како загубена.*) Близу до нас замолчеа... (*Обете се без капка крв како од восок.*)
ЗАФИР: (Се појавува на прагот.)
КОЛЕ (*Трча кон Зафира, радосно.*): Еве го татко, мамо! (*Му ги опфаќа колената на Зафира. Молчење.*)
БОЖАНА (*Како не со свој глас.*): Каде е син ми Костадин?
ЗАФИР (*Молчи. Потем го вади од торбата појасот Костадинов и ќесето со пари; ги предава.*)
СИМКА (*Го прима ќесето и појасот.*): Ела, Коле... (*Го прегрнува Колета.*) Татко ти не ќе си дојде... Никогаш не ќе си дојде... ти пратил пари да го викнеш дедо ти Јордан на задуша...
БОЖАНА (*Со шепот кон Зафира.*) Умре?
ЗАФИР: Умре...

З а в е с а

## Разговор за текстот

- Опишете го просторот каде што се наоѓа Симка.
- Зошто Симка вели дека жената на печалбарот е тажна во пролет?
- За што разговара Симка со син ѝ Коле?
- Симка е лирично настроена. Прераскажете го тој дел. Какви чувства буди во вас?
- Какви вести носи Божана?
- Што навестува замрувањето на песната пред Симкината куќа?
- Објаснете какво расположение ги обзема ликовите на сцената. На што се должи тоа?
- Што им остава Костадин на своите блиски?

## Литературно катче

**Драмскиот вид** кој има за **цел да предизвика чувство на тага,** но и на **хероизам** и **возвишеност,** се вика **трагедија**. За прв пат се јавила во античката драма. Во трагедијата **се прикажани** несреќни, трагични настани кои предизвикуваат **страв** и **сожалување.**

## Проширете ги знаењата

● И драмскиот текст, во внатрешната структура, има: **тема, фабула, идеја, ликови.**

● Драмското дејство се одвива низ повеќе **етапи**:

**Експозиција** е дел во кој авторот нè запознава со **почетната ситуација,** најавува за што ќе говори во творбата.

**Заплетот** започнува во моментот кога одделни **настани претставуваат пречка** почетната ситуација да остане таква каква што била.

**Кулминација** настапува кога дејството го **достигнува врвот во својот развиток**, кога напнатоста и неизвесноста се на највисоко ниво.

**Перипетија** претставува **пресврт на настаните** кога во животот на некој од ликовите се случува промена на добро или зло, поради што тој доаѓа во судир со средината во која живее.

**Расплетот** значи **разрешување на проблемот** со кој е соочен некој од јунаците, било тоа да е победа или пораз за него.




## Задача

● Прочитајте го извадокот од драмата така што текстот ќе го поделите по улоги. Драматизирајте го внимавајќи на препораките што се дадени во заградите. Вежбајте интонација и гестикулации.



## СОВРЕМЕНА ДРАМА

### ❒ Размислете!

● Прочитајте го извадокот и обрнете внимание на настанот што се презентира во драмскот извадок.

## БУЛКИ КРАЈ ШИНИТЕ

*Велко НЕДЕЛКОВСКИ*

**Да ви биде појасно**

*Дејството во драмскиот текст се одвива крај железничка станица и го отсликува секојдневието на луѓето чиј живот се возовите, луѓето, односите меѓу нив. Главен лик е Ване, љубопитно дете, чие детство се одвива крај шините.*

* * *

Предел покрај шини со булки. Ден.

Покрај шините има многу булки. Меѓу нив, однекаде, изникнува Ваневото лице. Тој ги здогледува цветовите, ги допира пупките. Сака да скине една пупка, но во тој миг како да му се причини дека го слуша гласот на татко му.

**Гласот на Владо:** Пупките не треба предвреме да се скинат. Од нив ќе расцутат убави булки!

(Ване ја трга раката од пупката и се обѕрнува наоколу. Немаше никој. Тој повторно ја пружи раката кон пупката. Ја скина и со сета љубопитност почна да ја испитува нејзината внатрешност. Не откри ништо особено, но забележа на прстот некаква бела, како млеко, леплива течност која капеше од стракот. Тој се загрижи и како да се каеше што не го послуша советот на татка си, ги остави булките и се упати дома.)

Околина на куќарката на свртничарот. Ден.

Куќарката на свртничарот беше оградена со дрвени, зелено обоени тараби. Беше многу помалечка од зградата на станицата. Додека ѝ се приближуваше, Ване го забележа свртничарот, којшто чепкаше со едно мотиче во бавчата со цвеќиња. Градината не беше голема, беше оградена со жица и убаво утврдена. Ване пријде до оградата.

**СТАВРЕ**: О, Ване! Каде беше, чичино? Шеткаш, а? Шетај, шетај!
**ВАНЕ**: Чичко Ставре, што е тоа што се цеди од булките кога ќе ги скинеш? Нешто бело?

**СТАВРЕ:** Тоа цвеќињата плачат, што сме ги скинале. Јас одгледувам цвеќиња во бавчата, но никогаш не ги кинам.
**ВАНЕ**: Јас многу ги сакам булките.
**СТАВРЕ**: Да, да, тие се најубав украс крај шините.
**ВАНЕ**: Кој ги сади?
**СТАВРЕ**: Никој, сами си растат какои сите други растенија на земјава.
**ВАНЕ**: Јас мислев дека ги садат железничарите со црвени капи.
**СТАВРЕ**: А зошто тие да ги саделе?
**ВАНЕ**: За да личат на нив. Тате ми рече да не ѝ кажувам на мама дека тој личи на булка.
**СТАВРЕ**: А ти не ѝ кажа?
**ВАНЕ**: Не.
**СТАВРЕ**: И, немој!

## Размислете!

- Што правел Ване покрај шините?
- Што забележал откако ја скинал булката?
- Опиши ја куќарката на свртничарот.
- Што го заинтересирало Ване?
- Кој ги садел булките според Ване?
- Што бил замолен да не кажува?
- Набројте ги податоците (зборови, реченици) кои ве упатуваат кон тоа дека текстот говори за настан од современиот живот.

## Литературно катче

**Драмски вид** во кој авторот прикажува **современ настан,** мотивиран од секојдневниот современ живот, се вика **современа драма.** Во неа **ги препознаваме нашите сожители** со нивните **проблеми, размислувања, начин на живеење, говорење** и сл..



## *Бидете креативни*

(За наредниот час)

● Прочитајте го извадокот од современа проза, а потоа претворете го прозниот текст во драмски, употребувајќи дијалог и делови со објаснувања (поместени во загради).

● Со вашата креативност – продолжете го драмскиот текст по сопствени замисли.

„... Секојдневно си игравме во малото прекрасно уредено паркче во близина на нашите домови. Бевме поголема група другарчиња.

Кој знае што се случи со нас денес? Доволно беше Јане да рече и ние удобно да ги сместиме нашите нозе на клупите, токму на местата каде што се седи. Помина тетка Трајанка и тивко нè замоли да седнеме каде што е редот. Јане, правејќи се важен пред нас, дрско ѝ одговори дека ќе седиме каде што сакаме. Почувствував срам и му реков на Јане дека не внимава што зборува. А тој пак, уште посилен, ми викна да си одам ако не ми се допаѓа друштвото. Гледај сега нов срам! Марко и Дарко измислија „игра“ да кинеме гранки од дрвјата и да правиме прачки. Им се придружија Жаре и Маре, покажувајќи ни колку убави гранчиња скинале. Видов како кон нас доаѓа дедо Илија и се засрамив од нивните постапки. А тој пак, нежно и со желба да ги поучи, ги праша зошто го прават тоа. Ми дојде да пропаднам в земја кога ги чув како во хор се изнасмеаја, па го „посоветуваа“ дедото да си ја гледа својата работа.

Не можев повеќе да учествувам во овие „игри“, па измислив дека ме боли стомакот и дека ќе си одам дома... “



# РАДИОДРАМА

## *РАДИОДРАМА ЗА ДЕЦА*

### *Литературно катче*

**Радиодрамата е специфична драмска творба наменета за изведба преку радио. Основни елементи на радиодрамата се: говорот на актерите, звукот (звучните ефекти) и музиката.**

**За да ви е појасно**

Извадокот кој следи е од драмскиот текст **„Време за сеидба“,** во кој се обработуваат **делови од биографијата на Јордан Хаџи Константинов–Џинот**, наш истакнат преродбеник, учител и автор на драмски текстови од крајот на XIX и почетокот на XX век. За своите дејности бил прогонуван од турските власти.

### *Изведба на драмскиот текст*

- Секој ученик индивидуално го чита текстот во себе.
- Читајте го текстот по улоги; актерите да ги почитуваат упатсвата во заградите; еден ученик ги имитира звуците кои се забележани во заградите (крцкање и чукање на вратата, тресок, чекори, шушкање на хартија).

### *ВРЕМЕ ЗА СЕИДБА*

*Велко НЕДЕЛКОВСКИ*
*(Извадок од радиодрамата за деца „Време за сеидба“)*

(Ноќни звуци, чекори по калдрма, лаеж на кучиња, тропање на врата – силно, настојчиво, со рака на силник...)

СТАРЕШИНАТА: Отворај! Отворај, бре ќерата! (Чукање на портата.) (Крцкање на старата порта. Извик.)
ЈОРДАН: Неканети гости во глуво доба... Заптии! (Ја отвора портата.)
СТАРЕШИНАТА: Ти ли си тој даскал, бре? Јордан Аџи Константинов, син на Кочо Клисарот!?
ЈОРДАН: Јас сум, заптијо.
СТАРЕШИНАТА: Имаш ли оружје? (Вика.)
ЈОРДАН: Зборовите се мое оружје. (Говори мирно, сталожено.)

СТАРЕШИНАТА: Претресете сѐ, чепкајте по скришни места. Штом и твоите не те сакаат – опасен си! (Зборува сѐ погласно.) (Тресок. Чекори. Шушкање на хартија.)

ЈОРДАН: Полека, заптии! Грев ќе ве фати. Освен учебници и ракописи, кај мене друго нема...

СТАРЕШИНАТА: Високо леташ, даскале! Со голи зборови против султанот си тргнал. Не ти се пишува арно! (Говори заканувачки!)

ЈОРДАН: Ги учам децата на соседите да не си го заборават млекото со кое се задоени... Не разбираш ти, заптијо, слуга си, други те испратиле!

СТАРЕШИНАТА: Имам наредба да извршам претрес... Најдовте ли нешто, заптии? (Зборува со тон од кој чека потврден одговор.)

ПРВ ЗАПТИЈА: Книги, само книги, старешино! Зошто му се толку?!.. (Зборува како да се чуди!)

## ❐ Прашања за анализа на текстот

- Каде се одвива дејството во драмскиот текст?
- За што го обвинуваат Јордан заптиите?
- Поразговарајте за нивниот однос кон Јордан. Нагласете ги тие делови од текстот.
- Набројте ги аудитивните елементи во текстот.
- Обидете се да создадете визуелна слика за текстот, односно да опишете како го замислувате местото на настанот и ликовите.
- Објаснете ја реченицата која ја кажал Јордан: „Зборовите се мое оружје.“
- Како ги разбирате последните реченици на Јордан?

## Литературно катче

**Драмско-литературната творба емитувана на радио се вика радиодрама.** Текстот се емитува на радио, а ликовите, нивното однесување, местото на настаните **се замислуваат** бидејќи **не ги гледаме на сцена.** Дејството на драмата станува поблиско преку употребата на **звуци и музички ефекти**, така што доаѓаат до израз **аудитивните елементи** во текстот.

Радиодрамите можат да бидат **радиодрами за деца** и **радиодрами за возрасни.** Секако дека разлики меѓу нив постојат. Пред сѐ, радиодрамите за деца **обработуваат** содржини од детскиот свет. **Јазикот** на кој се напишани е соодветен за децата, како и **пораките** кои текстовите ги пренесуваат преку актерите.

## ❒ Задачи за наредниот час

● Во тетратка прераскажете го драмскиот текст кој го читавте и го анализиравте. Бидете внимателни во претворањето на дијалозите во раскажувачка форма.

● Читајте ги домашните задачи и дискутирајте за успешноста на извршената задача.

## ❒ Истражувачка работа

● Пронајдете податоци за животот и делото на Јордан Хаџи Константинов-Џинот; подредете ги и изработете ѕиден весник.

● Умешните цртачи нека го уредат илустративниот дел од ѕидниот весник.

## ❒ Индивидуална задача

● Секој ученик нека проследи радиодрама. Содржината ја прераскажува во тетратка, не заборавајќи дека треба да ги опфати и аудитивните елементи; внимателно со претворањето на дијалозите во прозен текст.

● Читајте ги составите и дискутирајте за успешноста на извршената задача.



# ЈАЗИК

***„Во македонскиот литературен јазик треба до најголем степен да се изрази неговата народна основа. Речникот на литературниот јазик да се збогатува со зборови од сите наши дијалекти, да се изградуваат нови зборови со живи наставки и, само колку што е потребно, да се усвојуваат и туѓи зборови.“***

*(Блаже Конески)*

- **ВАРИЈАНТИ НА СТАРОСЛОВЕНСКИОТ ЈАЗИК**
  - ***МАКЕДОНСКАТА ВАРИЈАНТА***
- **МАКЕДОНСКИ НАРОДНИ ГОВОРИ**
- **ФОНЕТИКА**
  - ***ПОДЕЛБА НА СОГЛАСКИТЕ СПОРЕД НАЧИНОТ НА ОБРАЗУВАЊЕ***
  - **САМОГЛАСНОТО Р**
  - ***СОГЛАСКИТЕ НА КРАЈОТ НА ЗБОРОТ***
- **АКЦЕНТ**
  - ***АКЦЕНТИРАЊЕ НА СЛОЖЕНИТЕ ЗБОРОВИ И НА БРОЕВИТЕ***
  - ***ОТСТАПУВАЊА ОД ТРЕТОСЛОЖНОТО АКЦЕНТИРАЊЕ***
- **МОРФОЛОГИЈА**
  - ***ИМЕНСКА ГРУПА ЗБОРОВИ: ИМЕНКИ, ПРИДАВКИ, ЗАМЕНКИ И БРОЕВИ***
  - ***ЗАЕДНИЧКИ ГРАМАТИЧКИ КАТЕГОРИИ НА ИМЕНСКАТА ГРУПА ЗБОРОВИ***
  - **ИМЕНКИ** – ***ГРАМАТИЧКИ КАТЕГОРИИ***
  - ***ГРАМАТИЧКА КАТЕГОРИЈА РОД КАЈ ИМЕНКИТЕ (ПРИРОДЕН И ГРАМАТИЧКИ РОД)***
  - ***ГРАМАТИЧКА КАТЕГОРИЈА БРОЈ КАЈ ИМЕНКИТЕ***
  - ***ВИДОВИ МНОЖИНА КАЈ ИМЕНКИТЕ***
  - **ГЛАГОЛИ – ГРАМАТИЧКИ КАТЕГОРИИ**
  - ***ГРАМАТИЧКА КАТЕГОРИЈА ВИД***
  - ***ГРАМАТИЧКИ КАТЕГОРИИ КАЈ ГЛАГОЛИТЕ: ЛИЦЕ, БРОЈ И ВРЕМЕ***
  - **ПРИДАВКИ**
  - ***ВИДОВИ ПРИДАВКИ И НИВНИТЕ ГРАМАТИЧКИ КАТЕГОРИИ***
  - ***СТЕПЕНУВАЊЕ НА ПРИДАВКИТЕ***
  - **БРОЕВИ** – ***ГРАМАТИЧКИ КАТЕГОРИИ***
  - ***БРОЈНИ ФОРМИ ЗА ЛИЦА***
  - ***ПРИБЛИЖНА БРОЈНОСТ***
- **СИНТАКСА**
  - ***ГЛАГОЛОТ ВО ЛИЧНА ГЛАГОЛСКА ФОРМА ВО ФУНКЦИЈА НА ПРИРОК***
  - **РЕЧЕНИЧЕН ЧЛЕН: П Р Е Д М Е Т**
  - **РЕЧЕНИЧЕН ЧЛЕН: А Т Р И Б У Т**
- **РЕЧНИК И СТИЛ**
  - **ЛЕКСИЧКО ЗНАЧЕЊЕ НА ЗБОРОВИТЕ**
  - **ХОМОНИМИ**
  - **НЕОЛОГИЗМИ**
- **ПРАВОПИС**
  - **ПРАВОПИСНИ И ИНТЕРПУНКЦИСКИ ЗНАЦИ**
  - ***ЗАГРАДИ ( ( ) )***
  - ***ЦРТА (ТИРЕ) ( – )***
  - ***АПОСТРОФ ( ’ )***
  - ***SВЕЗДИЧКА ( * )***

# ВАРИЈАНТИ НА СТАРОСЛОВЕНСКИОТ ЈАЗИК

## *МАКЕДОНСКАТА ВАРИЈАНТА*

### *Јазично катче*

● Како и дугите словенски јазици, и македонскиот јазик се развил од **прасловенскиот јазик (со кој говореле Словените пред нивното раселување).**

● **Најстар литературен јазик** на Словените бил **старословенскиот јазик.**

● На основа на старословенскиот јазик, браќата **Кирил и Методиј преведувале црковни книги од грчки на словенски јазик.**

● Во преводите ја користеле првата словенска азбука, **глаголицата,** создадена од Кирил (во втората половина од IX век.) Таа имала **38 букви.**

● **Св. Климент** ја упростил глаголицата создавајќи ја втората словенска азбука, **кирилицата,** која броела **44 букви.** (Ја нарекол така според својот учител Кирил.)

### *Споредете!*

Разгледајте ги двете илустрации, едната **со букви од глаголицата**, а другата **со букви од старословенската кирилица.** Така ќе стекнете **сознанија за формите** на буквите на двете словенски азбуки и ќе ги споредите.

● **Македонската азбука исто така се вика кирилица**. Прочитајте го преводот на Самуиловата надгробна плоча. Споредете кои букви од надгробната плоча се слични со современата македонска кирилица.



*Самуиловата надгробна плоча (старословенска кирилица)*



*Форми на најстари глаголски букви*

* * *

*Во името на Таткото и на Синот и на Светиот Дух јас Самуил слуга божји поставувам спомен на татко ми и на мајка ми и на брат ми на овие крстови. Овие се имиња на покојните: Никола слуга божји Рипсимија, Давид. Се напиша во годината на создавањето на светот 6501 (992/993) индикт 6*

*Превод на Самуиловата плоча (Цар Самуил ја посветил како надгробна плоча на своите родители)*

## Литературно катче

● Долго време **црковните книги биле препишувани со знаците од глаголицата.**

При тоа, **препишувачите од различни словенски народности внесувале јазични црти од својот јазик.**

● На тој начин се развиле **варијантите** (редакции, рецензии) на црковнословенскиот јазик (српска, чешка, руска и др.).

● Така настанала и **македонската варијанта** на црковнословенскиот јазик, **во XII век**. Македонската варијанта содржела **елементи од македонските говори.**

● **Македонската варијанта го означила почетокот на развојот на македонскиот јазик.**



Четвороевангелие на поп Јоан Кратовски *(кирилско писмо)*

**Македонската варијанта** на црковнословенскиот јазик има **повеќе особености.** Поважни се:

**А. Традиционалноста**

Иако **глаголицата била заменета со кирилицата**, во некои македонски текстови **имало цели делови предадени со глаголица.**

**Б. Мешање на носовките** (Ѧ – ен, Ѫ – он)

Во правописот на македонската варијанта особина била мешањето на буквите–носовки. **На пример:**

ѨЗЫКЪ > ѪЗЫКЪ (јазик)

**В. Замена на еровите** (Ъ = големо ер, Ь = мало ер)

Замената на еровите исто така била особина на македонската варијанта. Односно, Ъ > о и > е. **На пример:**

СЪНЬ > сон (с́н > сон)
ДЪНЬ > ден (д́н > ден)

***Задачи:***

1. **Разгледајте ја** шемата на која се претставени словенските јазици. Научи кои словенски јазици во која група припаѓаат.

| | | |
|---|---|---|
| ПРАСЛОВЕНСКИ | → западнословенска група | → полски, чешки, словачки, лужичко–српски |
| | → јужнословенска група | → **македонски**, бугарски, српски, хрватски, словенечки |
| | → источнословенска група | → руски, украински, белоруски |

2. Во текстот од Самуиловата надгробна плоча **пронајди го името Самуил.**

3. **Прочитајте го** преводот на Самуиловата надгробна плоча и **обидете се да откриете** и други зборови во оригиналниот текст. Во тоа може да ви помогнат табелите со букви од **глаголицата** и **кирилицата**, каде е претставен и нивниот изговор.

| Глаголица | Бројна вредност | Кирилица | Бројна вредност | Латинска транскрипција | Изговор | Назив на буквите |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Ⱚ | (500) | ѳ, θ | 9 | грч. θ | како грч. θ | ѳита |
| [illegible] | 600 | ꙋ | 400 | [illegible] | у | ук |
| Ⱉ | 700 | ѡ | 800 | грч. ω | о | отъ (омега) |
| Ⱋ | 800 | щ | — | št | шт | шта |
| Ⱌ | 900 | ц | 900 | c | ц | ци |
| Ⱍ | 1000 | ч | 90 | č | ч | чрьвь |
| Ⱎ | — | ш | — | š | ш | ша |
| Ⱏ | — | ъ | — | ъ (ŏ) | ъ (ŏ) | еръ (јер) |
| ⰟⰊ | — | ъı, ꙑ | — | y | како рус. ы | еры |
| Ⱐ | — | ь | — | ь (ĭ) | ь (ě) | ерь (ер) |
| Ⱑ | (800?) | ѣ | — | ě | jě | ять |
| Ⱖ | — | ꙗ | — | ju | ју | — |
| | — | ꙗ | — | ja | ја | — |
| | — | ѥ | — | je | је | — |
| Ⱔ | — | ѧ, ѧ | 900 | ę | е" | юсъ малыи |
| Ⱘ | — | ѫ | — | ǫ | о" | юсъ большіи |
| Ⱗ | — | ѩ, ѩ | — | ję | је" | — |
| Ⱙ | — | ѭ | — | jǫ | јо" | — |
| | — | ѯ | 60 | грч. ξ (ks) | кс | кси |
| | — | ѱ | 700 | грч. ψ (ps) | пс | пси |
| Ⱛ | (400) | ѵ (v) | 400 | грч. υ (ü) | и | ижица |

| Глаголица | Бројна вредност | Кирилица | Бројна вредност | Латинска транскрипција | Изговор | Назив на буквите |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Ⰰ | 1 | а | 1 | a | а | азъ |
| Ⰱ | 2 | б | — | b | б | букы |
| Ⰲ | 3 | в | 2 | v | в | вѣди |
| Ⰳ | 4 | г, ґ | 3 | g | г | глаголи |
| Ⰴ | 5 | д | 4 | d | д | добро |
| Ⰵ | 6 | є | 5 | e | е | есть |
| Ⰶ | 7 | ж | — | ž | ж | живѣте |
| Ⰷ | 8 | ѕ | 6 | dz | ѕ | ѕѣло |
| Ⰸ | 9 | з, ꙁ | 7 | z | з | земля |
| Ⰹ | 10 | ı, ї, і | 10 | i | и (ј) | иже |
| Ⰺ | 20 | и | 8 | i | и (ј) | и |
| Ⰼ | 30 | — | — | g' | ѓ | гєрвь |
| Ⰽ | 40 | к | 20 | k | к | како |
| Ⰾ | 50 | л | 30 | l | л | люди |
| Ⰿ | 60 | м | 40 | m | м | мыслите |
| Ⱀ | 70 | н | 50 | n | н | нашь |
| Ⱁ | 80 | о | 70 | o | о | онъ |
| Ⱂ | 90 | п | 80 | p | п | покои |
| Ⱃ | 100 | р | 100 | r | р | рьци |
| Ⱄ | 200 | с | 200 | s | с | слово |
| Ⱅ | 300 | т | 300 | t | т | тврьдо |
| Ⱆ | 400 | оу, ꙋ | 400 | u | у | оукъ |
| Ⱇ Ⱇ | 500 | ф, ф | 500 | f | ф | фрьтъ |

# *МАКЕДОНСКИ НАРОДНИ ГОВОРИ*

Во **Република Македонија** има голем број **дијалекти**. Речиси секој географски регион, секој град и неговата околина, се разликува во говорот од соседната област по некои елементи (по гласовите, по акцентирањето на зборовите и сл.). Но, во суштина, **јазикот е ист.**

**Што е тоа дијалект?** (Обидете се сами да заклучите според она што е кажано претходно !)

*Јазично катче*

**Говорот со кој се служат луѓето од едно подрачје се нарекува дијалект** (тиквешки дијалект, дебарски дијалект, кумановски дијалект и многу други).

**Што е тоа наречје? Поголема јазична единица во која спаѓаат повеќе блиски дијалекти се нарекува наречје.**

❒ *Размислете и заклучете!*

● Разгледајте ги двете шеми и обидете се да одговорите на прашањата. (Ако ви е потребна помош, поразговарајте, размислете со другарче или прашајте го наставникот.)

**македонски дијалекти** → **западномакедонско наречје**
→ **источномакедонско наречје**

**велешки дијалект**
**прилепски дијалект**
**битолски дијалект** → **западномакедонско наречје** → **основата на литературниот македонски јазик (стандарден** или **нормиран)**

● Во **колку наречја** се групирани македонските дијалекти и кои се тие?

● **Кои дијалекти** го сочинуваат западномакедонското наречје? **(Забелешка:** Покрај овие, спаѓаат и други дијалекти, но целта е заклучокот за **основата на македонскиот литературен јазик.**)

● Објаснете (според шемата) **која е основата на македонскиот литературен јазик.**

● Како уште се нарекува **литературниот јазик?**

### Задачи:

- **Прочитајте ги** внимателно текстовите кои следат. **Обрнете внимание** на јазикот на кој се напишани за да ги согледате и споредите карактеристиките на народните говори.
- **Запишете ги** во тетратката зборовите кои не ги разбирате. Потоа **побарајте објаснување** во делот од учебникот насловен како Речник на непознати зборови или пак од наставникот.

## *ДЕЉМИ СТОРИВМЕ, ЈАНО, ВЕРА И КЛЕТВА*

*(Песна од охридскиот крај;*
*Зборник на Кузман Шапкарев, книга VI)*

Дељми сторивме, Јано, вера и клетва
ни да се м’жиш, Јано, ни да се женам,
дур да си појдам, Јано, пуста чуждина;
тамо да седам, Јано, седум години,
дур да си стечам, Јано, седум хиљади.
Прва хиљада, Јано, нишан да пушчам,
втора хиљада, Јано, руба да т’прајам.
Третја хиљада, Јано, појас да т’прајам,
од ока сребро, Јано, пол ока злато;
а четвртата, Јано, куќа да прајам.
Петта хиљада, Јано, за мене руба;
шеста хиљада, Јано, коњ да си купам,
коњ да си купам, Јано, сам да си дојдам;
седма хиљада, Јано, свадба да чинам,
свадба да чинам, Јано, тебе да земам!
Кога си дојдов, Јано, тебе те најдов,
тебе те најдов, Јано, пусто свршено,
пусто свршено, Јано, неом´жено!

## *ЛОШАТА МАЌЕА*

„Една маќеа чувала едно девојче, а имала си и њоња ќерка. И тој сирачето што не било њоњо не сакала да го чува и си мислела како да го уништи. А своето њоњо си го чувала. И што ќе прај, ќе го праќа там у една воденица, а там ноќ доодиле ѓаволи и коџа човеци уништувале. И там ќе го праќа. Омесила му от пепел погача, напуњила му карта вода и го испратила у воденицата, там да ноќева, та тије ѓаволи да го изедат...“

*(Извадок од народна приказна од кривопаланечкиот крај)*

● Во тетратките, каде што ги запишавте зборовите кои не ви беа јасни, **напишете го** и нивното објаснување.

● Од народната песна и од извадокот **препишете ги** зборовите кои не се литературни, а потоа напишете ги онака како што треба да гласат на литературен јазик.

### ❒ Вежби:

● **Читајте ги** речениците **онака како што е обележан акцентот** на зборовите. Ќе забележите разлики во акцентирањето, во зависност од дијалектот на кој се напишани.

1. Кинисáа брáќа тройца, ќе барáат живејáчка.

(тиквешко–мариовски говор)

2. Излегнáла лáмјата од мóрето нóгу се насрдѝла.

(кочански говор)

3. Ќéрки му стáлно ткаéле плáтно, а тóј го бéлел.

(кичевски говор)

4. Óно појдé и си поведé кучéнце и éдно девóјче.

(кривопаланечки говор)

5. Одѝло, одѝло по пáте и сретнáло едéн човéк.

(говор од с. Негрево)

● Пронајдете книги со народни творби (можете и Зборникот од Миладиновци, збирка од Шапкарев или од Цепенков) и читајте творби напишани на дијалекти.

# ФОНЕТИКА

**(дел од науката за јазикот што ги проучува гласовите)**

## *ПОДЕЛБА НА СОГЛАСКИТЕ СПОРЕД НАЧИНОТ НА ОБРАЗУВАЊЕ*

### ❒ *Присетете се!*

● Гласовите во македонскиот јазик, **според струењето на воздушната струја** во усната празнина, се поделени во две групи: **самогласки и согласки.**

● Набројте ги самогласките во македонскиот јазик.

● Согласките пак можат да бидат **звучни** и **безвучни.**

● Направете низа во која ќе ги напишете звучните согласки, а веднаш под нив нивните безвучни парници (двојки). Која звучна согласка нема свој парник?

### *Јазично катче*

● Покрај споменатата поделба на согласките според нивната звучност, тие се поделени на групи и според **начинот на образување.**

● Според овој пристап согласките се делат на:

| | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **преградни** | п | б | м | д | н | њ | к | г | | | |
| **теснински** | с | з | ш | ж | в | ф | л | љ | ј | р | х |
| **преградно–теснински** | ќ | ѓ | ч | ц | ѕ | џ | | | | | |

● Изговорете ги согласките во трите низи. Размислете и согледајте ги разликите во однос на струењето на воздушната струја при изговорот на трите групи согласки.

### ❒ *Заклучок:*

● Додека ги изговарате согласките од **првата низа** (**преградните**), јазикот прави краткотрајна **преграда** во струењето на воздухот.

● При изговорот на согласките од **втората низа** (**теснинските**), јазикот и забите прават **теснина** низ која минува воздушната струја.

● Кога ги изговарате согласките од **третата низа** (**преградно-теснинските**), создадената **преграда** веднаш **преминува во теснина.**

## ❒ Повторете и вежбајте!

● Читајте ги гласно зборовите во низата за да ја почувствувате разликата во изговорот на согласките според начинот на кој се образуваат:

**среќа, дете, прва, влез, химна, џеб, зграда, ѓеврек, цевче**

● Определете го видот на согласките во горенаведените зборови според нивната звучност и според начинот на кој се образуваат.

**Предлог:** Тоа можете да го направите во табели, на табла.

● Заменете ја првата согласка на зборовите во низата, но таа да припаѓа на друга група согласки според начинот на образувањето. Потоа гласно прочитајте ги за да ги почувствувате разликите во начинот на нивното образување, но и промената на значењето на зборовите.

(**Пример:** крв – **ц**рв)

жена– ☐ена, мит – ☐ит, хор – ☐ор, мед – ☐ед, прв – ☐рв



# САМОГЛАСНОТО Р

## ❐ Присетете се!

● Внимателно разгледајте ги шемите за да можете да одговорите на прашањата.

| у | ши | | ле | то | | вра | та |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ↓ | ↓ | | ↓ | ↓ | | ↓ | ↓ |
| слог | слог | | слог | слог | | слог | слог |

● Што се добива со комбинирање на самогласките и согласките?

● Значи, од што се составени зборовите?

● Наброј ги самогласките во македонскиот литературен јазик.

## Јазично катче

● Веќе знаеш дека **самогласките (вокалите)** се носители на слоговите во зборовите. Како носител на слог во македонскиот јазик се јавува и согласката (**консонантот**) **р**, па оттаму се нарекува и **самогласно р**.

Самогласното **р** го сретнуваме во следниве случаи:

1. меѓу две согласки во зборот: т**р**ча, г**р**не, ц**р**в, ц**р**вен, к**р**т;
2. во почетокот на збор: ’**р**ѓа, ’**р**бет, ’**р**одква, ’**р**жи, ’**р**знува;
3. пред слог што завршува на самогласка: за’**р**ѓа, за’**р**жи, за’**р**ти, за’**р**ка.

## Проверка на знаењата

● Како се бележи самогласното **р** во почеток на збор или пред слог што завршува на самогласка? (Разгледајте ги примерите под точките 2. и 3.!)

● Поделете ги зборовите во низата на слогови:

**храброст, предмет, гордост, гранка, покрив, невреме**

● Во кои зборови го препознавате самогласното **р**:

**црево, трпение, црква, роза, пршлен, издржлив, праска, првак, трева**

● Посочете ги зборовите во речениците во кои ќе го препознаете самогласното **р**.

1. Вчера силно врнеше и прскаше на сите страни.
2. Мојот другар Крсте редовно го слави празникот Крстовден.
3. Марко стана првак во грбно пливање на градскиот натпревар.
4. Под стреата, едно врапче нервозно црцори секое утро.
5. Во групата беа еден Хрват и еден Србин.

● Во Правописниот речник пронајдете и запишете најмалку десет зборови во кои ќе го препознаете самогласното **р**.

● Потполнете ја пополнувалката на тој начин што ќе ги делите зборовите на слогови.



- Дел од кујнски прибор
- Во училницата пишуваме со креда на ...
- Дел од училишен прибор (во кој пишуваш)
- Телевизиски приемници
- Превозно средство (летало) – множина

## *СОГЛАСКИТЕ НА КРАЈОТ НА ЗБОРОТ*

### Задача

● Размислете кои согласки недостасуваат во табелата во која се впишани звучни и безвучни согласки.

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **звучни:** | | в | г | | ѓ | ж | | | џ | |
| **безвучни:** | п | | | т | | | с | ц | | х |

### Јазично катче

● Изговорете ги гласно зборовите во низата. Обрнете внимание на изговорот на нагласените звучни согласки кога се наоѓаат на почетокот на зборот и кога се наоѓаат на крајот на зборот.

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **ж**ар : ма**ж** | **в**лез : гре**в** | **з**аб : бр**з** | **г**нев : сне**г** | **б**ел : ле**б** |

● Забележувате дека иста **звучна согласка на почетокот на зборот, кога се наоѓа на крајот на збор звучи како нејзиниот безвучен парник (двојка).** Таа гласовна промена се нарекува **обезвучување** на согласките на крајот на зборот.

## *Правописно правило*

● Иако некои звучни согласки на крајот на зборот при изговорот се обезвучуваат, **ги пишуваме звучните согласки.**

**Пример:**

| | | |
|---|---|---|
| стра**ф** : стра**в** | пр**ф** : пр**в** | бре**к** : бре**г** |
| ↓ изговараме ↓ пишуваме | ↓ изговараме ↓ пишуваме | ↓ изговараме ↓ пишуваме |

● За да не грешиме при писменото изразување, кога **<u>се двоумиме</u>** дали да напишеме звучна согласка или пак нејзиниот безвучен парник, можеме зборовите да **ги членуваме** или да ги користиме нивните **множински форми.**

| | | | |
|---|---|---|---|
| е**ж** | пра**г** | клу**б** | ри**д** |
| еж**от** | праг**от** | клуб**от** | рид**от** |
| еж**ови** | праг**ови** | клуб**ови** | рид**ови** |

## *❐ Проширени знаења*

● Се случува при изговорот и пишувањето на зборови кои завршуваат на –**<u>ст</u>**, –**<u>шт</u>**, –**<u>жд</u>** и –**<u>зд</u>** да се испуштаат согласките **<u>т</u>** и **д** што е грешно.

**Примери:** кр**ст** (крс), ли**ст** (лис), при**шт** (приш), гро**зд** (гроз).

## *❐ Проверка на знаењето*

● Напишете десет збора во кои има обезвучување на звучните согласки на крајот на зборот. (Може да ви помогне Правописот на македонскиот литературен јазик или Правописниот речник.)

● Препишете ги зборовите од стиховите каде што има обезвучување на звучните согласки.

„Кога бев мал – мислев дека
само од нашата планина сонце се раѓа;
мислев дека мајка му го чека,
па затоа навечер зад рид паѓа;
мислев дека далеку некаде се крие
во своите дворови, кристални, светли,
мислев дека во срнени душеци спие
додека не го пробудат првите петли...“

*(„Нашето сонце“ – Боро Ситниковски)*

● Препишете ги точно зборовите во речениците за кои сметате дека се погрешно напишани. Потоа гласно, точно и јасно изговорете ги.

1. Никола ги пресече малиот прс со остриот нош.
2. Тој чувствува радос кога за ручек има орис.
3. Јадев леп со мас и тавче граф.
4. Шетаф покрај еден брек и си свиркаф среќно.
5. Тој чувствуваше жалос зашто одморот заврши.

## ❒ *Индивидуална задача*

● Секој од вас нека следи ТВ емисии и нека запишува зборови кои ќе бидат неправилно изговорени. Тоа правете го една недела.

Потоа, на еден од часовите, читајќи ги зборовите, кажувајте ги нивните правилни форми (изговори).



# АКЦЕНТ

## АКЦЕНТИРАЊЕ НА СЛОЖЕНИТЕ ЗБОРОВИ И НА БРОЕВИТЕ

### Јазично катче

- **Нагласувањето на еден слог во зборот се нарекува акцентирање (или акцент).** Тоа значи дека при изговорот на одреден слог во зборот, воздушната струја е со поголема јачина.
- Акцентот го бележиме со **посебен знак (/)** што се пишува **над самогласката** од акцентираниот слог (др́во, ри́бата, ри́дови).

### ❒ Согледајте!

- Прочитајте ги гласно зборовите во табелите. При тоа, насочете го вниманието на бројот на слоговите и местото каде што е обележан акцентот.

| | | | |
|---|---|---|---|
| дво́р | гр́ло | др́жава | исто́рија |
| пр́ст | де́те | ра́зговор | уче́бници |
| бро́ј | дру́гар | пла́нина | гале́ниче |
| **еднносложни** | **двосложни** | **трисложни** | **повеќесложни** |

- Кај **<u>едносложните зборови</u>** акцентот паѓа на **единствениот слог.**
- **<u>Двосложните зборови</u>** се акцентираат на **првиот слог.**
- **<u>Трисложните</u>** <u>и</u> **<u>повеќесложните</u>** <u>зборови</u> се акцентираат на **третиот слог броејќи од крајот на зборот.**

### Јазично катче

- Зборовите кои се составени од два или повеќе збора се викаат **<u>сложени зборови (или сложенки)</u>**. Акцентот кај сложените зборови се подведува под **<u>истото правило како кај простите зборови</u>**.

**Примери:**

**<u>1. сложени именки и сложени придавки</u>**

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| високра́мнина | кр́стопат | со́нчоглед | ново́роден | цр́ноок |

**2. сложени прилози и сложени заменски состави**

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| пре́тпладне | еднопо́друго | двоча́совен | ко́ј–годе | што́–годе |

**3. сложени бројни именки што завршуваат на –мина**

| | | | |
|---|---|---|---|
| седу́ммина | деве́тмина | илјада́мина | петте́мина |

**4. броевите поврзани со ‚и' (акцентот е на сврзникот ‚и')**

| | | |
|---|---|---|
| триесет ѝ три | триесет ѝ седум | педесет ѝ пет |

**Забелешка: Стотиците** се акцентираат: сто́ и пе́десет, три́ста и три́есет. **Илјадите** се акцентираат: и́лјада и две́сте, и́лјада и осу́мдесет. (**Значи**, зборовите се акцентираа поединечно.)

5. **приближните броеви се изговараат со еден акцент**

| | | | |
|---|---|---|---|
| два́–три | седу́м–осум | пет–шесна́есет | три–четири́есет |

## ❒ Проверка на знаењата

● Вежбајте читање со правилно акцентирање на сложените зборови: оревокр́шачка, зајди́сонце, пра́вопис, праволи́ниски, шпа́нско –фра́нцуски, три́пати, дво́кратно, сто́мина, шесте́мина, на́сила.

● Препишете ги зборовите во тетратка, а потоа акцентирајте ги.

| | | | |
|---|---|---|---|
| листокап | тутунар | жолто–зелен | меѓутоа |
| брзозборка | русокос | жолтозелени | триесет и пет |
| земјоделство | голорак | која–годе | двесте и триесет |
| војсководец | самостоен | какво да е | настрана |

● Вежбајте да го читате текстот со правилно акцентирање на зборовите. (Особено внимавајте на сложените зборови!)

„Честопати размислувам за времињата кога одев на гости кај баба ми и дедо ми. Секое лето се собиравме по седум–осум деца, безгрижни внучиња кои асфалтот го заменуваа со жолто–зелениот килим распослан по селските ливади. Претпладне правевме горе–долу по нивите, собиравме какви–годе цвеќиња, се бркавме и игравме мижитатара меѓу

сончогледите. Во попладневните часови се собиравме еднододруго и измислувавме брзозборки. Највозбудени бевме кога по летниот дожд ќе се појавеше виножитото, а ние си замислувавме најразлични желби.“

*Снежана Велкова – Андовска*

● Организирајте натпревар во читање на еден текст од учебникот, внимавајќи на интонацијата, дикцијата, акцентирањето. (Деталите договорете ги со наставникот.)

## ОТСТАПУВАЊА ОД ТРЕТОСЛОЖНОТО АКЦЕНТИРАЊЕ

### Јазично катче

● Во македонскиот јазик има случаи кога при акцентирањето на некои зборови, **има отстапување од правилата** за третосложното акцентирање.

● Прочитајте ги речениците, а потоа гласно изговорете ги нагласените зборови, почитувајќи го акцентскиот знак.

1.**Брза́јќи** кон стадионот, се сопнав на еден голем камен.

2. Фудбалерот дотрча кај нас **бришéјќи** ја потта од челото.

3. Требаше побрзо да го продолжиме патот кон **северозáпад.**

4. Тони вети дека **годинáва** ќе учи многу повеќе.

Забележавте дека кај нагласените зборови акцентскиот знак се наоѓа **на вториот слог од крајот на зборот**. **Значи**, кај овие зборови има **отстапување од правилата за акцентирање.**

### ❒ Заклучоци:

Отстапувања од третосложното акцентирање има кај:

**1. глаголските прилози** (зборови образувани од глаголи со наставката **–јќи**):

брзáјќи, бришéјќи, одéјќи, мислéјќи, читáјќи, пеéјќи

**2. одделни сложени зборови**

северозáпад, југóисток, северóисток

**3. временските прилози:**

годинáва, летóво, зимáва

## ❒ Проверка на знаењата

● Прочитајте ги зборовите во низите според обележаниот акцент.

жо́лто–зе́лено :

**Секој збор во сложенката си го задржува својот акцент.**

жолтозе́лено :

**Истите сложенки може да се изговараат под еден акцент.**

жолто–зеле́ните :

**Со зголемување на слоговите во зборот, акцентот се врзува за третиот слог.**

● Прочитајте ги сложените придавки според обележаниот акцент:

маке́донско–а́нглиско (друштво)

ку́лтурно–на́учен (собир)

при́лепско–би́толски (крај)

● Забележувате дека во сложенките секој дел си го задржува акцентот.

● Отстапувања од правилата има и кај некои туѓи зборови кои навлегле во нашиот јазик и за кои ќе учите во погорните одделенија.

## ❒ Вежби

● Вежбај да го читаш текстот гласно, внимавајќи на правилното акцентирање на зборовите. Посебно внимание посвети им на зборовите во кои има отстапување од третосложното акцентирање.

„Досега никогаш не сум имал проблеми со учењето. Но, годинава имав нов предмет – германски јазик. Некако „лабаво“ си ги сфатив обврските за редовно учење. Се разбира, оценката беше незадоволителна. Почна да ме фаќа паника. Гледајќи го учебникот, се плашев дека никогаш нема да го надоместам пропуштеното. И погледот упатен кон сино–сивите корици на учебникот ми предизвикуваше страв. За среќа, наставничката беше упорна и ја разбра мојата ситуација. Без да ми

префрли нешто, ме повика на дополнителна настава. Ми даде една мал македонско–германски речник и ми објасни како да го користам. Дома се затворав во собата на брат ми која се наоѓа на северо–исток. Оттаму нема поглед на игралиштето, што значи нема „да уживам“ гледајќи ги игрите на моите другарчиња. И? Резултатите од мојата упорност, како и од разбирањето на мојата наставничка, беа видливи...“

*Снежана Велкова – Андовска*

● Препишете ги зборовите во текстот кои отстапуваат од третосложното акцентирање и обележете го акцентскиот знак.

● Вежбајте правилно акцентирање на зборовите во низите:

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| седе́јќи | скока́јќи | мисле́јќи | зборува́јќи | пее́јќи |

| | | |
|---|---|---|
| лето́во | зима́ва | година́ва |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| североза́пад | југоза́пад | југои́сток | југоза́пад | северои́сток |

| | | |
|---|---|---|
| маке́донско–итали́јански | ку́лтурно–про́светен | ку́лтурно–на́учен |

## ❒ Задачи по групи

● Поделете се во три групи. Секоја група добива по една задача од набројаните :

– Првата група бележи зборови кои ќе ги чуе од ученици во одделението, погрешно акцентирани.

– Втората група бележи зборови кои ќе ги чуе дома, на улица, во продавница, на гости и сл., а се погрешно акцентирани.

– Третата група бележи погрешно акцентирање на зборови во емисии на телевизија и на радио.

● Групите ова го прават пет денови и подготвуваат списоци од собраните зборови.

● На еден од часовите секоја група презентира што подготвила.

# МОРФОЛОГИЈА

**(дел од науката за јазикот што ги проучува формите на зборовите)**

## *ИМЕНСКА ГРУПА ЗБОРОВИ (именки, придавки, заменки и броеви)*

**Зборовите кои имаат заедничко значење и заеднички особености образуваат зборовни групи.**

Во изминатите одделенија учеше за некои зборовни групи.

### *Присетете се!*

1. Зборовите кои **именуваат**: суштества, лични имиња, географски поими, предмети, појави и дејства ја сочинуваат зборовната група **именки.**

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| жена | птица | жаба | Милка | Македонија | стол | снег | состојба |

2. **Придавките** ја сочинуваат групата зборови кои **опишуваат:** суштества, предмети, појави, лични имиња, географски поими и дејства.

| | | |
|---|---|---|
| **вредно** (момче) | **дрвено** (столче) | **силен** (ветер) |
| **вредниот** (Јован) | **снежното** (Маврово) | **брза** (игра) |

3. Зборовите од групата **заменки означуваат** и **посочуваат:** лица, животни, предмети, појави и дејства.

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **тоа** (дете) | **она** (маче) | **оваа** (книга) | **таа** (магла) | **тој** (одмор) |

4. Групата **броеви** ја сочинуваат зборови кои **означуваат точна или приближна бројност** на**:** лица, суштества, предмети (количество и распоред).

| | | | |
|---|---|---|---|
| **еден** (човек) | **две–три** (кучиња) | **шест** (дена) | **третиот** (фудбалер) |

### *Запомнете!*

**Именките, придавките, заменките и броевите како зборовни групи се во тесна врска и заедно се нарекуваат именски зборови.**

### ❒ Вежби:

● Препознајте ги и класифицирајте ги во табели именските зборови од извадокот.

„Еден ден истрча на улица. Во џебот немаше ни паричe. Денес тој повеќе мислеше на вртешката одошто на леб. Нозете го водеа на плоштадот кон вртешката. Беше закитена како невеста. Оваа година вртешката имаше бротчиња, коњчиња и кајчиња...“

● Препознајте ги видовите именски зборови во квадратите и распоредете ги во табели според видот.

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| богато | дрво | второто | седум | Европа |
| дете | песот | онаа | снег | мрак |
| ова | јас | зелен | тоа | одмор |
| куќа | Дебар | вредни | леб | оној |
| Лиле | овие | три | дожд | прво |

## ЗАЕДНИЧКИ ГРАМАТИЧКИ КАТЕГОРИИ НА ИМЕНСКАТА ГРУПА ЗБОРОВИ

### Јазично катче

● **Именската група зборови** (именките, придавките, заменките и броевите) имаат заеднички граматички категории на **родот, бројот** и **членот (определеноста)**.

● **Именката зазема централно место** во именската група и **заедничките граматички категории произлегуваат главно од нејзиното усогласување со другите именски зборови.**

**На пример**: Ако именката е во множина и е од среден род, тогаш и придавката, заменката или бројот (зависно кој збор ќе го употребиме со неа) **задолжително го имаат истиот род и број.**

● Проверете го тоа во примерите (во квадратчињата)!

| именка | со број | со придавка | со заменка |
|---|---|---|---|
| **деца** | **две деца** | **убави деца** | **оние деца** |
| среден род | среден род | среден род | среден род |
| множина | множина | множина | множина |

| древено | столче |
|---|---|
| ↓ | ↓ |
| среден род<br>еднина<br>(придавка) | среден род<br>еднина<br>(именка) |

→ **Употреба на член** → древен**о** столче / столче**то** древено

- **Значи**, придавката и именката **се совпаѓаат во родот и бројот** (првата шема).
- Ако **придавката е пред именката**, тогаш се членува придавката, а ако **именката е пред придавката,** се членува именката (втората шема).

## Проширени знаења

- **Броевите еден** и **два** имаат форми за трите рода (**еден** – машки род, **една** – женски род и **едно** – среден род) и за множина **едни**.
- Формата **два** оди **со именки од машки род** (два молива), а формата **две со именки од женски и среден род** (две табли, две села).
- Ако **именката е определена** (членувана), а пред неа има број, тогаш **се членува бројот.** (Врати ми ги две**те** книги! Дај му ги двесте**те** денари!)

## Размислете и заклучете!

- Прочитајте ја реченицата и согледајте ги граматичките категории на заменката, придавката и именката.

| Од | таа | прекрасна | книга | научив | многу. |
|---|---|---|---|---|---|
| | ↓ | ↓ | ↓ | | |
| | заменка<br>женски род<br>еднина | придавка<br>женски род<br>еднина | именка<br>женски род<br>еднина | | |

Согледавте дека граматичките категории род и број кај заменката, придавката и именката **се совпаѓаат**.

**Значи, зборовите од именската група (именките, придавките, заменките и броевите) имаат заеднички граматички категории.**

## ❒ Вежби:

● Пронајдете ги во текстот зборовите од именската група (именките, придавките, заменките и броевите), класифицирајте ги во табели според видот и определете ги нивните заеднички граматички категории (род, број и член).

„Низ долините тече река. Целиот крај таа го дели на две половини. Овој мал свет реката го дели на два брега. А на двата брега, сосема близу до водата, растат тополи и врби. Малку потаму, на издигнатите падинки и од левата и од десната страна, стојат две куќи. Нивните прозорци се свртени како очи едни кон други. И цело време само се гледаат. А на прозорците две лица, две лица на двата брега. Две деца и два брега...“

*(„Мостови“ од Глигор Поповски)*

● Составете реченици од зборовите во табелите – за секоја табела една реченица. Сами треба да ги додадете глаголите во речениците и да внимавате на родот, бројот и определеноста (членот) кај именските зборови.

| | | |
|---|---|---|
| птица<br>оваа<br>убавите<br>пердуви | млечно<br>дете<br>едното<br>чоколадо | вреден<br>еден<br>голема<br>човек<br>волја |

## ❒ Задача за работа во парови (двојки)

● Секој ученик се договара со едно другарче за заедничка работа. Двојките (паровите) седнуваат еден до друг.

● Секоја двојка (пар) одбира текст од кој ќе ги запише придавките и ќе ги определи нивните граматички категории во корелација со именката која ја опишуваат.

● Двојките читаат од сработеното, а другите ученици следат и укажуваат на евентуално направените грешки.

# ИМЕНКИ

## ГРАМАТИЧКИ КАТЕГОРИИ НА ИМЕНКИТЕ

### Од јазичната норма

● Заедничките особености на зборовите се нарекуваат **граматички категории.**

● Заеднички особини на именките се: **род, број** и **определеност.**

### ГРАМАТИЧКА КАТЕГОРИЈА РОД НА ИМЕНКИТЕ

● Именките во македонскиот јазик му припаѓаат на еден од трите рода: **машки**, **женски** и **среден род**.

● Доколку именката означува **живо суштество**, тогаш родот на именката се одредува лесно зашто тоа е нивниот **природен род**.

### Задача

● Именките во табелата имаат природен род. **Дополни ги** празните полиња со потребните именки.

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| машки род | маж | петел | коњ | вол | мачор |
| женски род | жена | | кобила | | |
| среден род | дете | пиле | | теле | |

### Размислете и согледајте!

● Од примерите со именки, претставени во табелите, согледајте ги завршоците на именките од трите рода.

| **тој** – машки род | **таа** – женски род | **тоа** – среден род |
|---|---|---|
| Илиј**а** | проле**т** | виножит**о** |
| дед**о** | вес**т** | копј**е** |
| Јан**е** | љубо**в** | беб**е** |
| чове**к** | книг**а** | сел**о** |
| моли**в** | шум**а** | јајц**е** |
| дож**д** | мисл**а** | езер**о** |
| гла**с** | цреш**а** | врапч**е** |
| Гора**н** | Тањ**а** | дрв**о** |

Согледувате дека:

● Именките од **машки род** најчесто завршуваат **на согласка; мал број** именки од нив завршуваат **на самогласка.**

● Именките од **женски род** најчесто завршуваат на **–а**; **мал број** од овие именки завршуваат **на согласки.**

● Именките од **среден род** секогаш завршуваат на **–о** или на **–е**.

## ❒ *Забелешка*

● За полесно определување на родот на именките, **можете да си помогнете** со формите на личните заменки: **тој**, **таа** и **тоа**. (**На пример:** тој човек, таа ученичка, тоа учениче.)

## ❒ *Проширени знаења*

● Извесен број именки **покажуваат колебање во родовата припадност**, т.е. може да припаѓаат и на машки и на женски род.

**На пример:**

| машки род | женски род |
|---|---|
| Во **жарот** на играта тој згреши. | **Жарта** можеше да направи пожар. |
| Го истресе **правот** од рамото. | Избриши ја **правта** од клупата. |
| Имаше **кал** на подот. | **Калта** не можеше да се исчисти. |

## ❒ *Проверка на знаењата*

● **Препишете ги** во три колони именките од песната „Татковината“ од Миле Ангеловски, која се наоѓа во учебникот, според родот на кој му припаѓаат.

● **Класифицирајте ги** именките од речениците според родот на кој му припаѓаат. (**Внимавајте** на именките кај кои има колебање во родовата припадност.)

1. Таа е личноста која преживеа тешко детство.
2. На шалтерот странките беа пречекувани љубезно.
3. Тој како личност не предизвикуваше восхит.
4. Песокта на плажата беше многу ситна.
5. Купи масло и шеќер, но солта ја заборави.
6. Ставија крупен песок во аквариумот со ситни риби.
7. Во јадењето имаше ставено премногу сол.

● **Напишете ги** именките во горенаведените реченици кои покажуваат колебливост во родовата припадност.

● Еден ученик **нека раскаже** едно свое доживување. Другите ученици **ги запишуваат** именките кои ќе ги употреби. Потоа **определете го** родот на употребените именки.

## ГРАМАТИЧКА КАТЕГОРИЈА БРОЈ НА ИМЕНКИТЕ

● Разгледајте ги сликите и прочитајте ги именките кои ги претставуваат. Кон која граматичка категорија на именките ве насочуваат?



лист



птица



дете



листови



птици



деца

● Согледувате дека именките во македонскиот литературен јазик имаат два броја: **еднина** и **множина**.

### Јазично катче

● Именките **во еднина** означуваат **поединечни** предмети, суштества и појави.

● Именките **во множина** означуваат **повеќе** предмети, суштества и појави.

● Од примерите во низата ќе ги воочите и ќе ги наброите наставките со кои се образува множина кај именките.

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| еднина | птица | село | цвет | број | пиле |
| множина | птиц**и** | сел**а** | цвет**ови** | бро**еви** | пил**иња** |
| | ↓ машки род | ↓ среден род | ↓ женски род | ↓ машки род | ↓ среден род |

### Проширени знаења

● Има именки со **множинска форма**, а **се однесуваат и на еден и на повеќе предмети** (плеќи, ножици, панталони, очила, шалвари).

● Именките кои означуваат **материи/материјали**, се употребуваат обично во еднина (освен ако значат одделни видиви): злато, бакар,

мебел, свет, кафе. (**Но:** Купив **две** кафиња. Произведува **две** сорти вина.)

● **Сопствените именки** немаат множина: Водно, Беласица, Мирче, Биба, Шарко. (**Но:** Во одделението учеа **тројца Дарковци**.)

## ❐ Вежби:

● Поделете се на три групи. Заеднички одберете еден текст од учебникот. Едната група нека ги препише именките од машки род, другата именките од женски род, а третата именките од среден род. Именките кои се во еднина, напишете ги и во множина.

● Од именките во еднина напишете ги формите за множина: земја, двор, крв, срам, пот, леб, нога, скакулец, река, цар, нож, село, цут, грозд.

## ВИДОВИ МНОЖИНА КАЈ ИМЕНКИТЕ

### ❐ Присетете се!

● Додека го читате текстот, бележете ги именките.

„Есента дојде полека. Лазаше по двете патеки. Се распостелуваше и по дрвјата и по снопјата во селските дворови. Најпосле ги бојосуваше лисјата со жолта боја, а потоа со црвено-жолта боја. Кинеше по десетина листа и ги расфрлаше насекаде. На крајот, луто ги тресеше гранките на буките, а лисјата паѓаа како слапови...“

● Определете го родот и бројот на именките кои ги издвоивте од текстот.

### ❐ Размислете и заклучете!

● Објаснете ја разликата во множината на именките од текстот, односно што означува таа.

| дворови | пет прста | лисјата |
|---|---|---|
| ↓ | ↓ | ↓ |
| означува повеќе предмети од ист вид | означува избројано количество предмети | означува збир од истородни предмети |
| ↓ | ↓ | ↓ |
| **обична множина** | **избројана множина** | **збирна множина** |

● Со <u>**обичната множина**</u> се означуваат **предмети или суштества од ист вид што може да се бројат** (табли, краеви, мачки, уши, снегови).

● **Избројаната множина** означува **предмети или суштества во избројано количество** (три клуча, два прста, десет молива).

Ваква множина образуваат само именките од машки род на согласка (два брата, три дена).

● **Збирната множина** означува **збир од истородни предмети или суштества** (перја, крилја, ливаѓе, планиње).

## ❐ Да ги провериме знаењата

● Трансформирај ги именките во трите видови множина. (Сторете го тоа во табели.)

сноп, дрво, клас, година, рид, ливада, трева, билка, жито и пердув.

● Класифицирајте ги именките од песната според видот на множината.

### *ЗА ГОЦЕ ВОЈВОДАТА*

*Живко НИКОЛОВСКИ*

Работниците по полиња
што живееле, што коселе,
во срцата го носеле.

Аргатки на чифлизи
дробни солзи што лееле
нежни песни му пееле.

Овчарчиња сред рудини
бели стада кај ширеле
на кавали му свиреле.

В гора песни шепотеле
и дрвјата и водата -
за Гоце војводата.

● Трансформирајте ги именките од еднина во обична множина. **Внимаватејте**, зашто тие **прават исклучоци** во начинот на образување на множината! (Односно, се случуваат некои гласовни промени.)

нога, рака, оган, брат, човек, ветер, дете, уво, број, јунак

● Решете ја пополнувалката; поимите кои се бараат се во множински форми.



● обична множина за **жители** на Скопје
● обична множина од **клуч**
● обична множина од **воз**
● збирна множина од **бор**
● збирна множина од **нива**
● збирна множина од **ограда**
● збирна множина од **планина**
● обична множина од **родител**

# ГЛАГОЛИ

## ГРАМАТИЧКИ КАТЕГОРИИ КАЈ ГЛАГОЛИТЕ

### Присетете се!

- Посочи ги глаголите во следниот извадок.

„ Во просторијата седеше Луиџи и молчеше. Одвреме-навреме ќе погледнеше кон машината и посакуваше да ѝ се приближи. Одеднаш нешто силно тропна. Научникот стана. Го повика и Луиџи. Стоеја немо до машината.“

*(Елио Рупел)*

- Што означуваат глаголите?
- Што се тоа граматички категории?

### ГРАМАТИЧКА КАТЕГОРИЈА ВИД

- **Категоријата <u>вид</u> го означува траењето** на дејството или состојбата кои се означени со глаголот.
- Во македонскиот литературен јазик има **два вида** глаголи: **<u>свршени</u>** и **<u>несвршени</u>**.
- Обидете се да ја согледате разликата во траењето на дејствата во речениците.

| | |
|---|---|
| 1. Тони **<u>кажуваше</u>** приказна.<br>2. Дедо **<u>чита</u>** весник.<br>3. Мама **<u>ќе прави</u>** торта. | 1. Тони **<u>раскажа</u>** приказна.<br>2. Дедо го **<u>прочита</u>** весникот.<br>3. Мама **<u>направи</u>** торта. |
| ↓ | ↓ |
| Дејствата се **во одвивање** | Дејствата **се заокружени** |

### Запомнете!

- **Несвршените глаголи** означуваат дејства кои **ги сфаќаме во нивното <u>одвивање</u>** (носи, гледа, јаде, мисли).
- **Свршените глаголи** означуваат дејства што **ги сфаќаме во нивната <u>заокруженост</u>** (износи, виде, изеде, размисли).

## ❐ Проширување на знаењата

● Кај несвршените глаголи се издвојува една **подгрупа глаголи, повторливи глаголи**. Тие означуваат **дејство кое се одвива со прекини, со повторување** (седн**ува**, потпевн**ува**, разлист**ува**, прелет**ува**, слет**ува**). (Воочи ја наставката **-ува**!)

● Има една помала група глаголи, наречени **двовидски глаголи**. Односно, кај овие глаголи **видот во кој спаѓаат,** несвршени или свршени, **се согледува во самата реченица.**

**Пример:** 1. Семејството **вечера. (несвршен)** 2. Бојана **вечера** и излезе. **(свршен)**

● Честопати глаголите образуваат **видски двојки**, односно можат да се трансформираат од несвршени во свршени и обратно.

**Пример:** Глаголот лета од несвршен, со додавки може да се трансформира во свршен: **из**лета, **про**лета, **до**лета, **раз**лета.

## ❐ Вежби:

● Определи го видот на глаголите во извадокот.

„Од ден на ден измамниците бараа сѐ повеќе пари, свила, злато за ткаењето. Сето тоа го ставаа во своите торби, а на разбојот не ставија ниту еден конец, а и понатаму ткаеја на празно.

Царот испрати и втор дворјанин да види како тече ткењето на неговата нова облека. И со овој дворјанин се случи исто. И тој гледаше и гледаше, но не виде ништо освен празниот разбој.“

*(Ханс Кристијан Андерсен)*

● Трансформирајте ги свршените глаголи во несвршени!

**изрече, погледна, скокна, запеа, научи, помина, изгреа**

● Трансформирајте ги глаголите од несвршени во свршени!

**јаде, мисли, гледа, раскажува, пишува, оди, прашува, дава, чека**

● Препишете ги речениците на тој начин што ќе го промените видот **на глаголите.**

1. Вчера грмеше многу силно.
2. Соседот изгради убава куќа.
3. Зрелите круши паднаа.
4. Бабата го гали внучето.
5. Детето го поздрави соседот.
6. Лејла ќе оди кај Соња.
7. Таа трепери од трема.
8. Птицата слетува брзо.

## ***ГРАМАТИЧКИ КАТЕГОРИИ КАЈ ГЛАГОЛИТЕ: ЛИЦЕ, БРОЈ И ВРЕМЕ***

### 1. ГРАМАТИЧКА КАТЕГОРИЈА ЛИЦЕ

- Со категоријата **лице** се означува **односот на учесниците во говорењето.**
- Оваа категорија се претставува на следниов начин:

1. **прво лице -** го изначува **говорителот,** оној кој зборува;
2. **второ лице** - го означува **соговорникот,** оној со кој зборува говорителот;
3. **трето лице** - го означува **лицето за кое зборува говорителот.**

**Примери:**

| | | |
|---|---|---|
| **Јас** пеам убаво. | **Ти** пееш убаво. | **Тој** (таа, тоа) пее убаво. |

### 2. ГРАМАТИЧКА КАТЕГОРИЈА БРОЈ

- Оваа категорија го означува **бројот** на учесниците во говорењето.
- Разликуваме форми на глаголите во **два броја:** еднина и множина.

| еднина | множина |
|---|---|
| 1л. Јас пливав | 1л. Ние пливавме |
| 2л. Ти пливаше | 2л. Вие пливавте |
| 3л. Тој / Таа / Тоа → пливаше | 3л. Тие пливаа |

**Забелешка:** Во **трето лице еднина заменката** која го посочува лицето вршител на дејството (состојбата) **разликува форми за машки, женски и среден род.**

# 3. ГРАМАТИЧКА КАТЕГОРИЈА ВРЕМЕ

● **Поимот време** го означува **времето** кога се врши дејството (состојбата).

● **Граматичката категорија време** се определува според времето на зборување. Според тоа разликуваме:

**а) дејства (состојби) кои се вршат во моментот на зборувањето (сегашност);**

| | | |
|---|---|---|
| Учам за тестот | Таа слуша музика. | Одиме на излет. |

**б) дејства (состојби) кои се вршеле пред моментот на зборувањето (минатост);**

| | | |
|---|---|---|
| Учев за тестот. | Таа слушаше музика. | Одевме на излет. |

в) **дејства (состојби) кои ќе се вршат по моментот на зборувањето (идност).**

| | | |
|---|---|---|
| Ќе учем за тестот. | Таа ќе слуша музика. | Ќе одиме на излет. |

## Вежби:

(**Работа по нивоа:** Одбери која вежба ќе ја изработуваш.)

**1.** Определете ги граматичките категории лице, број и време на глаголите во текстот.

„Едно дете одеше в поле кај жетварите кои жнееја пченица. Чекореше радосно. Целото поле се златеше од дозраените жита. Набргу детето дојде до реката што течеше низ полето. Почувствува радост и посака да се капе.“

*(Езоп)*

**2.** Трансформирајте ги речениците од граматичката категорија време во која се дадени, во преостанатите две (сегашност, минатост и идност).

а) Сонцето изгрева рано.
б) Пееше еден славеј.
в) Ќе одиме во Битола.
г) Детето силно заплака.

**На пример:**
Јана доаѓа.
Јана дојде денес.
Јана ќе дојде утре.

**3.** Определете ги граматичките категории лице, број, време и вид на глаголите во песната.

### *ТАТКОВИНА*

*Анте ПОПОВСКИ*

Кога пристигна бродот во таа далечна земја
Тој виде непознат народ поседнат на брегот
И јадри ѕвезди на небото.

Што носи кога го прашаа
тој покажа врзана шамија со земја
а кога му ја истурија заплака.

Татковината е тоа рече тој и са ноќ
грутка по грутка, прашинка по прашинка
ја собираше.

## ❐ Задача за наредниот час

● Секој ученик пронаоѓа текст и во тетратка ги запишува глаголите од него.

Потоа во табела ги определува граматичките категории лице, број и време.

Секој ученик ова го прави на лист во уредно подготвени табели.

Читајте од подготвените листови, одберете ги најубаво и најточно изработените и направете си ѕиден весник



# ПРИДАВКИ

## *ВИДОВИ ПРИДАВКИ И НИВНИТЕ ГРАМАТИЧКИ КАТЕГОРИИ*

### *Присетете се!*

● **Придавките се зборови со кои се означуваат некакви карактеристики на предметите, суштествата и појавите.**

● **Посочете ги** придавките во речениците:

1. Види колкаво дрво!
2. Шетаа во градскиот парк.
3. Учам во шесто одделение.
4. Си купив памучна маица.
5. Вчера врнеше крупен град.

● Разгледајте ја шемата и присетете се на видовите придавки.

**ПРИДАВКИ**

- → *описни:* **весело** (дете), **зелена** (трева), **силен** (ветер)
- → *односни*
  - → *материјални:* → **златен** (часовник), **волнен** (џемпер),
  - → *присвојни:* → **дедино** (луле), **селски** (живот)
- → *бројни:* **второ** (дете), **двоен** (успех), **трета** (шанса)
- → *заменски:* **наш** (успех), **таков** (ден), **никаква** (прилика) **вакво** (дете)

● Определете го видот на придавките кои ги посочивте од речениците.

## Јазично катче

- **Придавките не се употребуваат самостојно.**
- Се употребуваат со именките и од нив **ги примаат родот, бројот и определеноста.** (Со ова се запознавте кога учевте за граматичките катогории на именската група зборови.)

- Тоа можете да го потврдите и од шемите.

**летно** **јунско** утро
↓ ↓ ↓
**придавка** **придавка** **именка**
↓
**среден род**
**еднина**

**млади** елени
↓ ↓
**придавка** **именка**
↓
**машки род**
**множина**

## Вежби:

- Препишете ги придавките од текстот и определете го нивниот вид.

„Ние сме кожни, длабоки чизмички. Во сите бои нѐ има, црвени, бели, сребрени... Меки сме, доволно длабоки и топли за да ги заштитиме од снег и студ нозете на нашите господари! - се фалеше еден пар чизмички.“

- Составете пет реченици во кои ќе користите по една од придавките: **мрзелив, градски, стаклена, стоти** и **онолкави**. (Внимавајте на совпаѓањето на нивните граматички категории со граматичките категории на именките.)
- Допишете соодветни придавки во речениците според барањата.

1. Вчера купивме ________________ чаши.
(со материјална придавка)
2. Гледа ________________ змија има во грмушката.
(со заменска придавка)
3. Ова е добар ________________ пријател
(со присвојна придавка)
4. Се обидов да одам по ________________пат.
(со бројна придавка)
5. Горан е мирно ________________ дете.
(со описна придавка)

## СТЕПЕНУВАЊЕ НА ПРИДАВКИТЕ

### ❐ Размислете и одговорете!

Прочитајте ги речениците и одговорете на прашањата:

● Посочете ги придавките во речениците и определете го нивниот вид.

● По кое својство се разликува овој вид придавки од другите видови придавки?

● Поразговарајте и за промената на формата на придавките.

| | |
|---|---|
| 1. Купив ситни цвеќиња. | 1. Запознав умен човек. |
| 2. Купив поситни цвеќиња. | 2. Запознав поумен човек. |
| 3. Купив најситни цвеќиња. | 3. Запознав најумен човек. |

Веќе знаете дека тоа се **описни придавки.** Согледавте дека овие придавки **се разликуваат** од другите видови придавки по можноста тие да го изразат **степенот на својство** на предметот (суштеството) именуван со именката.

Во однос на **формата** на придавките, воочувате дека придавките **ситни** и **умен** ја менуваат својата форма со додавање на претставките **по–** и **нај–** за да се искаже **степенот на својствата** на именките **цвеќиња** и **човек**.

### ❐ Од јазичната норма

**Описните придавки** изразуваат својство на предмет (суштество или појава) кое е застапено во помал или поголем **степен**. Оваа особина на придавките се нарекува **степенување на придавките**.

● Разгледајте ги шемите кои ќе ви помогнат да ги согледате **трите форми и називи за степените** на придавките, како и **правописот** при пишувањето на претставките **по–** и **нај–**.

| добар **позитив** | |
|---|---|
| подобар **компаратив** | најдобар **суперлатив** |

| тенко **позитив** | |
|---|---|
| потенко **компаратив** | најтенко **суперлатив** |

## Од јазичната норма

- **Основната форма** на придавката се вика **позитив**: брз, јак, мирен.
- **Првиот степен** на придавката се вика **компаратив**: побрз, појак, помирен.
- **Вториот степен** на придавката се вика **суперлатив**: најбрз, најјак и најмирен.
- Претставките **по–** и **нај– се пишуваат слеано со придавката.**

## Вежби:

*(Работа по нивоа)*

- Одбери која вежба ќе ја работиш. (Првата вежба носи најмалку бодови, а третата вежба најмногу. Со тоа ќе го покажете степенот на сопствените постигнати знаења.)
- Образувајте компаратив и суперлатив од придавките: **слаби, бел, мала, бавен, тажна, силно, тенки, вредна** и **тежок**.
- Препишете ги речениците на тој начин што описните придавки ќе ги степенувате во давата степена.

(**Пример:** Маре е вредна ученичка. Маре е повредна ученичка. Маре е највредна ученичка.)

1. Билјана носи чиста облека.
2. Кошаркарот има чудно однесување.
3. Ме воодушеви стариот човек.
4. Го облеков новиот фустан.
5. Таа покажа силен карактер.
6. Го сметам за лош човек.
7. Вчера прочитав убав расказ.
8. Почнав со лесна вежба.

- Напишете состав на тема „Есенска слика“ во која ќе користите придавки во нивната основна форма (позитив) и придавки во двата степена. Потоа потцртајте ги со молив.

# БРОЕВИ

## ГРАМАТИЧКИ КАТЕГОРИИ КАЈ БРОЕВИТЕ

### ❒ Да се присетите!

● Што означуваат броевите? (Примериве ќе ви помогнат да се сетите.)

Вчера купив **две** книги.

За подарок добив **три–четири** книги.

● **Значи**, броевите означуваат **точно** или **приближно количество** на предмети, суштества, поими. (Имам **две** мачиња. Имаше **две–три** идеи.)

### ❒ Од јазичната норма

● Броевите **немаат посебни форми** за изразување граматички значења:

● **Исклучоци:**

1. Броевите **еден** и **два** имаат форми за трите рода.

| **еден** човек | **една** жена | **едно** дете |
|---|---|---|
| ↓ | ↓ | ↓ |
| машки род | женски род | среден род |

2. Броевите **можат да се членуваат.** Значи, имаат граматичка категорија **определеност.**

Трите деца дојдоа.

Осумте дена изминаа.

* **Забелешка**: Броевите за приближна бројност не се членуваат (пет–шест луѓе, две-три страници).



## БРОЈНИ ФОРМИ ЗА ЛИЦА

### ❒ Од јазичната норма

● Во македонскиот литературен јазик се користат **посебни бројни форми кога има определена бројност на лица од машки пол.**

Трчаа **двајца** патници.
двајца → бројна форма; патници → именка од машки род

Беа **двајца** полицајци.
двајца → бројна форма; полицајци → именка од машки род

### ❒ Согледајте!

● **Бројните форми за лица од машки род се образуваат од простите броеви.**

● Согледајте ги нивните форми во табелите!

| | |
|---|---|
| два – двајца | шест – шестина, шестмина |
| три – тројца | девет – деветмина |
| четири – четворица | сто – стомина |
| пет – петина, петмина | двесте – двестемина |

**Примери: Стопедесетмина** беа лесно повредени од невремето.
Петнаесетина дена му беа доволни за одмор.
Петина дојдоа на време. Петмина играа.

## ПРИБЛИЖНА БРОЈНОСТ

● Броевите со кои се искажува **приближна бројност** се образуваат на два начина:

1. **со поврзување на два последователни броја**: три–четири (броеви), седум–осум (години), пет–шестотини (денари);

2. **со наставката –ина**: десетина (луѓе), петнаесетина (деца), шеесетина (години), стотина (учесници).

### ❒ Вежби:

● Напишете три реченици во кои ќе употребите броеви кои ќе означуваат точна бројност и три реченици со броеви за приближна бројност.

● Препиши ги речениците на тој начин што ќе ги членуваш броевите. (**Внимавај** зашто ќе треба да промениш нешто во речениците за да не ја изгубат смислата: Купив пет убави книги. Ги купив петте убави книги.)

1. Донесоа седум килограми компир.
2. Гостите испија три литра сок.
3. Ноќеска спиев шест часа.
4. Загубив две патики.
5. Дојдоа две сестри на татко ми.
6. Купив десет пенкала.

● Напиши пет реченици во кои ќе користиш бројни форми за лица.

● Препиши ги броевите од текстот и определи: дали означуваат точна или приближна бројност, употребено членување, бројната форма за лица и родот.

„... Натпреварот меѓу двете одделенија започна. Екипите броеја по шест деца, а на резервните клупи седеа по десетина играчи. Двајцата тренери шетаа покрај теренот и им даваа упатства на играчите. Се лутеа на тројцата судии кои беа многу строги и за неколку минути им доделија жолти картони на петмина. А публика имаше премногу. На петнаесетина клупи беа седнале по четириесетмина навивачи. Викаа, но упатуваа и по пет–шест веќе познати навреди за судиите. Дојдоа и десетина наставници кои исто така ги бодреа двете екипи...“

*(Од ученички состав)*



# СИНТАКСА

**(дел од науката за јазикот
кој ја проучува реченицата)**

## *ГЛАГОЛОТ ВО ЛИЧНА ГЛАГОЛСКА ФОРМА ВО ФУНКЦИЈА НА ПРИРОК*

### Да се присетите

- **Реченицата е говорна целина составена од меѓусебно поврзани зборови.**
- **Подметот и прирокот се главни реченични членови.**
- Посочи ги подметите и прироците во речениците:

Тања купи ролерки. | Сите дојдоа навреме. | Тие играа фудбал.

- **<u>Прирокот</u>** претставува **<u>основен, создавачки член на реченицата</u>. Без прирок, односно без глагол во лична глаголска форма, нема реченица.**

### Споредете!

- Прочитајте ги речениците споредувајќи ги нагласените зборови во однос на нивната форма (дали се во лична глаголска форма или не, односно дали можат да бидат создавачки (основен) член во создавањето на реченицата.

Гостите **<u>дојдоа</u>** кај нас. | **<u>Пеејќи дојде</u>** кај нас.

- Согледавте дека во **<u>првата</u>** реченица глаголот **дојдоа е во лична глаголска форма** и претставува **создавачки член на реченицата** зашто без него нема реченица. (Гостите ............ кај нас. Дали е ова реченица кога го нема прирокот – создавачкиот член?)
- Во **втората** реченица глаголот **дојде** е, исто така, *во* **лична глаголска форма** и затоа е создавачки член на реченицата (со другите зборови оформува реченица). Но, зборот **пеејќи не е во лична глаголска форма** и **не може да се јави во функција на прирок** (да оформи реченица). (Пеејќи ............ кај нас. Дали е ова реченица? Не, зашто недостасува глагол во лична глаголска форма.)

## Од јазичната норма

Во македонскиот јазик **глаголот е всушност прирок** кој пак е **основен член** на реченицата (создава простор за други зборови со кои **ќе се создаде реченица**). Затоа прирокот е и **создавачки член.**

Од друга страна, во македонскиот литературен јазик постојат **зборови кои се образуваат од глаголи,** но тие се **нелични глаголски форми** и затоа **не се јавуваат во функција на прирок**. Овие зборови подолу ќе бидат дообјаснети.

## Размислете и согледајте!

● Разгледајте ги шемите и согледајте ги карактеристиките на нагласените зборови (**од кои зборови се образувани** и **какво е нивното значење).**

| | | |
|---|---|---|
| **слушнат**<br>**слушајќи**<br>**слушање** | → | Зборовите се образувани од глаголот **слуша** |
| Таа е веќе **слушната** приказна. | → | Зборот **слушната** има карактеристики и на глагол и на придавка. Затоа велиме дека нагласениот збор е **глаголска придавка**. |
| Возеше **слушајќи** музика. | → | Зборот **слушајќи** означува паралелно дејство со глаголот возеше. За овој вид глаголски форми велиме дека се **глаголски прилози**. |
| **Слушањето** вести му е навика. | → | **Слушањето** е збор кој означува име на дејство, но не укажува на вршителот на дејството. Овие глаголски форми се нарекуваат **глаголски именки**. |

## Од јазичната норма

● **Глаголската придавка, глаголскиот прилог и глаголската именка се нелични глаголски форми** и тие **не се јавуваат во функција на прирок**. (Повеќе за нив ќе учите во погорните одделенија.)

## Проверете го знаењето

● Посочете ги прироците во извадокот. (**Внимавајте** на неличните глаголски форми!)

„... Навистина имав голема желба да го видам селото Галичник. Слушајќи за неговите убавини, посебно по гледањето на документарниот филм за галичката свадба, желбата стана уште поголема. И сега, кога се движам по тесните улички, искачувањето на ми паѓа тешко. Со почит се поклонив пред црквата Св. Петар и Павле, а гледајќи ги остатоците од прекрасните фрески почувствував тага. Забот на времето го сторил своето. Ми раскажуваа дека во дамнешни времиња, градењето на тие цврсти камени куќи го правеле мијачките мајстори, познати и во светот. А печалбарењето било посебна приказна. Секој Петровден заминувања, враќања, свадби... “

*(Од документарна емисија)*

● Од посочените глаголи образувајте ги трите нелични глаголски форми, а потоа со нив составете реченици: бере, пишува, мисли.

**На пример**: игра: играјќи–играње–игран.

1. Играјќи фудбал се повреди. Играњето карти му е забавно. Гледав игран филм.

● Одберете еден текст во учебникот. Поделете се во пет групи. Првата група да ги запише подметите; втората група прироците; третата група да ги трансформира глаголите во глаголски именки; четвртата група да образува глаголски придавки од глаголите, а петтата група од истите глаголи да образува глаголски прилози.

● Дополни ги речениците со лични глаголски форми и со нелични глаголски форми, внимавајќи да не ја изгубат смислата.

1. ________________ кон теренот, судијата ________________.

2. Дождот ______________ силно ________________ ги улиците.

3. Бебето ______________ додека беше _________ во креветче.

4. Горде ________________ не ____________________го тато.

# РЕЧЕНИЧЕН ЧЛЕН: П Р Е Д М Е Т

## ❒ Од јазичната норма

● **Главни реченични членови** се прирокот и подметот.

● Во реченицата сретнуваме и таканаречени **неопходни реченични членови: предмет** и **прилошки определби.**

● Реченицата може да содржи и **второстепени реченични членови:** атрибут и апозиција.

За **предметот** и **атрибутот** ќе учите оваа учебна година, а за другите реченични членови во погорните одделенија.

## ❒ Размислете и согледајте!

● Прочитајте ја реченицата и разгледајте ја шемата.




● Кој збор во реченицата е подмет? А кој збор е прирок?

● На кој збор во реченицата се врши (преминува) дејството од прирокот? (Следете ја стрелката во шемата!)

## ❒ Од јазичната норма

**Неопходниот реченичен член врз кој преминува глаголското дејство се вика п р е д м е т.**

## ❒ Проверете го знаењето

● Потцртајте ги подметите, прироците и предметите во речениците. (Со една црта подметите ______, со две црти прироците ══════, со три предметите ≡≡≡≡≡≡.)

1. Вчера сите игравме кошарка во дворот.
2. Моето маче пие млеко секој ден.
3. Тато редовно чита весници.

4. Наставникот ја објаснува фабулата.

5. Во саботата мама доби писмо од другарката.

● Составете пет реченици во кои предмети ќе бидат зборовите: **лектира, книга, сладолед, Мирјана** и **цвеќе.**

● Посочи ги предметите во народните пословици и поговорки.

1. Гладна кокошка просо сонува.
2. Два лешника кршат еден орев.
3. Во многумина има ум, ама во малкумина има разум.
4. Ѓаволот нема кози, но сирење продава.

● Изберете една песна во учебникот и пронајдете ги предметите.

## РЕЧЕНИЧЕН ЧЛЕН: АТРИБУТ

● Допишете зборови на линиите кои ќе кажуваат особини на именката дете.

**дете**

→ мирно

→ ____________________

→ ____________________

→ ____________________

● Додека ги пишувате зборовите, вие всушност пишувате **атрибути.**

### Од јазичната норма

● **Атрибутот е второстепен реченичен член** кој ја определува именката по **некоја особина** на предметите, суштествата и појавите кои ги именува таа именка.

● Атрибути најчесто се: **придавките** (**весел** човек, **момина** солза), потоа **заменките и броевите** (**наше** дете, **третиот** час), **именките**, но и **именки со предлог** (**парче** леб, **со црна** коса).

● Атрибут може да стои **пред** и **по** именаката (заби **бисерни, бисерни** заби).

## ☐ Проверете ги знаењата

- Пронајдете ги атрибутите во стиховите.

„... ископајте длабок бунар,
извадете ладна вода,
натопете лути рани
да не горат, да не болат...“

*(Кочо Рацин)*

„... Но, дали сум, мајко, јас достојно чедо
од твоето срце бар искра да молам?
И челото мое – избрчкано, бледо
да наведнам в умор врз твојата пола...“

*(Лазо Каровски)*

- Проширете ги речениците со атрибути.

1. Милка правеше торта
2. Фудбалерот постигна гол.
3. Сонцето печеше.
4. Садевме цвеќиња во дворот.
5. Ненадејно заврна дожд.

- На набројаните именки допиши им (збогати ги) по три атрибута. (На пример: убава, образована, неделна **емисија**.)

улица, лето, снег, извор, виножито

## ☐ За наредниот час

- Напишете песна на мотив зима (со најмалку осум стиха) при што ќе употребите повеќе атрибути. Од најуспешните творби кои ќе ги одберете на часот направете ѕиден весник. (Можеби ќе ве инспирира и оваа фотографија.)



# ЛЕКСИЧКО ЗНАЧЕЊЕ НА ЗБОРОВИТЕ

## *Јазично катче*

- Зборовите имаат **две** значења: **граматичко** и **лексичко**.
- **Граматичкото значење** значи дека имаат: род, број, лице, време.
- **Лексичкото значење** на зборовите значи нивна врска со предметите или појавите.

**Примери:**

студен = граматички е **придавка** од машки род, еднина;

студен – ладен = лексички тоа е **синоним (имаат слично значење);**

студен – топол = лексички тоа е **антоним (имаат спротивно значење).**

## *Да се присетите*

- Според лексичкото значење, веќе имате учено, зборовите можат да бидат:

а) **синоними** – зборови со различна форма, но со исто (слично) значење: чад-дим, куќа-дом, лекар-доктор, мрачно-темно;

б) **антоними** – зборови со спротивно значење: горе-долу, тесно-широко, многу-малку, ноќ-ден, мирно-немирно;

в) **пароними** – зборови блиски по изговор, но со различно значење: словенски-словенечки, миловно-мисловно, натпис-напис.

# РЕЧНИК И СТИЛ

## *ХОМОНИМИ*

## *Размислете и заклучете!*

- Разгледајте ги нагласените зборови во речениците и објаснете што се тоа **хомоними.**

1. Ја прочитав првата **глава** од книгата. Ме боли **глава.**
2. Главна улога имаше еден **кит**. Донесовме **кит** за изработка на фигурите.
3. Човекот **пита** по вратите. Баба пече **пита.**

- Согледавте дека нагласените зборови **имаат иста форма, но различно значење.** Тоа се **хомоними**.

## ❒ Проверете ги знаењата

● Објаснете го значењето на зборовите кога имаат лексичко значење на хомоними: коса, лак, град, јазик, час, мила. (**На пример: Мила** е моја најдбора другарка. Оваа девоја е многу **мила**.)

● Посочете ги хомонимите, антонимите и синонимите во текстот. (Можете да направите и табели.)

„Мојот дедо Драги е многу вредно човече. Работи дење-ноќе. И Баба ми Боса е вредна жена, но за дедо луѓето велат: побрзо реката ќе престане да тече, отколку тој да седи без работа. Тие ми се многу драги. Живеат во село и за ништо на светот не би се преселиле в град. Еднаш, кога силен град го уништи нивниот труд, татко ми ги повика да дојдат кај нас. Дојдоа, но си отидоа по пет дена. Не можам да заборавам еден настан за кој ми кажа баба ми. Работејќи со секира, дедо ја повредил раката. Го однеле на лекар и по укажаната помош дошол дома. Докторот му рекол по три дена да дојде на контрола. А дедо ми рекол дека „уште еднаш лекар нема да го види." Кутрата моја баба. Се грижела многу и ја измачувале лоши мисли за него. Се жалела дека цели ноќи не спиела добро, а деновите ѝ минувале со главоболки. Рој мисли ѝ минувале низ главата. А дедо, тој мислел само на нивата, на стоката. Ја зел косата и отишол на нива да коси сено. Кога го видела баба, ѝ се кренала косата на главата..."

*Снежана Велкова – Андовска*

● Напишете по пет реченици за секоја слика во кои ќе употребите синоними, антоними и хомоними.





# НЕОЛОГИЗМИ

## За јазикот

● Со развојот на човечката цивилизација и комуникацијата меѓу луѓето во светот, во сите јазици, па **и во македонскиот јазик, навлегуваат нови зборови и изрази,** или пак се создаваат во самиот јазик.

● Тие новосоздадени зборови се нарекуваат **ковачници или неологизми**.

## Размислете и одговорете!

● Од кои зборови (делови, елементи) се создадени неологизмите: **седумкатница, осумгодишен, секојдневен, виножито** и **дрворед**.

● Од какво потекло се зборовите кои се набројани (од нашиот јазик или се прифатени од други јазици): **сателит, ролерки, компјутер** и **реноме**. Потоа објаснете го значењето на зборовите.

● Имаат ли зборовите кои следат и поинакво значење од основното? Објаснете го ако имаат: **буба** (марка автомобил), **орган** (кој раководи).

## Запомни!

Неологизмите во јазикот навлегуваат на **три начина**:

1. **се создаваат со зборови од својот јазик**: русокос, пчеларник, фирмописец;

2. **се прифаќаат туѓи зборови**: сателит, телефон, афинитет;

3. **зборовите добиваат друго значење**: оператор (лекар кој оперира, но и мобилен оператор), тело (на човек, но и дел од чешма).

## Проверете ги знаењата

● Посочете ги неологизмите во текстот, објаснете го значењето и начинот на кој навлегле во македонскиот јазик.

„Живеам во центарот на градот во кварт со три солитера. Соседи ми се разни луѓе, т.е. од различни националности и вероисповеди. Приземјето е излепено со реклами, а тука се наоѓа работилницата на чичко Диме, автомеханичарот. Во просторијата има и компјутер на кој ние, децата, слободно можеме да пуштаме цедиња. Е, тоа не ни е дозволено кога чичко Диме гледа фудбалски меч. Кога неговиот омилен клуб губи, тој не размислува за својот речник...“

● Протолкувајте ги (објаснете ги) набројаните неологизми:

хектолитар, радиостаница, фраза, демант, крило, крт.

● Објаснете го значењето на неологизмите употребени во речениците.

1. Внесоа крт во нашите редови за да ни ги дознаат плановите.
2. На шишето со тесно грло насликав прекрасна шара.
3. Во кафулето џокејот пушташе прекрасна музика.
4. Бокс–мечот го следеа стотина навивачи.
5. Славиот фудбалер од невнимание даде автогол.
6. Инцидентот беше безначаен за нас, но сепак нѐ казнија.

## ❐ *Вежби по нивоа*

(Првата вежба носи најмалку бодови, а последната најмногу.)

● Пронајдете по три синоними, антоними, хомоними и неологизми во текстови од учебникот.

● Напишете по пет неологизми за трите начина на нивно навлегување во нашиот јазик.

● Составете по три реченици во кои ќе имате синоними, антоними, хомоними и неологизми. (Значи дванаесет реченици.)

● Напишете состав во кој ќе употребите: синоними, антоними, неологизми. Потоа потцртајте ги. Темата и насловот определи го сам.

# ИНТЕРПУНКЦИСКИ И ПРАВОПИСНИ ЗНАЦИ

## Од правописот

● **Интерпункциските знаци** се применуваат **за да се означат реченицитe** и **деловите во нив, паузите** и **интонацијата.**

● **Правописните знаци** се применуваат за **точно, правописно пишување.**

## *ЗАГРАДИ ( )*

## Од јазичната норма

● **Како интерпункциски знак се употребуваат:**

1. Да се стават во загради **дополнителни објаснувања**: Во весникот „Глас“ **(**кој го издаваме веќе три години**)** печатевме творби на ученици од I – VIII одделение.

2. **По цитат** да се каже авторот или податоци за цитатот: Беше објавен конкурс за литературна творба на тема „Мојата татковина“. **(**Во часописот „Литературни откритија“; творбите можат да бидат поетски или прозни.**)**

3. **Делови кои објаснуваат нешто во драмски текст**: Зафир праша: „Ќе се вратам ли од печалба жив?“ **(**Во гласот се чувствуваше тага.**)**

● **Како правописен знак се употребува:**

1. За да се означи **друга форма на зборот**: спом(е)нува, другар(ка).

2. **Место точка** зад цифри и бројки: под 1) или под а)

## *ЦРТА (ТИРЕ) ( – )*

● **Како интерпункциски знак се употребува:**

1) **Наместо наводници** кога се презентира директен говор:

Горан луто рече:
**–** Е, другпат нема да ти дадам книга!
**–** Зошто? **–** праша Борче.
**–** Зашто не внимаваш, ја валкаш, не ја чуваш добро.

2) **Вметнати реченици и зборови**: Кога дојдовме – тоа го правиме секој викенд – викендичката беше ограбена.

3) **Да се истакне збор, израз, реченица:** Каде и да погледнеш – прекрасна природа!

4) **Пред збор кој опфаќа претходно набројување**: Домати, пиперки, компир, кромид – сè беше купено за специјалитетот.

5) Кога реченицата **завршува спротивно од очекуваното**: Ти бараш совет за проблемот, а таа – ниту да те чуе.

- **Како правописен знак се употребува:**

1) Најчесто за замена на зборот **до** меѓу броеви: Живееше навистина долго (1890–1980) и создаде големо богатство.

2) Да се означи **растојание меѓу места**: На патот Битола– Прилеп се гради мотел.

3) Да **се поврзат** два поима: Се натпреваруваат Работнички –Тиквеш. Сега ја повикувам Гордана Митревска–Стојковска.

## *АПОСТРОФ (´)*

- **Како правописен знак, овој знак се употребува**:

1) За да се покаже **испуштен глас** во збор: држ’го (држи го), г’удри (го удри).

2) Во **дијалектни зборови:** ко’а (кога), в’к (волк), п’но (полно).

3) За **самогласното *р***: ’ржи, ’рѓа, за’рѓа.

## *SВЕЗДИЧКА (*)*

- **Како правописен знак се употребува:**

1) Да се **објасни** некој збор од текстот, а објаснувањето е под текстот: „Се движевме по најширокиот перон* во Европа. Насекаде беше чисто со убаво уредени катчиња за отпад**.

## *Проверете ги знаењата*

- Поделете се на групи и секоја група треба да пронајде по еден вид правописен или интерпункциски знак во текстови од учебникот. Потоа секоја група презентира каде сè го пронашла знакот и зошто е таму употребен.

- Наставникот подготвува диктат–текст во кој се бара употреба на овие знаци, но и на други знаци (за кои учеле во претходните одделенија: точка, запирка, прашалник, извичник...). Тој го чита текстот, учениците пишуваат, по што се проверува точноста на извршената

задача. (**Може да се примени**: текстот да го пишуваат ученици, реченица по реченица, на табла, и секој сам да си проверува и да коригира; или учениците во двојки (парови) да си ги разменат тетратките и со моливче да прават корекции. Наставникот може да обмисли и друг начин на проверка.)

● Да се примени автодиктат, односно учениците учат напамет дел од текст; потоа секој го пишува текстот во тетратките; проверката може да се спроведе како и на горепосочените начини, или да се направи на друг начин кој ќе го испланира наставникот.

## ❐ Индивидуални изработки

(Индивидуално секој ученик изработува лист)

● За секој учен знак напишете (по слободен избор) по десет примера.

● Тоа го правите на голем лист или на лист од блок. Знакот за кој сте се определиле го нагласувате со фломастер, маркер, боичка или слично.

● Презентирајте на час и најубаво и најточно изработените задачи нека ви послужат за изработка на Правописно катче.



# ИЗРАЗУВАЊЕ И ТВОРЕЊЕ

*„Во речникот на македонскиот литературен јазик треба, во прв ред, до максимум да се искористат елементите што се веќе дадени во народниот говор.“*

(Блаже Конески)

- **РАЗГОВОР**
- **РАСКАЖУВАЊЕ – ПРЕРАСКАЖУВАЊЕ**
- **ХРОНОЛОШКО И РЕТРОСПЕКТИВНО РАСКАЖУВАЊЕ**
- **ТРАНСФОРМАЦИЈА НА ДИРЕКТЕН ИСКАЗ ВО ИНДИРЕКТЕН И ОБРАТНО**
- **ОПИШУВАЊЕ (дескрипција)**
  - ***ОПИС НА ЛИК И НА ЛИЧНОСТ***
  - ***ОПИС НА ЛИК***
  - **ОПИС НА ПРЕДМЕТ, НА ПРИРОДНА ПОЈАВА И НА ПЕЈЗАЖ**
- **ИЗВЕСТУВАЊЕ**
  - ***СООПШТЕНИЕ***
  - ***ВЕСТ***

# РАЗГОВОР

● Читајќи го текстот, обрнете внимание на комуникацијата меѓу ликовите.

## *СО „ПЕТКА“ ДО УЧИЛИШТЕ*

*Соња ЈОВАНОВСКА*

Будилникот тоа утро заѕвони цел час порано. Не беше грешка, така намерно го намести татко ми. Преселбата заврши и таа ме оддалечи од моето училиште неколку километри, па морав да патувам со автобус. Возбудата растеше. Подготвен се најдов пред зградата каде ме сретнаа новите соседи, а јас љубезно ги поздравив:

– Добро утро и среќен ви ден!

Следуваше љубезен одговор:

– Да си жив и здрав, среќа да те следи на училиште!

Некако добив елан и тргнав кон автобуската станица. Мојата „петка“ штотуку пристигнуваше полна со патници како торба полна со одлични оценки. Вратата се отвори и јас се качив обраќајќи му се на возачот.

– Ќе ве молам еден билет, но за повеќе возења. Од денес сум ваш редовен муштерија.

– Повели момче, за десет возења, – ми го подаде билетот возачот.

– Благодарам! – му реков и се упатив кон средината на возилото. Се возев неколку минути кога ја здогледав училишната зграда.

– Извинете! – ѝ реков на жената пред мене. Тоа е моето училиште, морам веднаш да слезам!

– Повели момче, помини, – љубезно ми се насмеа и јас слегов.

Весел дојдов во училиштето и веднаш им се пофалив на другарите дека сега патот до училиштето ми е поинтересен.

– Ќе ни го покажеш ли твојот нов дом? – ме запрашаа соучениците.

– Секако, само повелете, ќе појдеме заедно, ќе ви го покажам моето новоизградено катче полно со предизвици, – се насмевнав со загадочен израз кој веднаш морав да го сменам зашто дојде наставничката. Станавме и во еден глас ја поздравивме – Добар ден!

Таа отпоздрави и часот започна. Потонав во светот на новите знаења што се пластеа во мојот ум.

А, забавата со другарите? Таа ќе дојде како награда. Ќе им предложам да појдеме во театар. Ќе ми се придружите ли и вие?

Ах, да, заборавив, на час не се зборува.

## Разговор за текстот

- Каде сè се одвива дејството во текстот?
- Кои зборови за културна комуникација ги воочи кај ученикот?
- Како се однесувале личностите со кои ученикот доаѓал во комуникација?
- Зошто нивниот однос кон него е токму таков?
- Разговарајте за вашиот однос кон личности со кои комуницирате: родители, другарчиња, во автобус, во такси, во продавница.

## За разговорот

Мислите, односно зборовите, кои им ги упатуваме на нашите соговорници, кои пак ни возвраќаат со соодветен одговор, се нарекува **разговор**. Тој служи како комуникација во различни животни ситуации од нашето секојдневие. Разговараме дома, со блиските, со пријателите, на улица, во продавница, во автобус, во театар, во библиотека, на родендени. Разменуваме мисли за: одреден настан, прочитана книга, проследен филм, спортски настан, ТВ емисија и сл. Особено е важна културната комуникација со зборовите: **молам, повелете, извинете, благодарам, поздрав**. Со тоа оставаме впечаток на културна личност, со воспитан израз кој помага во севкупната секојдневна комуникација и во животот.

***Бидете креативни***

(Сам одбираш за што ќе пишуваш.)

- Замисли дека си добил покана да одиш во театар, во кино или на роденден. Напишете импровизиран разговор со вашиот соговорник за тоа како сте ја прифатиле поканата, но и за тоа што се случило за време на настанот. Употребувајте ги зборовите:

– на мое големо задоволство...

– чест ми е...

– голема благодарност...

– повелете, молам, благодарам

– соодветен поздрав (добра вечер, лека ноќ, пријатен ден, убав ден.)

● Напиши импровизиран разговор при одење на продавница или во библиотека, внимавајќи на културните изрази.

● Прочитајте ги вежбите на часот и анализирајте ги разговорите, откривајќи ги спецификите на културната комуникација и нејзиното значење.

> ### ❐ *За наредниот час*
>
> ● Договорете разговор, на пример за прочитана книга, за проследен спортски натпревар, за филм или ТВ емисија, или за настан што се случил во училиштето, во соседството... Изнесете ги размислувањата и извлечете поука од дискусијата.



# РАСКАЖУВАЊЕ – ПРЕРАСКАЖУВАЊЕ

## ❒ *Прашања за размислување*

- Читајте го текстот во себе, а потоа читајте го дел по дел на глас.
- При тоа, размислете во кое лице е раскажан настанот.
- Забележете ги зборовите кои укажуваат во кое годишно време се случил настанот.

## *ЖЕЛБИ*

*Фејзи БОЈКУ*

Беше топло. Плажата вриеше од капачи. Личеше на кошница со пчели. Некои се капеа во топлата морска вода, други се сончаа... Децата во групи градеа песочен град од сказните.

Еден фотограф застана пред нив. Го виде големиот и убав песочен град и ги постави децата во полукруг да ги фотографира.

Потоа децата седнаа крај брегот, а до нив седна и фотографот. Тој започна разговор за нив. Ги прашуваше како се викаат и што сакаат да станат кога ќе пораснат. Тие слободно ги отвораа своите срца, му ги кажуваа желбите.

– Јас сум Дритан! – му рече момчето со сини очи. Кога ќе пораснам сакам да сум инженер. Ќе изградам голем и вистински град како овој од песок...

– Јас се викам Агим! – рече момчето што беше испружено на песокот. – Ќе станам морнар. Многу го сакам морето...

На ред дојде едно слабичко девојче со весели очи. Беше мирно и срамежливо. Тоа беше Мара, сестрата на Агим. Според зборовите на брат ѝ таа сакала да биде балерина. Таа не рече ништо, туку тоа го потврди со нишање на главата.

– Ќе бидам космонаут! – продолжи детето што беше на ред. – Ќе летам со ракета во вселената кон ѕвездите! – рече Блерим.

– Јас сум Анита Ќе станам лекарка. Ќе работам во детската болница. Ќе ги лекувам децата со лекови, а не со инјекции...

– А јас ќе станам возач! – рече момчето кое длабеше дупка во песокот. Ќе си купам едно мерцо, едно пежо, еден форд, еден кадилак...

– Ме викаат Шкелќим. Ќе бидам милиционер. Со мотор, хеликоптер и со брзи коли ќе ги гонам крадците и престапниците...

Децата до пладнето ги редеа желбите. Потоа сите се стрчаа кон топлата вода. Чичкото со апаратот остана на брегот. Таму далеку во сината вода како да ги гледаше идните инженери, возачи, космонаути, лекари...

## ❐ Се присетувам низ разговор

- Во кое лице нараторот го раскажал настанот?
- Набројте ги зборовите кои го определуваат годишното време и местото каде што се случил настанот. На тој начин ја откривате **локализацијата.**

## ❐ Запомнете!

**Локализација** значи **одредување на местото и времето кога и каде се случиле настаните** за кои се раскажува во творбата.

## ❐ Потсети се!

*(Индивидуална задача)*

- Потсети се на разликата меѓу раскажување и прераскажување.
- Прочитај ги извадоците и определи кој текст е раскажан, а кој е прераскажан.

* * *

„Една саботна вечер, додека татко ми и мајка ми седеа на куќниот праг, загледани во ведрата, миризлива пролетна ноќ, мајка ми воздивна:

– Ох, колку би сакала утре да однесам в црква момина солза, но ги нема повеќе никаде.

– За момини солзи годинава е веќе доцна. Ако ги нема во Пеколот, тогаш никаде ги нема, – одговори татко ми.

При спомнувањето на Пеколот, сиот затрперив и одвај дочекав да станеме, да ја заклучам куќата и да си легнеме. Ноќта долго време не можев да заспијам, зашто постојано ми излегуваше пред очите тоа страшно место... “

*Прежихов Воранц*

* * *

„Едно време имало двајца браќа женети. Тие си имале и по едно дете. Откако умрел татко им, тие си ја делеле куќата и бавчата по напола. Во делот на бавчата на едниот, имало една круша. Стопанот на таа круша еднаш, кога си јаделе млеко, го оставил тањирчето со млеко. Излегла една змија од под крушата, го испила млекото и оставила еден алтан (пара). Оттогаш човекот почнал наутро да остава по малку млеко, а змијата му оставила алтан...“

*Народна приказна*

## ❒ Заклучок

● Првиот текст е **раскажан.** Раскажуваме настани во кои сме учествувале или сме биле сведоци.

● Вториот текст е **прераскажан.** Прераскажуваме настани за кои сме слушнале, сме ги виделе или за нив сме читале.

## ❒ Задачи за наредниот час

### *(Работа во нивоа)*

● Прераскажи го текстот „Желби“.

● Прераскажи го првиот извадок (од авторот Прежихов Воранц).

● Раскажи го вториот извадок (од народната приказна)

● Биди раскажувач (наратор). Продолжи го извадокот од писателот Прежихов Воранц.

● На текстот „Желби“ промени му го воведниот дел, односно биди раскажувачот и измисли поинаков почеток.

● На часот читајте од составите. Дискутирајте за точноста на извршената задача и за изразувањето на соучениците.



# ХРОНОЛОШКО И РЕТРОСПЕКТИВНО РАСКАЖУВАЊЕ

### ❐ Размислете!

● Прочитајте го текстот внимавајќи на редоследот на настаните кои се раскажани.

● Размислете во кое лице е раскажан текстот. (Внимавај! Потсети се дека не смееш да ги поистоветуваш нараторот и авторот на текстот. Всушност, авторот го создава (обмислува, смислува), а нараторот (раскажувачот).

## *ЗБОГУМ МОИ ПЕТНАЕСЕТ ГОДИНИ*

*Клод КАМПАЊ*

Никогаш нема да ја заборавам ноќта за која ќе ти зборувам сега. Лекарот тукушто си отиде. Пред тоа ме одведе настрана: „Вие сте млад и сте нејзин син“, ми рече, „Но немам право да кријам од вас дека работата е многу сериозна. Таа може да умре ноќва, исто како што може да оздрави и да умре по еден месец или по една година... “. Во куќата бевме само со една одбивна болничарка која ме сметаше за слуга. Цврсто решен над неа да бидам цела ноќ, седнав крај нејзиниот кревет и ја држев за рака. Знаеш, тешко е саноќ да бдееш над болен што го сакаш. Над некој што е во бунило, што стенка, се задушува. Часовите изгледаат ужасно долги.

Јан замолча за миг. Веројатно се бори да го отфрли бранот на сожалување и нежност, што го зафати со спомените.

– Околу три и пол часот утрината, таа ме викна. Ме викна сосем тивко, но јас сепак ја разбрав: „Јан, слушај ме. Дојди поблиску!... “

Си го доближив увото до нејзината уста. „Ти не си мој син... “ повторуваше таа. „Ти не си мој син“. Помислив дека блада, а да ја смирам, шепотев: „О, мамо, јас сум твоето дете! Јас сум твоето момченце...“ И ја милував по косата. Но, таа постојано повторуваше: „Ти не си мој син... “ Изгледаше како да бара нешто, нешто што не успеваше да го каже. Најпосле воздивна длабоко и рече: „Ти си Норвежанец... Јас те посвоив за време на војната... “

И додаде уште потивко, но јас јасно разбрав: „Има еден капетан, француски капетан, кој знае некои работи за твоето минато... Тој бил во војска... со твоето семејство... во моментот на драмата... Се вика...“

Дишеше сѐ потешко и потешко. Помислив дека не ќе може да го изговори неговото име. „Се вика? “, прашав сосем тивко. На крајот рече: „Се вика капетан Мароа...“

## ❒ Учиме низ разговор

● Во кое лице е раскажан текстот? (Потврдете го тоа со посочување глаголи.)

● Текстот е: раскажан или прераскажан? (Поразговарајте за одговорот кој ќе го дадете; кои елементи придонесоа да го дадете тој одговор.)

● Поразговарајте и за редоследот на настаните. (Во тоа може да ви помогне прераскажувањето на фабулата.)

● Што претставува **хронолошкото раскажување**?

Раскажувањето на настаните **според редоследот како што се случувале** претставува **хронолошко раскажување.**

## ❒ Да споредиме

● Објаснете ги зборовите: **нишан, беседа** и **вознес** (со помош на наставникот)!

● Прочитајте го извадокот и споредете го редоследот на настаните од овој  и од претходниот текст.

### *ПРВО ПЕЕЊЕ*

*Трајан ПЕТРЕВСКИ*

Ќе раскажам и за сеќавањата на она што ми го раскажуваа како дете. Овде, далеку од родниот крај, сеќавањата се многу важни...

Мајка ми, според нејзиното кажување, и според кажувањата на свои блиски од нашата лоза, многу се израдувала кога сум се родил жив и здрав и својата радост не издржала да не ја искаже низ песна. Пропеала, иако уште жалела по татка (умрел пред да се родам), пропеала и проплакала. Како да сакала со своето прво пеење да ме задои со жубов за народната песна...

И моите браќа, Димитрија, Тане, мате, Апостол и Наум, ја делеле радоста на мајка ми, но најзагрижен за моето растење бил братот митре. Тој ми беше најголемата поткрепа и ми го отвораше патот. Неговите поучителни беседи се всадуваа во моето срце...

* * *

● На кои мигови се сеќава раскажувачот (нараторот)?

● Од какви чувства била преплавена мајката?

● Со што сакала да го „задои“ своето дете?

● Кој од браќата бил најзагрижен за најмалото дете во семејството?

● Преку чии кажувања раскажувачот бил запознат со она што го раскажува?

● Споредете го овој текст со извадокот „Збогум мои петнаесет години“ по начинот (редоследот) на кој се раскажани настаните.

## ❒ Заклучок

Согледавте дека во текстот „Прво пеење“ раскажувачот ги раскажува настаните според сеќавањата. Таквиот начин на раскажување, со **навраќање на настаните кои некогаш се случувале, се нарекува ретроспективно раскажување.**

## ❒ Задачи за наредниот час

● Поделете се на три групи и секоја нека добие една од задачите:

1. Првата група ученици нека поразговара со најблиските за нивните сеќавања кога сте се родиле. Потоа напишете состав во прво лице, ретроспективно, според тие кажувања.
2. Втората група, односно учениците–раскажувачи нека напишат (измислат) друг почеток на текстот „Прво пеење“.
3. Учениците од третата група нека го продолжат текстот „Збогум мои петнаесет години“ со хронолошко раскажување.

● На часот читајте од составите и дискутирајте за: успешноста на извршената задача според барањата, за изразувањето, т.е. стилската обоеност на составите, но и за читањето.



# ТРАНСФОРМАЦИЈА НА ДИРЕКТЕН ИСКАЗ ВО ИНДИРЕКТЕН И ОБРАТНО

## *Литературно катче*

Во нашата секојдневна комуникација **користиме директен и индиректен исказ**. И во литературата, во творбите кои ги читаме, сретнуваме **директни искажувања на ликовите (директен говор) и индиректни искажувања на ликовите (индиректен исказ)**.

Во текстовите кои следат, ќе препознаеш директен и индиректен говор на ликовите. Посочете ги (цитирајте ги) и двата вида искази.

### *КРАЛЕ МАРКО ЈА ЗАГУБИЛ СИЛАТА*

*(Легенда)*

Во тие стари времиња, кога шетале Бог и Крале Мако побратими. Марко имаше голема сила: можеше да ја преврти земјата наопаку! Кога виде Бог тоа чудо, ја собра тежината на земјата во една вреќа и седна на патот кај што врвеше Марко. Марко поминал тука.

–Море, синко, ела покрени ми ја вреќава! – му викна Бог.

Посегнал Марко со сабјата качен на коњот што го јавал и му ја кренал вреќата на рамо на стариот.

Тогаш го прашал Бог:

– Каде ќе одиш, бре, синко?

Марко му рекол:

– Ќе го барам крајот на земјава и ќе ја свртам наопаку!

Се исплашил Бог оти Марко имаше голема сила, премислил и му ја зел Божјата сила. Излегол пак Бог пред Марка. Ја собрал тежината на земјата во еден зобник.

– Ела, бре синко, да ми го покрениш зобникот на грбот.

Отишол Марко, посегнал со врвот на сабјата и – не може! Го фатил зобникот со едната рака, се обидел да го крене зобникот и – не може! Фатил и со другата рака – пак не може. Марко се сетил како станала работата и рекол:

– Аман, дедо!

– А, побратиме, – рекол Бог, – ме надмина ти?! Што имаш век да го проживееш со лаги, со магии; а со голема јунаштина, со Божја сила, како досега – не!

## ❒ Да поразговараме за текстот

● Објаснете го зборот **зобник**. (Побарајте објаснување во Речникот на македонски јазик или прашајте го наставникот.)

● Откријте ја темата на текстот.

● Неколку ученици искажуваат свои мисли за идејата од текстот. Одберете една која ви се чини најдобра.

● Од набројаните особини, посочете кои се соодветни за ликот Крале Марко:

| | | | |
|---|---|---|---|
| скромен | добродетел | користољубив | мудар |
| фалбаџија | срамежлив | злоупотребува | осветољубив |

● Откако ќе ги одберете особините кои можат да му се припишат на Крале Марко, дискутирајте од кои делови во текстот го заклучивте тоа.

## ❒ Споредете ги текстовите

● Откако ќе го прочитате извадокот, споредете ги исказите (директни и индиркетни).

„ ... Да, навистина Соња е моја најдобра другарка. Учиме во исто одделение, се дружиме и по часовите, заедно излегуваме. Сепак, честопати се прашувам дали ми е навистина најдобра другарка?! Ова прашање си го поставувам зашто речиси секогаш нешто ми забележува, или на мојот изглед, или на моето однесување. Кога ќе облечам нови панталони, вели дека се старомодни, дека „не сум во тренд“. Еднаш, кога одевме на излет, за моите нови фармерки рече дека „се од времето на баба ми“. Моите блузи, маички и џемперчиња ги нарекува „парталчиња“. А за мојата фризура? Што да ви кажам – сум имала коса виткана како кај Црнците од Африка. Бев пресреќна кога излеговме со нашето друштво во новоотвореното кафуле. И? Повторно мојата Соња ми го расипа расположението. Пред сите рече дека немам негувани нокти како нејзините зашто ги грицкам кога сум нервозна. А што се случи кога онака нервозна не внимавав и ја истурив чашата со кока–кола? Соња не можеше да не искоментира дека постојано сум така несмасна и ова не е ништо ново за мене... “

*(Од ученички состав)*

## ❐ Да поразговараме за текстот

- Во кое лице е раскажан извадокот?
- Која е темата во извадокот?
- Кои карактерни особини може да ѝ се припишат на Соња?
- Во текстот нараторот (раскажувачот) применил: директен или индиректен исказ? Откако ќе се определите за еден од одговорите, објаснете од кои елементи го заклучивте тоа. (Во тоа ќе ви помогне споредбата со претходниот текст, при што ќе можете лесно да направите разлика.)

## ❐ Задача за на час

- Поделете се во две групи. Едната група нека се подготви директниот исказ од текстот да го трансформира во индиректен, а другата група, индиректниот исказ во текстот да го претвори во директен исказ
- Презентирајте усно на часот и дискутирајте за успешноста или неуспешноста на трансформацијата на исказите. При тоа, укажете и на сторените грешки, но не заборавајте да ги и пофалбите за успешните презентирања.

## ❐ Задача за дома

- Во тетратките напишете состав во кој ќе раскажувате за својот најдобар другар или за својата најдобра другарка. Но, немој да опишувате физички (надворешни) карактеристики, туку ќе раскажувате за неговите (нејзините) карактерни особини.
- На наредниот час читајте ги домашните задачи и оценувајте се меѓусебе, но со дискусија зошто токму така сте ги оцениле задачите.



# ОПИШУВАЊЕ
## (дескрипција)

## *ОПИС НА ЛИК И ЛИЧНОСТ*

### *Литературно катче*

**Описот** е битен елемент во литературната творба. Тој за читателот претставува „**слика со зборови**“. Поточно, опишувањето ни овозможува да си создаваме **визуелна претстава** за она што го читаме. Во творбите сретнуваме описи на: **ликови, предмети, природни појави, на природата воопшто (пејзажи), на објекти, на простории** и сл.

### *Споредете!*

● Прочитајте ги внимателно двата текста. Споредете ги описите на ликовите и согледајте за какви ликови станува збор.

### *ЛИКОТ НА БОЈАН*

Откако го прочитав детскиот роман „Бојан“, почувствував дека сакам да бидам како него. Се прашувате зошто? Бојан е дете на дванаесетина години, слабичко, не многу високо, со нежна става. Но, тој покажал голема храброст, упорност и снаодливост кога се нашол сам во дедовата куќа на падините на планината. Писателот Глигор Поповски, преку постапките на Бојан, неговата грижливост за животните, за стариот дедо, пријател на неговиот дедо, како да сакал да ни покаже како низ неволјите на кои наидуваме, зачекоруваме во светот на возрасните.“

*(Извадок од состав на ученик)*

* * *

### *МОЈАТА БАБА*

Кога добив задача да опишам личност на која бескрајно ѝ се восхитувам, во мене немаше двоумење. Ќе пишувам за мојата баба.

Дедо ми, нејзиниот сопруг, починал кога мајка ми и вујко ми, братот на мојата мајка, имале само осум години. (Тие се близнаци.) Останала сама да се грижи за сѐ: за домот, за двете деца, за заработувањето пари неопходни за преживување, за школувањето на децата. И секогаш

чесно, гордо и со упорност се справувала пред тешкотиите кои наидувале во животот. Таа е таква и денес. Пензионерка која не престанува да им помага на своите деца кои имаат оформено свои семејства. И секогаш зборува тивко, полека, без нервоза одговара на секое прашање од нас, нејзините внуци, кои ги љуби најмногу... “

*(Извадок од состав на ученик)*

● Веќе согледа дека во првиот извадок ученикот опишал **лик** од прочитана книга. А во вториот извадок, еден ученик опишува **личност,** односно својата баба.

● Значи, треба да правиш **разлика меѓу лик и личност.**

## ❒ Задача за дома

(Секој ученик одбира една тема за која ќе напише состав.)

1. Личност која ме воодушевува со своите постапки
2. Запознав ново другарче
3. Не сакам да наликувам на таа личност
4. Прикажи ги на шеми добрите и лошите особини кај луѓето.
   (Прецртај ги во тетратка и уредно пополни ги.)

| добри особини | лоши особини |
| --- | --- |
| | |
| | |
| | |
| | |
| | |
| | |

На час читајте ги домашните задачи и дискутирајте за успешноста на задачите.

# ОПИС НА ЛИК

## Литературно катче

Ликовите се **носители на настаните** кои се раскажуваат во една епска творба. Значи, тие се **носители на фабулата**. Секој лик во себе носи **внатрешни (карактерни) особини и надворешни (физички) особини.** Надворешните особини ги согледуваме **од описите** кои ги дава авторот на творбата. А внатрешните особини **ги согледуваме од зборовите на авторот** и **од постапките на ликовите.**

## ❐ Размислете!

- Прочитајте ги извадоците од расказот кој следи.
- Обрнете внимание на описите на ликовите (надворешни и внатрешни).
- Размислете за нагласените зборови во текстот.

### ЕМИЛИЈА

*Томе АРСОВСКИ*

„Ема беше среќна. По малку ѝ беше непријатно поради тоа, но мораше да признае дека човек, особено една млада девојка, што не ретко мора да се чувствува поласката поради машките погледи што се вртеа по неа – треба веќе еднаш слободно да крене глава и во животот што настапува, да погледне со отворени очи... Не, таа не жалеше за годините без прошетки по улиците или по сенчестите алеи на големиот парк. Ех, Емилија, намуртена убавице, **пет лета, пет есени, пет зими и пет пролети...**

За девојка што сама го води малото домаќинство и ги носи на грб сите грижи околу вечно болниот татко, тоа мораше да биде така...

Дури и сега не можеше да си го замисли татка си поинаку, освен потпрен со една рака врз новиот бастун, додека со другата се држи за крстот. Ковчестите прсти, исушената глава со длапки од кои трескавично сјаат очите, жилест врат црн како земја и сув, сув до сувите нозе. За волја на вистината, таа заради него и се запиша на медицина, понесена од наивната заблуда оти ќе стане лекар и ќе го крене тој старец, **таа машина за кашлање ...“**

* **Забелешка**: Ова е еден од прекрасните раскази на македонскиот писател **Томе Арсовски**, од збирката насловена како **„Парадоксални раскази“**. Во него раскажувачот нè запознава со ликот на девојката Емилија, која живее само со болниот татко и во сиромаштија. Со голем труд, но и упорност, завршува медицина. Додека чека шанса да го полага последниот практичен испит се случува земјотресот во Скопје (1963 година). Како лекар помага во битката со повредените. Ја повикуваат да го испита и да даде исказ за мртвото тело на стар човек–самоубиец. Додека се подготвува пред Комисијата да го положи и овој испит, гледа дека самоубиецот е нејзиниот татко. Со тешко срце, со рој мисли, но без некој да забележи, ја извршува задачата...

## ❒ Разговараме за текстот

● Откако ќе ја прочитате белешката за овој расказ, содржината ќе ви биде појасна.

● Кои се тие **„пет лета, есени, зими и пролети“** за кои пишува авторот?

● Со читање на зборовите и речениците во првиот дел од извадокот, посочете ги описите на девојката Емилија. Определете кои од нив се надворешни (физички) описи на ликот, а кои се карактерни (внатрешни) особини.

● Каков вид опис (опишување) забележавте за таткото? Поткрепете го одговорот со цитирање зборови од текстот.

● Која е причинита за определбата на Емилија да студира медицина?

● Кои изразни средства ги препознавте во описот на таткото?

● На што се однесуваат зборовите **„таа машина за кашлање“**?

## ❒ Да ги утврдиме знаењата

● За наредниот час секој ученик да подготви опис (надворешен и внатрешен) на лик од прочитана книга. Вклучете ја и фантазијата, па како вистински наратор (раскажувач) вметнете и ваши замисли во описот на ликот.

# ОПИС НА ПРЕДМЕТ, НА ПРИРОДНА ПОЈАВА И НА ПЕЈЗАЖ

## ❒ *Присетете се*

● Повторете ги содржините кои ги изучувавте досега за **описот (опишувањето).**

● Внимателно прочитајте ги извадоците кои следат за да ја согледате сликовитоста на описите и изразните средства кои авторите ги употребиле.

* * *

„... Во собата на дедо влегувам со почит. Веројатно заради старите предмети кои така уредно ги сместил во неа. Соба – музеј. Ги донесе кога мораше да го напушти родното село и да се пресели кај нас. Сакам да ги разгледувам сите. Но, она од што тешко го одвојувам погледот е парче ткаенина. Дедо вели дека тоа е дел од галичка народна носија, кое баба ми го ткаела, го везела и го украсила. Колку убави шари навезени со црн, црвен и жолт конец! А нишките? Висат од сите четири страни на ткаенината. Густи, изврзани во јазли како топчиња. На краевите висат стари, сребрени петлици. Секој миг имам чувство дека ќе заѕвонат...“

*(Извадок од ученички расказ)*

* * *

„... Почна едно многу убаво време на будење, цутење и плодење. Мирното ѕвездено небо беше потонало во сонлива дремка. Наеднаш, црните облаци се прикрадоа како непријателски војници и ги заседоа мирното пространство. Небото засветка како во ноќта да се запалија сите негови светилки. Се осветли целата околина – ден! Почна да грми како нешто да се урива, па сè посилно татнење и кинење на небото кое плаче. И одеднаш – краууу.. Настана голем небесен пожар. Пламените јазици почнаа да слегуваат кон земјата...“

*(Милош Бабовиќ)*

* * *

„... Жан брзо се спушташе по ритчето. И не беше тоа некој висок рид! Селаните го пошумувале со најразлични видови дрвја и грмушки. Имаше и дрвја кои нудеа сочни плодови: ситни и вкусни крушки, жолти и модри сливи, капинки... Иташе Жан по тесната патека која водеше

кон дедовата нива. Целото ритче беше прошарано токму со такви тесни патеки. Мораше да застане за да си го поврати здивот. Погледна удолу. Каков поглед, каква милина! Се распослала дедовата нива, а во неа натежнало житното класје. А околу него гордо се издигнале сончогледите, толку слични на сонца. Милина да гледаш!.. ...“

*(Ромен Ролан)*

## ❒ Разговор за текстот

● Што е опишано во првиот извадок? Кои изразни средства (стилски фигури) го користел авторот за да ја збогати сликовитоста на текстот? Објаснете ги зборовите **јазли** и **петлици.**

● Прераскажете го вториот текст со свои зборови како замена на зборовите кои ги употребил авторот за да го опише невремето. Нагласете ги и стилските фигури на кои наидувате при читањето на текстот.

● Што опишал авторот во третиот извадок? Како се вика таквиот опис? Со кои изразни средства создал толку впечатлив опис?

## Литературно катче

● **Пејзажот** претставува опишување на природата или пак делови од неа.

● Опишувањето на **предметите, природните појави, пејзажите** честопати ги сретнуваме во литературните творби. Тие можат да претставуваат и **теми** на кои авторите ги создаваат своите творби, но можат да бидат застапувани и **како делови од некоја творба** во која се обработува друга тема.

● Веројатно забележавте во извадоците дека при опишувањето се користат и **аудитивните** и **визуелните** елементи.

● Описите ги сретнуваме и во **лирските** и во **епските** творби.

## ❒ Задача за наредниот час

● Една група ученици нека напише состави во кои ќе опишува предмети. Друга група нека состави песни во кои ќе опише природна појава. А третатат група нека твори пејзажи (во поезија или проза).

● Трите групи треба да користат стилски фигури, аудитивни и визуелни елементи.

● На часот читајте ги творбите и дискутирајте за успешноста во творењето (според претходно дадените упатства) и за стилот со кој се создадени (убави реченици, јасни мисли, богат речник).

# ИЗВЕСТУВАЊЕ
## (соопштение и вест)

## *СООПШТЕНИЕ*

### ❐ *Размислете!*

● Во секојдневието често читате текстови кои ве известуваат за некој важен настан или случка. Прочитајте ги текстовите и обрнете внимание на содржината во нив, како и на стилот и јазикот на кои се напишани.

**Важно!**

Им се соопштува на сите ученици дека во петок, во 12 часот, ќе започнат активностите за одбележување на Денот на училиштето. Сите заинтересирани ученици кои имаат подготвено точки со кои сакаат да настапат, да се пријават кај одговорните наставници најдоцна до среда.

**Културно катче**

Дирекцијата за култура и уметност им соопштува на граѓаните во нашата општина дека од идниот месец, во Домот на културата ќе бидат отворени културни катчиња каде ќе бидат изложени творби од младите кои живеат во општината (слики, фотографии, литературни творби и др.), а ќе настапуваат и млади музички уметници. Се повикуваат граѓаните да земат учество и да дадат свој придонес во културното воздигнување на нашите млади жители.

### ❐ *Разговор за текстовите*

● Каква разлика откри во однос на стилот и на јазикот на кои се напишани овие текстови, во споредба со литературните дела?

● Со каква цел се напишани текстовите?

● Кои особини на литературно дело не ги пронајде во овие текстови?

### ❐ *Заклучок*

Текстовите што секојдневно ги слушаш или читаш, а во кои се **соопштува некој важен настан** за пошироката јавност, се викаат **соопштенија**. Тие по својот облик и по содржината се разликуваат од

литературен текст. Напишани се **кратко** и **јасно**, **вистинито** и **прегледно**, со цел за подобро прифаќање на податоците што се презентираат во нив.

И овие текстови придонесуваат за збогатување на вашата говорна и писмена култура.

### ❒ *Задачи*

- Напишете соопштенија за настан што ќе се случи во вашето училиште, населба, град, село. Можете да ја користите и вашата фантазија и да соопштите нешто што би сакале да се случува. Презентирајте ги на часот
- Пронајдете соопштенија во весниците и дискутирајте за нивната содржина и состав.

## *ВЕСТ*

### ❒ *Размислете!*

- Согледајте кои елементи (податоци) ги содржат текстовите кои следат.

### Наградени најуспешните

Вчера, во 19 часот, во Националниот театар се одржа свеченост на која им беа врачени наградите на најдобрите ученици од целата земја кои се натпреваруваа на Олимпијадата на знаењата. Беше организирана и приредба на која настапија млади таленти од музичкото училиште. Беа наградени десет ученици кои се натпреваруваа по сите наставни предмети. Тие добија комплети со вредни книги и дипломи, како предност за запишување во образовните институции кои ќе ги одберат. Наградите им ги врачи Претседателот на манифестацијата, г–дин Петар Петровски.

### Организиран одмор

Училишниот одбор на Училиштето вчера, на состанокот одржан во 17 часот во наставничката канцеларија, донесе одлука ова лето да се организира летување за сите заинтересирани ученици во детските одморалишта во Охрид, Струга и Дојран. Смените се организирани на секои десет дена, а ќе биде вклучено и разгледување на историските сопоменици во околината на туристичките места, сè со цел учениците да имаат активен одмор.

## ❒ Разговор за текстовите

- На кои прашања можете да добиете одговори од текстовите?
- Набројте кои сè податоци ги дознавте од текстовите.

## ❒ Заклучок

**Кусото известување за некој нов и значаен настан се вика вест**. Веста треба да биде **навремена, вистинита, актуелна, интересна и да дава одговор на прашањата: кој, што, каде, кога, зошто, како**. Во веста се запознавате со одредени податоци за некој настан во кратки црти (место, време, повод, причина, тек на настанот, носител), со **јасен** и **прецизен јазик** карактеристичен за новинарскиот стил. Вести читаме во весниците, а тие се и составен дел на вестите на радио, ТВ, но и на електронските – интернет портали.

## ❒ Задача

Проследете неколку вести од информативните електронски медиуми или прочитајте во весниците. Пронајдете ги во нив одговорите и податоците кои треба да ги добиете од веста.

**Индивидуална работа**

Напишете вест за настан од вашата околина и презентирајте ја на часот. Анализирајте ги јазикот и содржината на веста. Употребете ја и својата фантазија за да сооопштите вест која сакате навистина да ја чуете (прочитате).





# МЕДИУМСКА КУЛТУРА

*„Филозофор Волтер рекол дека, човекот не може да го сака  тоа што не го познава! Затоа треба секој од нас да го учи својот јазик за да го запознае што подобро, а љубовта  кон јазикот тогаш ќе дојде сама по себе.“*

*(Блаже Конески)*

- **ВИДОВИ ФИЛМОВИ СПОРЕД НАМЕНАТА И СПОРЕД СОДРЖИНАТА**
  - ***АНИМИРАН ФИЛМ***
  - ***ДОКУМЕНТАРЕН ФИЛМ***
- **РАДИО И ТВ ЕМИСИИ**
- **ДЕЛОВИ НА ПЕЧАТЕНО ДЕЛО (пасус, предговор, поговор, глава, том)**

# ВИДОВИ ФИЛМОВИ СПОРЕД НАМЕНАТА И СПОРЕД СОДРЖИНАТА

## ❐ *Медиумско катче*

● **Гледањето филмови претставува секојдневие за современиот човек. Влијанието** на филмот и јунаците во него **е огромно. Посебно кај децата** кои сосема му се предаваат на она што го гледаат во филмовите. Честопати **тие се поистоветуваат со јунаците** во филмовите и го имитираат нивното однесување.

● Оттаму доаѓа и потребата **вие децата,** додека ги гледате филмовите, **да размислувате за позитивните и негативните постапки на ликовите**. Секако, да сфатите дека постапките на овие вторите, негативните, треба да ги отфрлите, да ги осудите и да не ги имитирате.

● Филмовите **се разликуваат** според својата **намена** и **по содржината.**

## ❐ *Размислете и разговарајте*

● Во двете табели се набројани видовите филмови. Откако секој индивидуално ќе ги разгледа и ќе размисли за нивната содржина, ќе разговарате за тоа какви содржини презентираат тие филмови. Нема да ви биде тешко ако добро размислите зашто самите имиња на видовите филмови ви укажуваат на нивните содржини. **Значи, нема дефиниции.** Секако, тука е и наставникот кој ќе ви помогне во заклучоците.

Видови филмови според **нивната намена**

| | |
|---|---|
| забавни | рекламни |
| уметнички | информативни |
| просветни | научно-популарни |

Видови филмови според **нивната содржина**

| | |
|---|---|
| борбени (историски) | вестерн (каубојски) |
| фантастични | психолошки драми |
| авантуристички | љубовни |
| детски | криминалистички |

● **Забелешка:** Честопати **не може да се определи видот на филмот** зашто во него се испреплетуваат елементи од повеќе видови. **На пример:** Филмот е рекламен, но тој и информира. Или, филмот е детски, но има и авантуристички елементи.

## ❐ Подготовка за час

**(Индивидуална задача)**

● Секој од вас во тетратката ќе одговори на прашањата кои следат; секако пишувате за филмот кој вие ќе си го одберете.

1. Наслов на филмот и видот (според намената и содржината)
2. Прераскажи ја фабулата на филмот
3. Определи ја темата и идејата од филмот
4. Наброј ги главните и споредните ликови (нивните меѓусебни односи, т.е. кој кому што му е)
5. Кои постапки на ликовите ги оправдуваш и зошто; кои постапки на ликовите не ги оправдуваш и зошто?

# АНИМИРАН ФИЛМ

## ❐ Се присетуваме и разговараме

Омилени детски филмови се оние во кои **главните јунаци се нацртани или претставени со кукли**. Присетете се кои филмови и куклени претстави сте ги гледале. Зошто тие ви биле интересни и необични? По што се разликуваат овие филмови од играните?

## Медиумско катче

Филмовите во кои се оживуваат и се ставаат во движење цртежите, силуетите, облаците, боите и слично, се викаат **анимирани филмови.**

Во зависност од тоа кој вид техника е употребена при снимањето, анимираниот филм може да биде – **цртан, куклен, со силуети, со предмети** и сл.

**Цртаните филмови** се одликуваат со „живи цртежи“, боја и ритам. **Границата меѓу реалноста и нереалноста е избришана,** мртвите предмети оживуваат, а суштествата и растенијата добиваат карактер на предмети. Цртаниот филм го усовршил **Волт Дизни** (1901–1966) чии јунаци: се трите прасенца, Пајо Паторот, Шиљо, Плутон, Мики Маус.

**Куклена претстава** – главните ликови се кукли чиј говор го позајмуваат актери. Може да се изведуваат на сцена во театар, но и во специјално изработена подвижна сцена каде напред се гледаат куклите, а во заднина се актерите кои ги движат нивните раце и нозе, тело и глава и зборуваат.



## ❒ За дома

● Проследете цртан филм или куклена претстава (може во театар или на ДВД.) Наредниот час дискутирајте за ликовите и нивните карактери. Воочете ги разликите меѓу куклена претстава и цртан филм. Направете табели во кои ќе ги впишете разликите и сличностите меѓу нив.

## ❒ Биди креативен

Обидете се да направите цртежи во кои ќе прикажете одреден лик и неговите постапки **(стрип)**. Ставете ги во движење и ќе добиете подвижна слика. Презентирајте ги стриповите и нивната содржина на часот и направете ѕиден весник од вашите изработки.





## ДОКУМЕНТАРЕН ФИЛМ

### ❒ Подготовка за час

**(Индивидуална задача)**

● Секој ученик да се присети на веќе гледан **документарен филм** или да се информира за да проследи таков вид филм.

● Потоа писмено да одговори на прашањата кои следат:

1. Наслов на филмот и темата која ја обработува (од науката, од секојдневието, од историјата и сл.)
2. Кратка содржина на филмот
3. Локации каде што е снимен филмот
4. Кои нови податоци (сознанија, личности, предели и сл.) ги научи од филмот
5. Твој коментар (критика, оценка) за филмот

● Подготовките ќе ги презентирате на часот и дискутирајте (коментирајте) за чуеното.

### Медиумско катче

● Со **документарните филмови**, на филмска лента се забележуваат (снимаат) настани од: **секојдневниот живот, историјата, природата, културата, спортот, науката** и др.

● Содржините на документарните филмови се **вистинити**, се **снимаат на лице место** каде што се одвиваат настаните.

● Овие филмови можат **да се споредат** со литеаратурното дело **расказ** зашто имаат **тема, ликови, содржина**. (Иако има и разлика меѓу нив.)

● **За разлика од играните филмови,** кои се снимаат **со претходна подготовка** за сè она што ќе се снима, документарните филмови се снимаат **на лице место** каде што се одвива настанот и не може **да се предвиди текот на настанот**.

● **Со следење** на документарните филмови **ги збогатуваме нашите сознанија** од сите области на живеењето.

# РАДИО И ТВ ЕМИСИИ

## Да ви биде појасно

● **Електронските медиуми, радиото** и **телевизијата,** се мошне популарни средства за информирање, забава и комуникација меѓу луѓето.

● **И двата медиуми секојдневно емитуваат програми составени од различен вид емисии:**

1. **Образовни**, кои обработуваат теми од кои слушателите и гледачите ги збогатуваат своите знаења од различни области (науката, техниката, уметноста и сл.).

2. **Информативни**, кои информираат за актуелни настани од земјата и светот.

3. **Забавни**, кои се осмислени да ги забавуваат луѓето, а такви се: музички емисии, хумористични, радио и ТВ драми и филмови, квизови, разговори во студијата и др.

4. **Детските** емисии обработуваат теми од животот на децата, а имаат различен карактер: музички емисии, квизови, забавни емисии, потоа емисии снимени во училиштата, образовни емисии и сл.

● Емисиите можат да бидат **снимени** или **директно** пренесувани на програмата.

● За изборот од радио и ТВ емисии, слушателите и гледачите **можат да се информираат** директно од медиумите и од дневните весници или од специјализирани списанија за радио и ТВ програми.

## Активности за наредниот час

● Од радио и ТВ програмата одберете емисии кои ќе ги проследите. Потрудете се тоа да бидат различни видови, според вашиот интерес.

● За часот имајте подготвено белешки кои сте ги воделе додека сте ја следеле емисијата и кои ќе ги презентирате (видот на емисијата, содржината, што те привлекло да ја слушаш или гледаш, оценка за неа и сл.).

# ДЕЛОВИ НА ПЕЧАТЕНО ДЕЛО
**(пасус, предговор, поговор, глава, том)**

## ❒ Подготовка за час

● Секој ученик да ја донесе на часот својата омилена книга.

● Наставникот исто така носи една (по можност и повеќе) книга во која се застапени гореспоменатите делови.

● Се остава време учениците да ги разгледаат книгите, од првата до последната страна, меѓусебе да поразговараат, да погледнат и од книгите на своите другарчиња.

● Се поведува дискусија што забележале во книгите, (деловите во нив и сл.).

## ❒ Подготовка за час

● Покрај тоа што книгите имаат: корици со наслов и автор, имаат страница за издавач, уредник и сл., имаат и други елементи.

● Литературните дела содржат и:

а) **пасус** – печатена целина од еден до друг нов ред;

б) **предговор** – дел кој е напишан со цел читателот да се упати во содржината на делото;

в) **поговор** – следи по крајот на содржината и е посебен текст во кој се дава оценка за делото, се анализира критички, а може да содржи и биографија за авторот, детали битни од животот на авторот кои влијаеле на создавање на делото;

г) **глава** – целина во содржината на делото која претставува заокружен дел на одредено случување. (Може да има поднаслови или главите да бидат обележани со бројки.)

д) **том** – делото може да биде составено од повеќе книги поврзани содржински во едно. (Пример: Сите народни умотворби собрани од Марко Цепенков се содржани во десет поединечни книги–томови.)

# РЕЧНИК НА НЕПОЗНАТИ ЗБОРОВИ

## А

**арен** – добар
**арслан** – лав (преносно: јак, силен, крупен)

## Б

**бадник** – гранче од даб
**бајраци** – знамиња
**бахчи** – градини
**баца** – бакнам
**бисер´т** – бисер
**боздугана** – старо оружје

## В

**вежди** – веѓи
**волно** – со воља (расположено, среќно)
**вруток** – извор

## Г

**газја** – вид масло
**глед** – поглед
**грошои** – стари пари
**гугувче** – младо од гугутка

## Д

**даљ (ми)** – дали
**дарои** – дарови, подароци
**даскал** – учител
**дека** – каде (што)
**доодиле** – се собрале
**дробнато** – ситен
**дур** – додека, дури да

## Е

**елегично** – тажно

## Ж

**живејачка** – живот

## З

**завет** – порака, ветување
**заптија** – (турски) полицаец
**зашчо** – зошто

## Ѕ

**ѕифт** – асфалт (да свети)

## И

**измеќар** – слуга
**искалија** – изградија, (воспитаа, израснаа)

## Ј

**јаз** – канал, прокоп (за вода)

## К

**кад´но** – госпоѓо
**кинисаа** – тргнаа
**корија** – шума
**коџа** – многу
**кукумјавко** – кука, се жали

## Л

**личота** – убавина

## М

**м´жиш** – мажиш
**меѓи** – граници
**модер (модар)** – темно син
**молкома** – молчеливо, тивко
**мотиче (мотика)** – алатка за копање

## Н

**наеза** – насилно влегување
**насрдила** – налутила
**наѕре** – ѕирне, види кришум
**ниет** – науми (помисли)
**нишан** – белег, обележје

## Њ

**њоња** – нејзино (дете)

## О

**одило** – одело
**ока** – стара мерка
**опинци** – вид обувки од свинска кожа
**оште** – уште

## П

**пасторка** – затекнато дете
**п´т** – пат; **п´ти** – пати
**пењушка** – дел од дрво (стебло)
**петлица** – копче
**поакикатна** – поспособна
**полози** – ожнеани делови од нива
**порив** – желба, поттик
**потполошка** – птица (вид)
**прај** – прави, чини
**прнар** – вид растение
**пули** – гледа

## Р

**рало** – средство за орање
**разигнирано** – помирливо
**руба** – облека

## С

**секнување (секнува)** – згаснува
**сипка** – вид птица
**срп** – алатка за косење
**стечам** – стекнам, спечалам
**стомна** – сад за вода
**с´тпнеме** – стапнеме, згазиме
**султан** – турски цар

## Т

**таејќи** – криејќи, скришно
**там´** – таму
**тараби** – дрвена ограда
**тије** – тие
**тланик** – место крај огниште
**т´прајам** – (те) правам

## Ќ

**ќерата** – погрдно обраќање
**ќутуци** – глупави

## У

**убост** – убавина

## Ф

**фесте** – вид капа

## Х

**хубаво** – убаво

## Ч

**чуждина** – туѓина
**чума** – болест (преносно: грдо обраќање)

## Ш

**шерет** – шегобиец
**шо** – што

## СОДРЖИНА


*ВОВЕД* ..... 3

**ЛИТЕРАТУРА** ..... 5

- БЕЛЕЗИ НА АВТОРСКАТА И НА НАРОДНАТА ПОЕЗИЈА ..... 7
- КЛАСИФИКАЦИЈА НА ЛИРСКИТЕ ПЕСНИ СПОРЕД МОТИВИТЕ ..... 7
- ПОИМ ЗА МОТИВ ..... 7
- ВИЗУЕЛНИ И АУДИТИВНИ ЕЛЕМЕНТИ ВО ПЕСНИТЕ ..... 18
- КОМПОЗИЦИЈА НА ПЕСНА ..... 19
- ВИДОВИ СТРОФИ ..... 19
- РИМА ..... 23
- ВИДОВИ РИМИ СПОРЕД АКЦЕНТОТ ..... 23
- СТИЛСКИ ФИГУРИ ..... 26
- ОНОМАТОПЕЈА ..... 26
- КОМПАРАЦИЈА (СПОРЕДБА) ..... 28
- МЕТАФОРА ..... 31
- ЕЛЕМЕНТИ НА ПРОЗЕН ТЕКСТ ..... 34
- ФАБУЛА ..... 34
- ТЕМА ..... 39
- ИДЕЈА ..... 42
- ФОРМИ НА РАСКАЖУВАЊЕ ..... 46
- РАСКАЖУВАЧ (НАРАТОР) ..... 46
- НАРОДНА ПРОЗА ..... 53
- МИТ ..... 53
- ЛЕГЕНДИ И ПРЕДАНИЈА ..... 55
- ОСНОВНИ ДРАМСКИ ВИДОВИ ..... 58
- КОМЕДИЈА ..... 58
- ТРАГЕДИЈА ..... 61
- СОВРЕМЕНА ДРАМА ..... 65
- РАДИОДРАМА ..... 68
- РАДИОДРАМА ЗА ДЕЦА ..... 68

**ЈАЗИК** ..... **71**

- ВАРИЈАНТИ НА СТАРОСЛОВЕНСКИОТ ЈАЗИК ..... 73
- МАКЕДОНСКАТА ВАРИЈАНТА ..... 73
- МАКЕДОНСКИ НАРОДНИ ГОВОРИ ..... 77

**ФОНЕТИКА** .......................................................................................... 80
ПОДЕЛБА НА СОГЛАСКИТЕ СПОРЕД НАЧИНОТ НА ОБРАЗУВАЊЕ ....... 80
САМОГЛАСНОТО **Р** .......................................................................... 82
СОГЛАСКИТЕ НА КРАЈОТ НА ЗБОРОТ ............................................... 83
АКЦЕНТ ................................................................................................ 86
АКЦЕНТИРАЊЕ НА СЛОЖЕНИТЕ ЗБОРОВИ И НА БРОЕВИТЕ .............. 86
ОТСТАПУВАЊА ОД ТРЕТОСЛОЖНОТО АКЦЕНТИРАЊЕ ........................ 88
**МОРФОЛОГИЈА** .................................................................................. 91
ИМЕНСКА ГРУПА ЗБОРОВИ: ИМЕНКИ, ПРИДАВКИ,
ЗАМЕНКИ И БРОЕВИ ............................................................................ 91
ЗАЕДНИЧКИ ГРАМАТИЧКИ КАТЕГОРИИ НА ИМЕНСКАТА ГРУПА
ЗБОРОВИ .............................................................................................. 92
ИМЕНКИ – ГРАМАТИЧКИ КАТЕГОРИИ ................................................. 95
ГРАМАТИЧКА КАТЕГОРИЈА РОД КАЈ ИМЕНКИТЕ
(ПРИРОДЕН И ГРАМАТИЧКИ РОД) ........................................................ 95
ГРАМАТИЧКА КАТЕГОРИЈА БРОЈ КАЈ ИМЕНКИТЕ ................................ 97
ВИДОВИ МНОЖИНА КАЈ ИМЕНКИТЕ ...................................................... 98
ГЛАГОЛИ – ГРАМАТИЧКИ КАТЕГОРИИ ................................................. 100
ГРАМАТИЧКА КАТЕГОРИЈА ВИД ........................................................... 100
ГРАМАТИЧКИ КАТЕГОРИИ КАЈ ГЛАГОЛИТЕ: ЛИЦЕ, БРОЈ И ВРЕМЕ .. 102
ПРИДАВКИ ........................................................................................... 105
ВИДОВИ ПРИДАВКИ И НИВНИТЕ ГРАМАТИЧКИ КАТЕГОРИИ ............... 105
СТЕПЕНУВАЊЕ НА ПРИДАВКИТЕ ......................................................... 107
БРОЕВИ – ГРАМАТИЧКИ КАТЕГОРИИ ................................................... 109
БРОЈНИ ФОРМИ ЗА ЛИЦА .................................................................... 110
ПРИБЛИЖНА БРОЈНОСТ ....................................................................... 110
***СИНТАКСА*** ........................................................................................ 112
ГЛАГОЛОТ ВО ЛИЧНА ГЛАГОЛСКА ФОРМА ВО ФУНКЦИЈА
НА ПРИРОК .......................................................................................... 112
РЕЧЕНИЧЕН ЧЛЕН: П Р Е Д М Е Т .......................................................... 115
РЕЧЕНИЧЕН ЧЛЕН: А Т Р И Б У Т ........................................................... 116
ЛЕКСИЧКО ЗНАЧЕЊЕ НА ЗБОРОВИТЕ .................................................. 118
РЕЧНИК И СТИЛ ..................................................................................... 118
ХОМОНИМИ ........................................................................................... 118
НЕОЛОГИЗМИ ........................................................................................ 120
ПРАВОПИС ............................................................................................. 122
ПРАВОПИСНИ И ИНТЕРПУНКЦИСКИ ЗНАЦИ .......................................... 122
ЗАГРАДИ ( ( ) ) ........................................................................................ 122
ЦРТА (ТИРЕ) ( – ) .................................................................................... 122
АПОСТРОФ (´) ........................................................................................ 123
ЅВЕЗДИЧКА (*) ....................................................................................... 123

**ИЗРАЗУВАЊЕ И ТВОРЕЊЕ** ........ 125
РАЗГОВОР ........ 127
РАСКАЖУВАЊЕ – ПРЕРАСКАЖУВАЊЕ ........ 130
ХРОНОЛОШКО И РЕТРОСПЕКТИВНО РАСКАЖУВАЊЕ ........ 133
ТРАНСФОРМАЦИЈА НА ДИРЕКТЕН ИСКАЗ ВО ИНДИРЕКТЕН И ОБРАТНО ........ 136
ОПИШУВАЊЕ (дескрипција) ........ 139
ОПИС НА ЛИК И ЛИЧНОСТ ........ 139
ОПИС НА ЛИК ........ 141
ОПИС НА ПРЕДМЕТ, НА ПРИРОДНА ПОЈАВА И НА ПЕЈЗАЖ ........ 143
ИЗВЕСТУВАЊЕ ........ 145
СООПШТЕНИЕ ........ 145
ВЕСТ ........ 146

**МЕДИУМСКА КУЛТУРА** ........ 148
ВИДОВИ ФИЛМОВИ СПОРЕД НАМЕНАТА И СПОРЕД СОДРЖИНАТА ... 151
АНИМИРАН ФИЛМ ........ 152
ДОКУМЕНТАРЕН ФИЛМ ........ 154
РАДИО И ТВ ЕМИСИИ ........ 155
ДЕЛОВИ НА ПЕЧАТЕНО ДЕЛО (пасус, предговор, поговор, глава, том) ........ 156
*РЕЧНИК НА НЕПОЗНАТИ ЗБОРОВИ* ........ 157

Снежана ВЕЛКОВА    Соња ЈОВАНОВСКА

**МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК**

**за VII одделение**
за деветгодишно основно образование

Лектура
Елена Тошева

Компјутерска обработка
Магна скент - Скопје

**Подготовка за печат - уредување**
**ПРОСВЕТНО ДЕЛО АД**
ул. Димитрија  Чуповски 15 - Скопје

**Печат:**
**Европа 92, Кочани**

**Тираж: 1.701 примероци**

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека “Св. Климент Охридски”, Скопје

373.3.016:811.163.3(075.2)

ВЕЛКОВА, Снежана

Македонски јазик за 7 одделение во деветгодишно основно образование / Снежана Велкова, Соња Јовановска. - Скопје : Министерство за образование и наука на Република Северна Македонија, 2020. - 162 стр.: илустр. ; 30 см

ISBN 978-608-226-413-4
1. Јовановска, Соња [автор]

COBISS.MK-ID 111849482